Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје
Филозофски факултет
Институт за социјална работа и социјална политика " Мајка Тереза"

Магистерски труд на тема:

# Системот на малолетничка правда и ефектите во заштитата на правата на децата во Република Македонија

Кандидат:
Фросина Тасевска

Ментор:
Доц. д-р Наташа Богоевска

Скопје, 2015

**ВОВЕД...........................................................................................................................3**

**I. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ НА МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО.......................9**

1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО.........................................................9
   1.1. Воспитна запуштеност..........................................................................................................12
   1.2. Општествена неприлагоденост и лошо поведение..........................................................13
   1.3. Деликвентно однесување......................................................................................................14

2. ЕТИМОЛОГИЈА НА ПОЈАВАТА НА МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА..............................................16
   2.1. Психолошки теории за појавата на малолетничко престапништво...................................17
      2.1.1. Теорија на интелегенција ..................................................................................17
      2.1.2. Теорија на неприлагоденост................................................................................18
      2.1.3. Психоаналитичка теорија....................................................................................18
      2.1.4. Теорија на фрустрација......................................................................................19
      2.1.5. Теорија на условеност........................................................................................20
   2.2. Социолошки теории................................................................................................................21
      2.2.1. Теорија на аномија.............................................................................................21
      2.2.2. Теорија на диференцијална асоцијација и диференцијална идентификација........22
      2.2.3 Теорија н апоткултура и контракултура...............................................................22
      2.2.4. Теорија на социјалниот интеракционизам...........................................................23

3. ФАКТОРИ ЗА ПОЈАВАТА НА ПРЕСТАПНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ ...........................................................24
   3.1 Карактеристики на личноста ..................................................................................................25
      3.1.1. Физички особини................................................................................................27
      3.1.2. Интелигенција....................................................................................................27
      3.1.3. Емоционални особини.........................................................................................28
      3.1.4 Социјалнми особини............................................................................................28
   3.2. Влијание на семејство............................................................................................................29
   3.3. Влијание на училишна средина.............................................................................................32
   3.4. Влијание на слободно време..................................................................................................33
   3.5. Влијание на медиумите..........................................................................................................34
4. ДЕЦА ВО РИЗИК ......................................................................................................................34
5. РЕСТОРАТИВНА ПРАВДА.........................................................................................................36
6. ПРИСТАПИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРОБЛЕМОТ НА МАЛОЛЕТНИЧКА ПРАВДА..............................39

**II. МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ НА ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА................41**

1. МЕЃУНАРОДЕН АСПЕКТИ НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ ..........................41
   1.1. Конвенција на ООН за правата на детето од 1989...............................................................43
   1.2. Стандардни минимум правила на ОН за спроведување на малолетничка правда (Пекиншки правила)........................................................................................................50
   1.3. Правила на ОН за заштита на малолетни лица лишени од слобода (Правила од Хавана)........................................................................................................54
      1.3.1. Постапување со малолетници кои се приведени.................................................57
      1.3.2. Управување со установи за малолетници.............................................................57
   1.4. Правила на ОН за спречување на малолетничка деликвенција („Ријадски правила”)....65
   1.5. Стандардни минимум правила за незатворски мерки (Токиски правила).........................69
   1.6.Насоки на Советот на Европа за правда за децата................................................................70
   1.7. Меѓународна обсерваторија за малолетничка правда ........................................................73
2. ПОЛИТИКИ И ПРОГРАМИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО..............................76
3. МОДЕЛИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО МАЛОЛЕТНИЦИ.............................................................................78
   3.1. Системот на малолетничка правда во Велика Британија.....................................................79
   3.2. Системот на малолетничка правда во Франција....................................................................82
   3.3. Системот на малолетничка правда во Германија..................................................................83

3.4. Системот на малолетничка правда во Словенија....85
3.5. Системот на малолетничка правда во Србија....85
3.6. Системот на малолетничка правда во Црна Гора....86

**III. НАЦИОНАЛНА ПРАВНА РАМКА ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА....88**

1. РАЗВОЈ НА ПОСЕБНО МАЛОЛЕТНИЧКО ЗАКОНОДАВСТВО....88
2. ПРОМЕНА НА ПОЛОЖБАТА НА МАЛОЛЕТНИТЕ СТОРИТЕЛИ ВО СИСТЕМОТ ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА....89
3. ОД СИСТЕМ НА МАЛОЛЕТНИЧКА ПРАВДА КОН СИСТЕМ ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА....91
4. НАЧЕЛА НА СИСТЕМОТ НА ПРАВДА НА ДЕЦАТА....98
5. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИ ПОИМИ ВО СИСТЕМОТ НА ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА....99
6. ПОСТАПУВАЊЕ СО ДЕТЕ ВО РИЗИК И ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКИ НА ПОМОШ И ЗАШТИТА....101
7. СИСТЕМОТ НА САНКЦИИ ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА И ПРЕКРШОЦИ....104
7.1. Воспитни мерки....104
7.1.1. Дисциплински мерки....105
7.1.2. Мерки на засилен надзор....107
7.1.3 Заводски мерки....109
7.2. Казнување на деца....111
7.2.1. Затвор за деца....111
7.2.2. Парична казна....112
7.2.3. Забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земјата....112
7.3. Алтернативни мерки....112
7.3.1. Условна осуда со заштитен надзор....113
7.3.2. Условно прекинување на водење на постапка спрема детето....113
7.3.3. Општокорисна работа....114
7.4. Мерки на безбедност....114
7.5. Санкции за прекршоци....115
7.5.1. Глоба....115
7.6. Санкции за полнолетни лица за кривични дела кои ги сториле како деца....116
7.7. Постапка за примена на мерки на одвраќање....116
7.8. Постапка на медијација....118
8. ПРОЦЕСНИ ГАРАНЦИИ....120
9. СУДСКА ПОСТАПКА....125
9.1. Поведување на постапка....127
9.2. Подготвителна постапка....128
9.3. Постапка пред Советот за деца....134
10. ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА - ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА И ДЕЦА СВЕДОЦИ....137
11. ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕТСТАПНИШТВО....140
12. АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ПРЕВЗЕМЕНИ ВО ОБЛАСТА НА ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА ВО ПЕРИОДОТ 2010-2014....141

**IV. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ....143**
1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО....143
1.1. Предмет на истражување....143
1.2. Цели и задачи на истражувањето....143
1.3. Хипотеза на истражувањето....144
1.4. Методологија на истражувањето....145
2. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО....146
2.1. Анализа на податоци за обемот и видот на кривични дела извршени од малолетни лица....146
2.2. Анализа на состојбата во системот за правда на децата....149
2.3. Анализа на институционалните капацитети за реализација на заводски мерки....157
2.4. Квалитативна анализа на податоците од Народниот правобранител....159
ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ....166
ЛИТЕРАТУРА....171

# ВОВЕД

Малолетничката деликвенција е сериозен проблем на современото општество со кој се справуваме. Сфатена како повреда на кривично-правните норми од страна на малолетниците и децата, малолетничката деликвенција претставува општествено негативна појава. Пропустите во воспитувањето на малолетниците во средината во која живеат, нужно доведуваат до одредени девијантни однесувања, кои достигнуваат горна граница кај повредата на оние општествени добра и односи кои се заштитени со позитивното кривично законодавство. Затоа навремената реакција на сите субјекти кои се грижат за општествената заштита на децата и младината, како и оние субјекти кои се грижат за сузбивање на малолетничката деликвенција, ќе придонесат првото јавување на еден малолетник да биде и последно. Но како проблемот на малолетничкиот криминалитет не е определен само со негативностите на личноста на малолетникот, туку и со промените на разни односи и состојби кои се испреплетени со оваа појава, треба да добијат пошироко општествено значење. Тоа е императив кој е наменет со посебниот општествен интерес на нашето општество во транзиција во врска со заштитата на младината кај нас, како и нејзина ресоцијализација.

Една општествена негативна појава како што е малолетничкиот криминалитет која се манифестира преку деликвентното и асоцијално однесување може сериозно да го загрози и наруши мирот и секојдневниот начин на живот. Насилничкото и криминално однесување, го загрозуваат нашето општество, па затоа секој општествено-политички систем настојува да воспостави механизми за што поефикасна заштита. Во таа смисла се изнаоѓаат нови средства, се воведуваат нови мерки, а по потреба се вршат радикални измени на законодавството на сите земји, и истовремено се врши и нивно усогласување со меѓународните и европските стандарди. Ова е пред се, бидејќи малолетниците се носители на општествениот прогрес, идна движечка сила на секое општество, па сосема е разбирливо што општеството е животно заинтересирано за подигање и воспитување на младата генерација.

Историски гледано, оваа појава постои уште од најнеразвиените општества, а со развојот на општествата претрпува одредени промени како на феноменолошки план така и во однос на причините кои ја предизвикуваат. Но во целина, насоката на овие промени се движи кон се позачестено манифестирање на ова однесување, кое е условено од се посложениот општествен живот, а со тоа и се посилното влијание на околностите кои го потикнуваат таквото однесување на младите *(Јашовиќ, 1988).*

Долго низ историјата на казненото право малолетниците биле казнувани на ист начин како и полнолетните лица. Криминолошкиот пристап кон малолетноста, тогаш кога малолетниците се јавуваат како носители на криминални активности, заостанувал зад реалните односи и проучувања на оваа проблематика, поради што и нивното влијание врз одредувањето на положбата на малолетните лица во казненото право отсуствува. Дури кон крајот на 19 век созрева свеста дека малолетничкиот криминалитет има одредени специфичности кои го одвојуваат од дејствата на полнолетните лица, и станува една од неизбежните теми на кривичните науки, а посебно на криминологијата која подоцна се издвојува како посебна наука. Првичните теоретски сфаќања укажуваат на потребата од посебен пристап спрема малолетниците кои се сторители на казнени дела (*Арнаудовски, 2008).*

Во почетокот на 20 век кривично-правната наука прави крупен чекор во дефинирањето на кривично-правната положба на малолетникот преку развивање на системот на воспитни мерки (санкции ослободени од репресивните елементи), воведување на малолетничките судови, посебна постапка за малолетниците. Во овој период, од особено значење се криминолошките истражувања кои деликвентното поведение го објаснуваат и го рангираат според неговата тежина и според последиците, врз основа на што настануваат теориите за девијантно, деликвентно, запуштено, престапничко поведение и воведувањето на терминот ,,малолетничка деликвенција,, кој придонесе, малолетничкото казнено поведение да го издвои од поимот малолетнички криминалитет како потежок облик на казниво поведение (*Арнаудовски, 2006).*

Феноменот на малолетничкиот криминалитет се почесто е предмет на научни истражувања. Во правото, силно продираат науките како што е медицината, психијатријата, психологијата, педагогијата, социологијата. Современите услови, напредокот на науката и техниката, како и политичките и општествените промени, на сосема нов начин ја одредуваат положбата на младата генерација, која во својот животен период на младоста минува низ тешки и длабоки промени за краток период. Како нови појави се уличните деца, децата кои страдаат од злоупотреба и запуштеност, ширењето на зависност од дроги и алкохолизам меѓу децата и младите.

Со цел да ја заштити и промовира добросостојбата на своите деца, Република Македонија останува доследна кон исполнувањето на меѓународните стандарди и обврски од меѓународните договори. Меѓународните документи за правата на човекот и посебно за правата на детето, укажуваат на потребата да им се посвети поголемо внимание на позитивните мерки кои подразбираат целосна мобилизација на сите можни начини и средства, вклучувајќи го семејството, училиштата и сите други институции во заедницата, со цел да се сведе на минимум потребата од правна интервенција, односно постапка пред судовите. На овој начин ќе се обезбеди делотворно, праведно и хумано однесување со детето кое се наоѓа во судир со законот.

Постапката за малолетниците треба да се разбере како составен дел на процесот на развој на секоја земја и на севкупната структура на правниот систем и на тој начин истовремено да се придонесе за заштита на младите и одржување на мирот во општеството. Секако овие правила треба да се применуваат во контекст на економските, општествените и културните услови во земјата, но треба да претставуваат визија на целосното остварување на правата на малолетните лица.

Квантитативните параметри на малолетничкото престапништво во последните години укажуваат на побрза динамика на пораст, потешки и поопасни облици на напад врз општествените вредности и добра, против животот и телото на луѓето, а во квалитативна смисла тоа содржи карактеристики на агресивност, организираност, зачестен рецидивизам-

повторништво. Во рамки на делата проследени со елементи на насилство, загрижува сé почестата употреба на огнено и ладно оружје, кое честопати малолетните деликвенти го употребуваат на јавни места, како што се училишта, автобуси, и слично, повредувајќи при тоа свои врсници, и со ваквото однесување се предизвикува чувство на страв и вознемиреност кај граѓаните. Загрижувачка појава е што малолетниците последниве години се јавуваат и како сторители на потешки разбојништва и на разбојништва во затворени објекти, каде најчесто делувале заедно со полнолетни лица, а при извршувањето користеле огнено оружје и тврди предмети и тоа најчесто при разбојништвата во куќи и станови. Современото малолетничко престапништво покажува значајна и тесна поврзаност со социо-патолошките појави: наркоманија, алкохолизам и проституција.

Актуелноста на проблемот за справување со деликвенцијата кај децата преставува предизвик на државата и институциите во решавањето на ова комлексно прашање. Потребно е да преземат напори во спроведувањето на превентивни механизми, каде доминанто место ќе имаат воспитните мерки, наместо казнувањето и лишувањето од слобода, со цел да се овозможи правилен развој на младите лица во периодот од малолетство кон полнолетство.

Во првиот дел, од овој труд, се разработени основните поими и дефинирање на малолетничко престапништво, за кое постојат многубројни сфаќања во правната, социолошката и другата литература. Потоа, се презентирани различните теоретски сфаќања и учења за појавата на престапништво кај децата и младите лица, влијанието и дејствувањето на најважните непосредни фактори кои го условуваат деликвентното однесување кај децата, дефинирање на децата во ризик, концептот на ресторативна правда, како и примената на различни пристапи за справување со проблемот на малолетничката правда.

Вториот дел, се занимава со меѓународните стандарди и принципи за правна заштита на децата во судир со законот, содржани во меѓународните документи на ОН: Конвенцијата за правата на детето, Пекиншките правила за спроведување на малолетничка правда, Хаванските Правила за заштита на малолетните лица лишени од слобода,

Ријадските Правила за спречување на малолетничка деликвенција, Стандардни минимум правила за незатворски мерки т.н.Токиски правила, како и Насоки на Советот на Европа за правда за децата. Исто така, во овој дел се прикажани и компаративни модели на системот на малолетничка правда.

Третиот дел, е посветен на решенијата воспоставени со новиот систем за правда на децата, разработени се одредбите кои се однесуваат на примената на мерките за помош при постапувањето со децата во ризик, системот на санкциите, условите за примена на воспитните и алтернативните мерки и казни, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат во постапувањето со деца во ризик. Исто така, се разгледуваат и процесните гаранции на децата во судската постапка, мерки за заштита на детето жртва на кривични дела, мерките за превенција на детско престапништво, како и другите законски решенија.

Во последниот истражувачкиот дел, се презентираат сознанијата добиени врз основа на ова теоретско истражување, кои се однесуваат на досегашните резултати и ефекти од примената на системот за правда на децата, со препораки за негово натамошно унапредување во функција на целосна имплементацијата на законодавната рамка и институционалните капацитети кои во центарот го поставуваат детето и неговите потреби.

# I. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ НА МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО

## 1. Дефинирање на поимот малолетничко престапништво

Проблемот со малолетничката деликвенција може да се разгледува низ повеќе научни дисциплини, како што се педагогијата, психологијата, социологијата и други, но социолошкиот аспект е најверодостоен. Имено, затоа што се смета дека социологијата, исто како и историјата, може да се наречат учители на животот, бидејќи зборува за реална слика на сегашноста, додека историјата ги опишува настаните кои се случиле во минатото, додека пак филозофијата ја опишува ситуацијата како би требало да биде.

Оваа појава како општествено неприфатливо однесување на младите во науката не е дефинирана на задоволителен начин, иако во литература наидуваме на голем број дефиниции, така што слободно може да се рече дека има толку дефиниции за овој поим колку што има автори кои се занимаваат со ова прашање. Од сите изрази во социлошката, криминолошката и правната литература најмногу се употребува терминот малолетничка деликвенција, односно деликвентно однесување на младите. И на овој странски израз сосема му одговара нашиот израз малолетничко престапништво односно престапничко однесување на децата и младите, кој широко се користи во нашата литература. Изразите престапништво односно деликвенција кои имаат синонимно значење, го нагласувааат основното својство на таквото однесување - престап, пречекорување на одредени стандарди на однесувањето, како и изразите млади и малолетници укажува дека се зборува за однесувањето на младите членови на општеството *(Јашовиќ, 1988).*

Колку што изгледа едноставно да се одреди категоријата на лицата што се сметаат за малолетни престапници, толку посложен станува делот

на дефиницијата со кој треба да се одреди видот на поведението што се смета за престапничко. Поимот малолетничко престапништво во својата содржина опфаќа голем број на поведенија на младите луѓе што од страна на општеството се одредуваат како негативни и неповолни: од непристојно, дрско, невоспитано однесување, до извршување на најтешки кривични дела. Исто така, малолетноста најчесто се одредува како период од животот на човекот во кој личноста се формира, но не е наполно формирана, кога созрева и кога не може реално и објективно да го сфати и објасни сето она што се случува околу неа, и да го усогласи своето однесување со важечките општествени норми, односно како личност која не е во состојба наполно правилно да оцени што е добро, а што лошо, што е допуштено, а што е казниво. Престапничкото поведение на младите претставува спротиставување на она што се создава во општеството, но истовремено е индикатор дека нешто не е во ред со општеството, дека не е во ред со развојот и воспитувањето на младината и со односите на општеството во целина.

Современиот развој на општеството, придонесе младата генерација за краток временски период да доживее измени во начинот на живеење, како што не доживеала ниедна претходна генерација. Таа претрпе многу брзи промени, повеќе знае, подобро живее, но и знае како се живее подобро, и се стреми кон тоа и на тој начин потребите на индивидуата и можностите на општеството е се поголем и во овој елан младата генерација може но и не мора да го сфати тоа. Токму овие нови услови на современ, модерен и динамичен живот ги наметнуваат битните карактеристики на малолетничкото престапништво: прво, тоа е во постојан пораст, второ, се јавува низ нови и потешки облици, трето, се јавува низ многу потешки видови криминал (убиства, разбојништва, силувања, кражби) четврто, тоа носи карактеристики на свирепост, грубост, бесчуствителност, петто, се почесто се јавува во организирани облици (банди, групи), шесто, престапите се немотивирани, и седмо, во него се повеќе учествуваат помлади лица (*Арнаудовски, 2006)*.

Престапништво се јавува како облик на конкретно поведение на поединецот, кое може да биде физичко и психолошко, активно или

пасивно. Без да се познава структурата на личноста и другите лични својства на индивидуата не може да се разберат механизмите на општественото влијание што дејствуваат самостојно и во поврзаност со личноста. Доколку се занемари оваа поврзаност и условеност на општествените и личните фактори, не би можеле да објасниме зошто одредени лица кои живеат во релативно еднакви социјални услови, едните се однесуваат деликвентно, а другите не. Поведението не е престапничко во однос на самата личност, туку во однос на општествените вредности и тој однос се утврдува во социјалните односи (*Арнаудовски, 2006)*.

Малолетноста од животниот развој на човечкото суштество се определува како фаза од неговиот развој во која тоа биофизички, психолошки, интелектуално не е созреано, нема стекнато животно и социјално искуство за да може да ги преземе врз себе одговорностите за себе и за другите, што ги наметнува животот. Малолетникот е личност во развој, фаза која е специфична за секој човек. Во кривично-правна смисла, малолетникот се определува како личност која поради својата несозреаност, неоформеност, не е во состојба да го сфати значењето на своите постапки, особено кога се работи за казнени постапки, и нема развиено свест, односно интелектуална созреаност за да го определи својот однос кон забранетото, да управува со своите постапки. А сето ова поради факот што за малолетникот се вели дека ,,се сака да има" и при тоа не е способен да ги одложи задоволувањата на своите потреби (*Арнаудовски, 2006)*.

Кај малолетниците мора да се води сметка за социјалниот контекст и за промените на системот на вредности што ги носи глобализацијата со себе, кои честопати претешко му паѓаат на младиот човек кој не може да си го определи сопственото место и да ја дефинира улогата што треба да ја има во системот со кој раководат возрасните. Раслојувањето, сиромаштијата и невработеноста се јавуваат како фактори кои се одразуваат на однесувањето на малолетниците, раѓаат револт кон системот кој не функционира, ја зголемуваат агресивноста и насилството, што честопати ескалира со криминално поведение. Од друга страна, ги имаме малолетниците од добро ситуирани семејства кои, пак со девијантното однесување го покажуваат револтот кон сопствените

родители кои во трката по пари, немаат време за сопствените деца на кои им се задоволени сите потреби, освен родителската љубов и внимание (*Бужаровска, 2006*).

Однесувањето на секој човек се поврзува со однесувањето на другите луѓе во општеството и предизвикува нивно одобрување или неодобрување. Прераснувањето на индивидуално поведение во општествена појава се утврдува тогаш кога се работи за поврзување на луѓето во група заради остварување на вакво поведение. Нивното поврзување и заедничко дејствување во насока на напад врз општествените вредности има без сомнение карактер на општествена појава *(Лукич,1976).* Ова од апсект на самата група не претставува престапничко однесување, туку од аспект на системот на општествени вредности и одредена општествена социјална култура.

Престапништво кај малолетните лица се изразува како општествена појава поради тоа што предизвикува негативни последици врз поединецот, врз општеството и неговите добра. Последиците што ги предизвикуваат овие поведенија од општествен аспект се сметаат за неприфатливи и штетни. Постојат повеќе термини со кои се означува оваа општествена појава: воспитна запуштеност, општествена неприлагоденост, лошо поведение, деликвенција и сл.

## 1.1. Воспитна запуштеност

Според првата група сфаќања, најчесто употребуван термин за означување на појавата на малолетничко престапништво е воспитна запуштеност. Според Скала *(Skala, 1959)* воспитната запуштеност има три степени: воспитна запуштеност, воспитна занемареност и малолетнички престапништво.

Додека, според втората група сфаќања се опфаќа само предделиквентната активност која што не е деликвенција во смисла на кршење на кривично-правните норми, туку воспитната запуштеност на децата е чекор пред деликвенцијата. Под овој термин се подразбира еден вид на зачестено девијантно однесување со таков интензитет што

негативно влијае на прилагодувањето на младите. Утврдено е дека лошото прилагодување на воспитно запуштените деца е последица на трајна, а во некои случаи и на длабока дисхармонија на односите помеѓу нивните личности и средината во која се наоѓаат.

Поимот воспитна запуштеност треба да се сфати само како запуштање, негрижа, занемареност на нешто или на некој. Тоа треба да значи лишување на младите од грижа и воспитување, што подразбира отсуство на свесно, насочено и целосообразно влијание врз нивниот развој и воспитување. Тоа е состојба во која младите запаѓаат несвесно и без своја желба. Таквото поведение е општествено условено и поради тоа претставува воспитен и социјален проблем за што бара и посебен општествен третман. Ова сфаќање се заснова врз социјалните, моралните и етичките обврски на родителите, општествените институции и органите надлежни за правилно воспитување, грижа и заштита на младите лица. Поради тоа, едно вакво поведение неможе да се изедначи со противопштественото поведение, бидејќи нема дете или малолетник кој во својот живот нема да стори нешто што не е во согласност со нормите на однесување. Така да воспитната запуштеност и не може да се однесува на други елементи, освен на лишеноста на младите од воспитување, грижа и заштита, но не и на други услови, иако таа самата зависи од одредени објективни и субјективни услови во кои младата личност живее, се развива и воспитува *(Арнаудовски, 2006).*

## 1.2. Општествена неприлагоденост и лошо поведение

Општествената неприлагоденост значи неуспех на одредена личност или група да се прилагоди на дадени општествени услови и односи, односно своите активности не може да ги усогласи со општествено признатите норми *(Брегант, 1968).* Оттука, овој поим нема некои предности пред другите поими или пред поимот воспитна запуштеност.

Под лошо поведение се подразбира секоја активност или држење на поединец или група што на било кој начин ги погаѓа животот, интересите, односите, добрата на другите луѓе или општеството *(Бечин,1968).*

## 1.3. Деликвентно однесување

Поимот деликвенција (*ital. delinque* – да згрешиш, да сториш кривично дело), опфаќа потежок облик на асоцијално, антисоцијално, социо-патолошко и криминално однесување, како што е кражба, намерно нанесување штета, пожар, престапи, девијантно однесување, хулиганство, разбојништво, крадење и возење на автомобил и мотор.

Поимот деликвенција може да се разгледува во потесна и поширока смисла. Во поширока смисла под овој термин се подразбира прекршување на општествените норми за кои со закон се предвидени казни, односно деликвенцијата претставува збир на однесувања на луѓето со кои се загрозуваат основните општествени норми и вредности. За дополнително објаснување на ова нарушување на однесувањето се користи дефиниција во потесна смисла, поточно под деликвенција се подразбирааат различните облици на девијантно и некомформистичко однесување на децата и малолетниците со кои се прекршувааат законските прописи од страна на малолетните лица, односно се подразбираат сите прекршоци на младите во кои спаѓаат физичко насилство, уништување на имоти, кражба, разбојништво, хулиганство, како и останати облици на девијантно однесување. Постојаниот бес, лутината, и повторувањето на неуспесите, кои доведуваат до агресија, а потоа и до деликвенција, бараат големо внимание од страна на средината и стручните лица, како и напорна работа за сузбивање на истите.

Делинквентот е личност кој ги изложува антисоцијалните однесувања со кои се прекршуваат моралните и кривично-правните норми. Во психолошка смисла, понекогаш под деликвентна личност се подразбира личност која има одредени специфични психо-социјални својства (пр. психопатија, агресивност, емоционална незрелост, намалена интелигенција и др.), кои предизвикуваат девијантни однесувања. Во кривично-правна смисла тоа е личност која извршува кривични дела. Најчести облици на деликвенција се асоцијални однесувања, различни обилици на прекршоци, имотни деликти, деликти против животот и телото. Кај деликвентите се препознаваат следните психопатски карактеристики:

егоцентричност, самопроценување, недостаток на одговорност, емоционална лабилност, агресивност, претежно се екстравертни личности и имаат нагласена потреба за забава, а поттик им се патувања и пари. Тие имаат повеќе негативни ставови спрема семејството, работата, училиштето и им недостасуваат мотиви кои бараат работа, дисциплина.

Сите облици на деликвентно однесување на младите може да се подведат под четири категории: дејствија насочени против интегритетот на други личности, дејствија насочени против поседувањето на материјални добра на другите, дејствија на повлекување, и дејствија на самоуништување. Постои и поделба која во облик на деликвенција вклучува: прекршување на кривично-правните норми, прекршување на прекршочните норми и на моралните норми.

Поимот на малолетничка деликвенција сепак мора да опфати некои елементи што се неопходни, односно треба да укаже дека се работи за малолетна личност и одреден вид поведение што општествено се вреднува како негативно.

Возраста на сторителот на кривичното дело или девијантното однесување е битен елемент на поимот малолетничка деликвенција. Овој елемент настанува како кривично-правна категорија на тој начин што ги одредува границите на малолетноста. Постои долна и горна граница на малолетноста. Тие што се под долната старосна граница се сметаат за деца и неподлежат на кривична одговорност.

Постојат три групи кривични законодавства при одредување на долната старосна граница:

- земји кои не ја одредуваат долната старосна граница (Белгија, Холандија, Шпанија идр.)
- земји кои немаат кривични закони и се раководат од Коранот (Јемен, Саудиска Арабија идр.)
- земји кои утврдуваат од 7 до 16 години. Најниска граница од 7 години возраст имаат: Бурма, Египет, Индија, Ирак, Сирија и др. На 9 години (САД, Израел, Јордан и др.), на 10 (Англија), на 11 години (Турција), на 13 години (Франција, Полска), а поголемиот број земји ја одредуваат

долната староснa граница на 14 години (Австрија, Унгарија, Романија, Бугарија, Италија, Норвешка и др.)

Во повеќето земји-членки на Европската Унија стапките на малолетнички криминалитет се зголемуваат правопропорционално со зголемувањето на стапката на невработеност и на сиромаштијата (*Pfeiffer, 1998*).

## 2. Етимологија на појавата на малолетничка деликвенција

Етимологија значи испитување на причините за одредени појави, односно истражување за тоа, зошто доаѓа до тие појави и зошто се случуваат на таков начин. Основен проблем на криминологијата е проучување на причините на криминалното и престапничкото однесување т.е. етиолошко објаснување на деликвенцијата како посебен феномен. Потребно е утврдување на корените, причините и другите детерминати на оваа појава во дадени социјални рамки. Тоа значи дека мора да се впуштиме во анализа на поврзаноста  на општествените процеси, и други појави во општеството, како и личните својства на деликвентите. Само на овој начин може да се обидеме да го објасниме процесот на  формирање на негативни својства на една личност. Етилошките сознанија се основа на целокупната политика на спречување и сузбивање на криминалитетот кај децата и младите, како и превенција на ваквите појави и ресоцијализација на индивидуите.

Етиолошкото подрачје на криминалитетот и деликвенцијата на младите претставува особено комплексна област, со што во развојот на човековата мисла се појавиле повеќе теории во насока на објаснување на овие прашања. Тие можат да се поделат на неколку групи: биолошки, психолошки и социолошки теории.

Првите антрополошки мисли ги среќаваме кај Платон кој правел разлика меѓу психолошките и „надворешните“ фактори како причинители

за појавата на криминалитетот. Антрополошката школа, за прв пат го свртува вниманието кон личноста. Најзначаен преставник на оваа школа е Ч.Ломброзо, кој според него покрај родениот злосторник кој може да се препознае, тој создава уште четири типа злосторници: епилептичен тип, деликвент од изобилство и страст, душевно болен деликвент, и случаен деликвент. Заедничко на сите овие им се аномалиите во психата и телото и во таа смисла сочинуваат во основа ист злосторнички тип. Развиени се и други теориски сфаќања кои се исто така биолошки, како што е ендокринолошката теорија, според која криминалитетот е израз на неурамнотеженост или нарушување во функционирањето на ендокрилните жлезди, потоа расната теорија, која во САД се заснова врз високите стапки на криминалитет на црнците, како и психопатолошката теорија кои ја имаат развиено психијатрите П.Деспин, М.Зилбоорд, Пинел и други, а која се заснова на менталните и емотивни нарушувања на карактерот како битни причинители на криминалитет. Овие теории биле критикувани и нивната неодржливост се состои во тоа што, нема сигурни докази дека некој носи такви наследни својства или биолошки карактеристики кои би довеле до криминалитет (*Милутинович, 1961).*

## 2.1. Психолошки теории за појавата на малолетничко престапништво

Психолошките теории поаѓаат од психолошкото растројство на личноста, но и поврзаноста со улогата што ја има во општествената средина. Како позначајни психолошки теориии се: теорија на интелигенција, теорија на неприлагоденост, психоаналитичка теорија, теорија на фрустрација и теорија на условеност.

### 2.1.1. Теорија на интелегенција

Ниската интелигенција, во минатото, честопати се третирала како основен причинител за криминалното престапничко однесување, бидејќи се сметало дека недоволно интелигентните не се во состојба да ја

разберат штетноста на своите постапки. Во минатото голем дел од истражувањата се фокусирале на интелигенцијата на деликвентите, и во таа насока се сметало дека дури до 50% од деликвентите се со ниска интелигенција. Сепак, поновите истражувања покажуваат дека нивото на интелегенција кај малолетните деликвенти не е секогаш или во најголем дел од случаите причина за појавата на престапништво. Имено, меѓу малолетните деликвенти и нивните врсници неделиквенти, разликите во степенот на интелегенција се незначителни и минимални. Некои автори како Фергусон, Бурт, Багота се обиделе да докажат дека ниското ниво на образование е причина за недоволната интелигенција. Недоволната образованост и интелигенцијата може да условат несоодветно оценување на разни животни состојби, и тогаш ваквите лица се под влијание на други. Меѓутоа, ова сепак не е доволен аргумент за да ниската интелигенција се смета како најбитен, а уште помалку како единствен фактор за деликвентното однесување *(Јашович, 1988).*

### 2.1.2. Теорија на неприлагоденост

Во однос на теоријата на неприлагоденост е распострането сфаќањето дека престапничкото однесување е резултат на неможноста поединците да се интегрираат, т.е. прилагодат на дадените општествени и социјални услови. Причините за неспособноста на прилагодувањето според Ди Тулио, Фаст, Фројд и други автори ги гледаат во психолошките својства во областа на емоциите, неспособност, незнаење или отсуство на воспитување *(Јашович, 1988).*

### 2.1.3. Психоаналитичка теорија

Постојат повеќе варијанти за псхиоаналитичката теорија, но за сите е заедничко дека поаѓаат од потствесните сили и нагони, сметајќи дека престапничкото поведение во основата се јавува како резултат од различни конфликти што се јавуваат како неконтролирано делување на овие психички сили. Основоположник на ова сфаќање е Зигмунд Фројд,

според кој личноста се состои од три дела. Првиот дел id (тоа) го сочинуваат вродените сили - инстинкти од кои потекнува целокупната енергија. Вториот дел ја нарекува его (јас) и ја сочинуваат мислењето, памтењето и набљудувањето. Третиот дел на личноста е супер его или „над јас" односно претставува систем од норми, принципи и вредности.

Меѓусебниот однос на сите овие три аспекти го одредува целокупното однесување на личноста. Во случај на потешки судири меѓу овие компоненти на личноста доаѓа до отстапување во поведението на личноста *(Рот, 1963).* Според оваа теорија, кај секој човек постојат вродени инстинкти со криминални тенденции. Доколку его, како свесна личност и суперего, како социјализирана личност, се поразвиени дотолку опасноста за извршување кривични дела и други престапнички однесување е помала. Сево ова се објаснува со развојот на личноста во различни фази од животот со особено значење на фазата на детството. *(Милутинович, 1969).*

### 2.1.4 Теорија на фрустрација

Агресијата, според теоријата на фрустрација се смета како последица на чувствата во постигнувањето на некои намери, стремежи или потреби. Агресијата значи е последица на фрустрација, како какви и да било пречки во постигнувањето на некоја цел (*Dallard, 1957).* Творци на оваа теорија се научниците од Јелскиот Универзитет Долард, Милер и др. Застапниците на теоријата на фрустрација се обидуваат да го покажат дејствувањето на разни фактори во правец на предизвикување фрустрација и агресија во вид на деликвентно однесување. Притоа тие ги земаат во предвид, како социјалните фактори - економски статус, занимањето, така и разните својства на субјектите на однесувањето - образованието, личниот изглед, физичките недостатоци, инвалидитет, џуџестиот или премногу високиот физички изглед и друго. Фрустрацијата не е единствен извор на агресија, а од друга страна, секоја фрустрација не е деструктивна, и често е насочена кон тоа да се постигнат општествено прифатливи цели. Затоа оваа теорија не може да се смета за доволно

сеопфатна како теоретска рамка за објаснување на малолетничкото претстапништво.

### 2.1.5. Теорија на условеност

Теоријата на условеност поаѓа од тоа дека деликвентите се емоционално нестабилни, екстравертни личности. Коренот на оваа нестабилност се гледа во нервниот систем и неговата способност за усогласување и формирање образец на однесување преку условените рефлекси. Екстравертните личности не се чувствителни на физички непријатности, но затоа се чувствителни на психолошки лишувања, односно кај нив постои физиолошка глад за стимулси, и поради тоа што нема стимулси, овие личности чувствуваат досада и поради тоа превземаат дејствија и се изложуваат на ризик. Поради ова, кај овие личности тешко се формира совест и стануваат криминалци.

Научни докази за точноста на оваа теорија нема, но овие сознанија можат да бидат од значење за ресоцијализација на малолетните престапници. Сите овие сфаќања кои преку психичките својства на деликвентите настојуваат да ги откријат причините за таквото однесување имаат влијание врз реализацијата на бројни емпириски истражувања во оваа област, а пред се однесува на психоаналитичкиот пристап и теоријата на фрустрација. Исто така, се истакнува значењето на пубертетските кризи, каде пубертетот е период на физичко и психичко созревање - период кога е изгубена претходната, а сеуште не е постигната новата емоционална рамнотежа во која доаѓа до кризи и немири, и претставува поволна основа за манифестирање на престапнички облици на однесување. Треба да се има во предвид дека во периодот на пубертетот како нормална појава во процесот на развојот и формирањето на младата личност, добива социјално-патолошкиот израз во неповолните социјални, воспитни и други услови *(Јашович, 1988).*

## 2.2. Социолошки теории

Социолошките теории се јавуваат како спротиставување на оние теории што причините ги бараат во личноста на сторителот на делото-ендогени фактори, т.е. фактори од општествена природа, социјалните фактори-егзогените фактори. Како најзначајни теории се спомнуваат: теорија на аномија, теорија на диференцијална асоцијација и диференцијална идентификација, теорија на поткултура и контракултура и теорија на социјалниот интеракционизам.

### 2.2.1. Теорија на аномија

Диркем, како најзначаен претставник на теоријата на аномија, дава едно од највлијателните социолошки објаснувања на деликвентното однесување *(Dyrkheim, 1960).* Тој поаѓа од ставот дека основата на криминалитетот се наоѓа во самата природа на општеството, општествената средина, и е резултат на влијанијата меѓу луѓето и општеството, и така тргнувајќи од овој општ постулат, ја развива теорија на аномија, која во нарушувањата на општествената рамнотежа ги гледа причините за криминалното однесување. Имено, како резултат на брзи општествени промени и кризи, доаѓа до општествена нерамнотежа, каде нормите и вредностите исчезнуваат и настанува безаконие, неред, и општеството станува фрагментирано и во него делуваат само поединци кои живеат за себе, одделно во еден простор без обврски.

Вториот преставник на оваа теорија Мертон, смета дека причина за девијантното однесување е односот меѓу општествените цели и можностите тие да се остварат. Оваа теорија ја применува во објаснувањето на причините за деликвентното однесување на младите од ниските општествени слоеви, кои поради немање на доволни материјални средства за реализирање на своите цели доаѓаат во состојба на аномија и ги кршат законските норми *(Merton, 1965).*

Аномична личност се утврдува како личност „без иднина и без минато со чувствување морална празнина". Еден од застапниците на ова

сфаќање L.S.Srole, развил посебна скала за мерење на аномијата на личноста, која е користена при истражувања на малолетничката деликвенција. И покрај своите предности во однос на психолошката и другите теории, сепак теоријата на аномија е ограничена.

### 2.2.2. Теорија на диференцијална асоцијација и диференцијална идентификација

За творец на теоријата на диференцијална асоцијација и диференцијална идентификација се смета Е.Сутхерланд *(Sutherland, 1995)* кој тргнува од основниот став дека криминалното однесување се стекнува, односно учи преку интеракција со други лица при комуникацијата. Значи криминалното однесување не е наследно, туку е производ на диференцијалната асоцијација со криминалните и некриминалните норми. Ова учење во најголема мера се остварува во блиски лични групи (семејство, група врсници и сл.) и природно до такво учење доаѓа ако во групите на кои припаѓаат поединците, преовладува престапничко однесување. Според тоа, диференцијалната асоцијација ја сочинуваат две сили кои дејствуваат спротивно - престапничка и антипрестапничка, и доколку преовлада престапничката тогаш доаѓа до криминално однесување.

Оваа теорија Д.Гласер, ја преиначува како диференцијална идентификација, бидејќи една личност се однесува престапнички доколку се идентификува со ликови кои одобрувааат или самите вршат инкриминирани дејствија *(Glaser, 1956)*.

### 2.2.3. Теорија на поткултура и контракултура

Во американската криминологија постои сфаќање за теорија на поткултура и контракултура. Под поткултура се подрабираат разликите помеѓу културите во однос на општата култура на едно општество. Деликвенцијата настанува поради неможноста на пониските класи да ја прифатат културата на средната класа, односно е условена од нискиот

социјален статус на децата од работничките семејства. Во класното општество, при што Кохен го има во предвид американското општество, културата на средната класа се наметнува како доминантна култура на која и служи целиот систем, како и системот на воспитување и образование. На тој начин доминантната култура инсистира на сопствените вредности како што се - успех, економска независност, углед, напредување во професионалното образование, односно вредности кои се недостижни за припадниците од пониското социјален статус. Малолетникот од пониското слој ги трпи влијанијата од својата класа и од нив не може да се ослободи, бидејќи неговата класа која е оптоварена со проблемите на егзистенција, не ги почитува општите норми и правила. Криминалното однесување е резултат од незадоволството, фрустрацијата и отфрлање на општата култура *(Cohen, 1961)*.

### 2.2.4. Теорија на социјалниот интеракционизам

Теорија на социјалниот интеракционизам се разликува од другите социолошки теории, бидејќи смета дека криминалното однесување се јавува преку интеракција меѓу оние што се однесуваат девијантно и оние што го регулирааат општественото однесување. Интеракцијата се одвива меѓу оние кои се однесуваат девијантно и оние кои реагираат на ова однесување оценувајќи го како криминално. Општествените групи кои имаат моќ врз основа на привилегирана положба во политичкиот и економскиот живот, остваруваат доминантно влијание во областа на културата, правото и другите области од животот. Тие од своја позиција ги дефинираат како девијантни однесувањата кои не се во согласност со нивните интереси и сфаќања. Според тоа, изворот на деликвентно однесување се наоѓа во процесот "на интеракција меѓу лице кое извршило кривично дело и оние кои реагираат на тоа дело" *(Јашович,1988)*.

## 3. Фактори за појавата на престапничко однесување

Појавата на малолетничкото престапништво етимолошки се објаснува со различни теории кои причините ги наоѓаат во психолошките и социолошките фактори. Сепак, во практичната реализација на човековите активности причините за појава на малолетничко претстапништво најчесто се лоцираат во клучните агенси на детското опстојување. Не можеме да зборуваме за анализа на појавата и карактеристиките на малолетното пртестапништво, доколку не ја земеме во обзир средината во која децата се раѓаат, живеат и постигнуваат соодветно ниво на биолошка, социјална и емоционална зрелост. Во таа насока, посебно внимание се посветува на влијанието на семејството, училиштето, слободното време, околината, медиумите. За сите овие фактори е карактеристична динамиката на нивната заемна поврзаност и заедничко делување.

Причини за појавување на овие видови нарушувања на однесувањето се од круцијално значење за помош при отстранување и сузбивање на истите. Токму тоа претставува причина, зошто при дефинирање на престапништвото се водат многубројни расправи и полемики. Евидентно е дека неможе да има само една, поточно невозможно е да постои само еден вид на причини, иако во поранешните теории се забележани и вакви толкувања. Сепак, кога зборуваме за причини кои доведуваат до појава на малолетни престапници, всушност станува збор за еден цел комплекс на причини како и многубројни причинско-последични врски, односно согледување на сплет на околности од биолошко-психолошко-социјален аспект.

Во современиот свет е прифатено мислењето дека не постои т.н "вид на престапник", туку дека деликвентот е обично дете, без разлика на полот, кое претставува производ на својата средина и влијанието на истата врз неговата личност, односно. комбинација на надворешни и внатрешни фактори.

Надворешни причини за деликвенција првенствено претставува влијанието на социјалните фактори на развој на личноста.

Социјализацијата се рефлектира во континуирана промена на однесувањето на социјалните фактори.

Фактори на социјализација се: семејството, училиштето, врсниците, медиумите, како и културата и социјални системи. Сето ова има огромно влијание врз текот и развојот на личноста. Учење врз база на контакти со други луѓе ја содржи следната група на содржини на социјално учење: знаењето, вештините, обичаите, начинот на живот, мотивациите, ставовите и општо прифатените норми кои се карактеризираат како правилни од страна на општеството. Социјалното учење може да формира и негативни особини на личноста ако факторите и изворите на социјализација се неисправни.

Покрај стандардните причини, кои го поттикнуваат еден малолетник, криминалитетот секогаш има свои специфични корени кои се поврзани за некоја културна и општествена средина. Најголемо влијание на општествената девијација на младите имаат семејството, училиштето и друштвото. Негативното влијание на комбинација на овие три фактори доведува до деликвентно однесување на лицата помлади од 18 години.

## 3.1. Карактеристики на личноста

Формирањето на личноста првенствено се одвива во семејството, кое претставува прво и основно место во кое поединецот се запознава со условите на општествено - културниот живот, кои му ги одредува средината во која се развива како личност. Семејството претставува заедница во која развојот на личноста се реализира низ сложен процес на социјализација, како и индивидуализација, врз основа на што детето ќе стане самостојна личност која се развива наспроти културното наследство и општествениот живот, кое пред се го запознава во своето семејство.

Развојот на секој поединец претставува постојан процес кој се одвива од самото раѓање до зрелоста, односно низ целиот период на неговиот живот. Научните истражувања покажуваат дека децата во различни возрасти покажуваат т.н. општи форми на развој, според кои секое временско доба се разликува од претходното.

Растењето е динамичен процес, а особено младоста е таков период од животот во кој поединецот се соочува со различни проблеми и задачи кои му предстојат во животот. Ова е е еден од најинтензивниот и емотивен период кој се карактеризира со стекнување на знаења и усвојување на различни навики, мислења, вредности и ставови. Едно од најголемите барања е изградбата на својот сопствен идентитет и барањето на одговори на бројни прашања.

Почетоците на асоцијалност може да се јават во најраните фази од животот. Физичките и психичките особини на децата, пред да започне пубертетот, влијаат на откривање на девијантно однесување, а најосетлив период на емоционално созревање е секако перидот на адолесценција, во која секоја фаза се карактеризира со одредени психички карактеристики.

Врз развојот на секој поединец влијаат три меѓусебно поврзани фактори: наследните особини, средината, активноста на поединецот. Овие фактори влијаат на формирањето на личните карактеристики на секој поединец. Се смета дека децата деликвенти се социјално, емоционално и интелектуално незрели личности. Од овие три облици на незрелост најмногу се дава на значење на емоционалниот дел. Незрелоста во однос на емоцијата настанува како последица на протест спрема средината и фрустрациона толеранција, која прераснува во постојано чувство на несигурност која може да доведе до анксиознст.

Социјалниот облик на незрелост е во тесна врска со овие емоции, на што укажува дека малолетните деликвенти сето она што го сакаат, го сакаат веднаш и на начин кои самите си го замислиле, и доколку не им се исполни ова, почнуваат да се однесуваат агресивно и стануваат фрустирани. Интелектуалната незрелост, т.н. помала интелегенција на овие деца во споредба со другите деца е лабилен аргумент и како теза се истакнува дека постои голема веројатност помалку интелигентните деца да бидат фатени, додека оние со просечна и надпросечна интелегенција сеуше не се фатени.

### 3.1.1 Физички особини

Кога се зборува за физичките особини на малолетните деликвенти, прво треба да се истакне дека не постои битна разлика помеѓу нив и останатите деца. Физички овие деца не се разликуваат многу од останатите деца, односно малолетните престапници во споредба со другите деца не се разликуваат во однос на висината и тежината. Малолетните деликвентни не се физички инфериорни во споредба со останатите деца. Се наведува дека поголем дел од овие деца имаат прележано детски болести како што се сипаници, стомачни болести, дишни и други болести, што најверојатно се одразило на нивниот развој и школување. Според ова, физичките разлики не се одлучувачки за појава на престапништво кај децата.

### 3.1.2. Интелигенција

Ниската интелигенција може да влијае посредно на појавата на деликвенција кај децата бидејќи овие личности потешко се социјализираат, имаат потешкотии при учењето, најчесто го напуштаат училиштето, и се неуспешни на работното место. Исто така, овие деца, многу лесно може да подпаднат под влијание на другите, особено ако единствени пријатели им се воспитно запуштените деца. Има големи несогласувања помеѓу научниците во однос на користењето на различни тестирања на популацијата. Разни истражувања покажуваат дека 50% до 75% од деликвентите се деца со намалена интелегенција, додека поновите истражувања покажуваат дека повеќето малолетни деликвенти и воспитно запуштени деца, имаат просечна интелигенција од 70% до 90%, а дури 10% до 20% од деликвентите се со надпросечни можности и способности. Повеќето малолетни деликвенти имаат просечна интелегенција, а и самата интелегенција не е пресуден фактор за појавата на малолетничка деликвенција.

### 3.1.3 Емоционални особини

Според мислењето на психолозите, емоционалните проблеми се главна причина за појавувањето на малолетничкото проблематично однесување. По прашањето за физичките, интелектуалните и социјалните особини на деликвентите, мислењата на стручните лица се поделени, но кога станува збор за емоционални особини најголем број го застапува и го истакнува мислењето дека малолетните деликвенти се емоционално незрели личности кои се одликуваат со неможност за контролирање на емоциите во однос на социјалното барање. Тоа се деца кои сакаат веднаш да го остварат она што сакаат и не се во можност да ги одложат своите барања. За нормалните адолесценти битен е хармоничен развој на личноста и успешно прилагоден однос со средината. Третманот со емоционално незрели деликвенти е тешка работа и не ретко е случај да станат душевно болни, посебно ако имаат тешки животни услови. Емоционалната незрелост и нестабилност на овие деца се манифестира преку разни облици на неадекаватно емоционално однесување (агресивност, постојано противење, честа раздразливост, неспослушност, бес и др.) Честопати се случува да бидат во ситуација поради пари или да се докажат пред друштвото, да бидат приморани да лажат и крадат. Истражувањата покажуваат дека при извршување на кривични дела овие деца чувствуваат постојан страв и напнатост која предизвикува дополнителна нервоза. Со постојано повторување на принудената нервоза, дисхармоничен развој на личноста и неприлагоден однос со средината, често резултира со потешки и полесни форми на ментална болест, поради што работата со деликвенти е исклучително тешко, а резултатите се често слабо, скоро никакви.

### 3.1.4. Социјални особини

Во поглед на социјалните особини се поаѓа од претпоставките дека малолетните деликвенти се социјално незрели личности. Некои од психолозите сметаат дека сите деликвенти кои ќе прекинат со

школувањето и кои се неуспешни за професионално оспособување и работа, се социјално незрели личности. Многу деликвенти манифестираат изразено импулсивно, немирно агресивно или деструктивно однесување. Во своите антисоцијални ставови најчесто во односите со авторитети, се тврдоглави, незадоволни и нерасположени од се, склони се да мразат и пркосат на секого.

Доколку деликвентите се вклучат во здрава средина и работат тоа што ги интересира може да постигнат одлични резултати и да бидат социјално успешни личности. Ова всушност подразбира дека се зависи од нашето прифаќање и подавање на пријателска рака на деликвентите. Клучно е фокусот од дисхармоничниот однос со надворешната средина да се насочи кон преиспитување на способностите, интересите и склоностите на малолетните деликвенти за професионално оспособување. Исто како и своите врсници, најдобро можат да постигнат напредок и резултати само во областа која ги интересира. Според ова може да се заклучи дека социјалните особини се важни, но не и клучни, бидејќи можат да се менуваат врз основа на горенаведеното.

## 3.2. Влијанието на семејството

Семејството како општествена заедница има обврски и функции кога се во прашање младите, нивниот развој и формирање. Развојот на детето е примарно во семејството, поради што семејството е првиот фактор кој влијае врз развојот на идната личност, и може да предизвика двостран ефект во поглед на развојот, формирањето и запознавањето со животот на младиот човек. Покрај обезбедувањето материјални и други објективни услови за живот на младите, семејството се јавува како една од примарните општествени групи во кои се одвива процесот на воспитување и социјализација на младите, поврзувајќи го примарниот семеен свет на своето семејство во светот надвор од семејството и обратно. Овие функции можат да се остварат само ако постојат функционално адекватни семејни заедници. Спротивно на ова, семејствата во кои доаѓаат до израз различни елементи на функционална дезорганизација стануваат центар на

девијантни притисоци, кои се манифестираат и преку престапничко однесување на младите членови.

Кога е во прашање современото семејство треба да се има во предвид влијанието на општеството во процесот на трансформирање од патријахална во нова општествена заедница. Сите процеси на модернизација на семејството доведуваат до промена на општествената улога на семејството, воспоставување на поинакви семејни односи меѓу родителите и децата. Сето ова има значење за развојот и социјализација на младите во рамки на семејната група, но се јавуваат две противречности кои негативно се одразуваат врз воспитувањето на младите. Првата е условена со одредено заостанување во процесот на осовременување на семејството - се задржуваат старите конзервативни семејни односи наспроти модернизацијата на општеството, со што се кочница за развој на младите. Втората противречност се состои во намалувањето на семејната воспитна функција во услови кога институциите на општеството не се подготвени успешно да ги надополнат елементите на традиционалната семејна функција. Односно родителите побрзо се ослободуваат од одредени воспитни обврски, отколку што е подготвено општеството да ги превземе *(Јашович, 1988)*.

Клучно е да се утврди кои негативни елементи и појави придонесуваат за нарушувања на семејството, кои прават тоа да биде несреќно, немоќно да обезбеди формирање на здрави комплетни млади личности. Целосното семејство претставува предуслов за негово адекватно функционирање. Нормалното семејство претставува значаен фактор во превенција на девијацијата, а особено деликвенцијата кај младите членови. Кај таквите семејства е впечатлив хармоничниот и здрав живот. Додека од друга страна, негативен ефект даваат семејствата кои се наоѓаат во тешки материјални услови, семејни кавги, алкохолизам, проституција, дрога, и поради тоа не се во состојба да вршат контрола над однесувањето на детето. Нарушувањата во составот и структурата на семејството влијаат негативно на неговото нормално функционирање, и делуваат негативно врз развојот на младите. Пред се, се мисли на нецелосноста на семејството, големиот број на деца, единец, ниско

образование на родителите и сл. Меѓутоа, најнегативно влијание врз социјализацијата на младите преставува разореноста на семејството. Нецелосното семејство може да биде предизвикано од различни последици како што е смртта на еден родител, развод, одвоено живеење на родителите. Следно, добрата материјална состојба ја овозможува воспитната функција на семејството, за разлика од оние родители кои се презафатени со тешките материјални услови и не се во состојба да посветат доволно внимание на воспитување на децата. Меѓутоа, ни добрата финансиска положба на семејството, не е гаранција дека нема да дојде до девијантно однесување на младите. Тие можат да станат разгалени, мрзливи, неодговорни, им се јавуваа чувства на досада и вентил бараат преку асоцијални постапки. Резултатите од различни истражувања покажуваат дека престапниците во нашето општество се регрутираат како од сиромашните така и од богатите семејства. Пресудно влијание на формирање на личноста има семејството, поточно родителите, односно раното детство ја одредува личноста на возрасниот човек. Во прилог на ова зборуваат и податоците кои потенцираат дека разводот, вонбрачно дете, ниско образование, како и лошата здравствена состојба на родителите, сиромаштијата имаат пресудно значење во воспитната запуштеност и престапништвото на децата. Животот во таква средина секако остава длабока трага во развојот на поединецот и има негативни последици на формирање на неговата личност бидејќи семејството, а превенствено родителите, треба да бидат основна, безусловна и најбитна поддршка на детето.

Генерално, семејниот контекст е поврзан со социо-материјалната фрустрација и сиромаштијата. Девијантното однесување на малолетниците е на некој начин поврзано со финансиската состојба на родителите. За родителите кои имаат ниски примања, на она што обично се надоврзуваат и останатите животни тешкотии, да се биде родител не е ни малку лесна задача. Немањето на финансиски средства и материјалната анксиозност преставуваат одреден спелт на причини кои доведуваат до семејни конфликти. Вниманието на родителството е пренасочено кон прашањата за опстанување во животот, при што кај

детето се формира психолошко чувство на исклученост од средината, физичките и емоционалните ресурси на родителството се намалуваат, а критериумот на образовни методи се намалува. Сиромаштијата не е единствениот, ниту главната причина што води кон овој проблем, но постои јасна врска која покажува дека условите на социјална сиромаштија имаат значително влијание врз изразувањето на деликвентното однесување. Уште една од причините за лош семеен фактор се физичките и психичките болести на родителите, како и отсуство на родителска топлина. Животот во ваква средина, како и присуство на овие фактори, остава длабока трага во развојот на пооединецот и има негативни последици на формирање на неговата личност. Овие малолетници, подоцна откако ќе пораснат се соочуваат со тешкотии во создавањето на поединечни односи, и тешко ги контролираат емоциите. Се јавува недостаток на способност и мотивација за напредување во школувањето, и се создава нарушен систем на вредности *(Јашович, 1988)*.

### 3.3. Влијание на училишната средина

Училиштето како организирана специјализирана институција за образование и воспитување на младите, е значаен фактор за подоготвка на младите за чесен, активен живот во општествената заедница. Затоа одредени недостатоци или слабости на училиштето доведуваат до појава на престапи кај младите, односно училиштето се јавува како причина за настанување на деликвентното однесување. Поради неисполнување на целите на растење, морално издигнување, развивање на културни, работни и други својства се јавуваат девијации во однесувањето на малолетници кои се под влијание на овие негативни особини. Недоволно обучените наставници, застарените методи, конфронтизам во споредба со стариот метод, може да придонесе за развој на деликвентно однесување. Треба да се имаат во предвид материјалните, хигенските и кадровските состојби на училиштето. Натаму, имаме преобемност на образовната програма и се остава мал простор за воспитната задача и улога на училиштето. Во оваа насока влијаат и лошите меѓусебни односи во

училишната средина, лошиот однос на наставниците спрема одредени ученици, кои доведуваат до разни фрустрации со кои младите не можат да се справат. Разни нерешени конфликти на учениците негативно се одразуваат и врз нивниот однос надвор од училиштето. Познати се случаите каде младите прават престапи од желба за одмазда, за лична афирмација и самопотврдување. Субјективноста во оценувањето на знаењата и други неправилности кое училиштето ги нанесува на учениците претставуваат сериозна пречка во нивното успешно интегрирање во училишниот живот, ги отуѓуваат од него, создаваат чувство на омраза спрема се што се случува во него *(Јашович, 1988)*.

## 3.4. Влијанието на слободното време

Слободното време на младите претставува значаен фактор во воспитувањето и доколку тоа не е добро организирано и насочено кон развивање на одредени способности кај младите како што се спортот, уметноста, ќе стане време на досада, мрзеливост и погоден простор за злоупотреба на слободното време кое се манифестира со асоцијални облици на однесување. Отсуството на општествена грижа на младите да им се обезбедат услови за организирано поминување на слободното време, се причина за неформално организирање на групи со престапничка ориентација *(Јашович, 1988)*. Познато е дека кафаните, кафулињата, баровите и слични објекти ги има во се поголем број, и мрежата на овие објекти го потиснува и го загрозува просторот потребен на институциите со културен карактер како што се бибилиотеките, клубовите, и други собиралишта на младите луѓе. Би требало да постои барем минимална загриженост тоа што младите го поминуваат своето драгоцено слободно време во такви места за разонода и забава, во кои доаѓаат до израз негативни стимуланси со криминогено значење (многу е мал процентот на лица кои не консумираат алкохол).

### 3.5. Влијанието на медиумите

Средствата за масовна комуникација како што се интернетот, телевизијата, радиото, печатот, филмот, преставуваат силни фактори на влијание врз современиот човек. Преку нив се пренесуваат информативни, едукативни и забавни соржини, кои ја развиваат личноста и му овозможуваат слободното време да го исполни со содржини кои можат да го разонодат и рекреираат. Во овој фактор може да се вклучат и влијанието на денешното општество, алкохолизмот, дрогата, негативно влијание од улица. Живеејќи во современо општество, општество на развиена комуникација, децата имаат неселективен пристап до информациите од преголема експанзија на насилство на ТВ до порнографија. Исто така, во фазата пред пубертетот, многу тинејџери се во потрага на својот идентитет, па затоа преку гледање на филмови, серии, претпочитајќи одредени познати личности и имитирањето на истите, исто така доведува до негативно дејствување врз децата, бидејќи кај многу т.н. јунаци од екранот пронаоѓаме симптопатично однесување, кое подоцна преку имитација децата го прифаќаат.

## 4. Деца во ризик

Сите деца имаат право да растат во околности што не ги изложуваат на ризик од судир со законот. Според Драјфус *(Drayfoos, 1990)* во ризик треба да се опишат деца кои не се развиваат во одговорни возрасни личности. Според Димитријоска, *(Димитријоска, 2008)* терминот деца во ризик последниве години станува основен термин со кој се опишуваат деца и млади кои се соочуваат со разни проблеми кои претставуваат закана за нивниот развој. Односно, терминот во ризик се користи за опишување на деца и млади кои се изложени на стрес, сиромаштија, злоставување, смрт на родители, училишен несупех, емоционални проблеми во адаптација.

Конвенцијата за правата на детето наведува дека на сите деца треба да им се почитуваат правата во смисла на имање адекватен животен стандард, висок здравствен стандард и пристап до здравствена заштита, пристап до добро образование, заштита од сите форми на физичко или душевно насилство, повреда или злоупотреба, и од економска или сексуална експлоатација. Како такво, законодавство треба да гарантира дека ниедно дете или младо лице не треба да биде предмет на сурови или деградирачки поправни или казнени мерки дома, на училиште или во некоја друга институција.

Децата во судир со законот се сеуште пред се деца и не ги губат своите човекови права, вклучувајќи го правото на посебен третман и заштита, на образование, на здравје. Во промоцијата на политики кои ги почитуваат човековите права на младите сторители, се истакнува дека на никаков начин со тоа не се запоставени правата и грижата за жртвите на детскиот криминал, кои мораат да добијат соодветен надомест и поддршка од државата. Исто така мора да се истакне фактот дека децата се многу почесто жртви на криминал, отколку сторители *(ENOC, 2006).*

Современите услови на живеење доведоа до појава на категорија деца кои системот за социјална заштита ги дефинира како групи изложени на ризик. Терминот „ризична група" ги означува децата кои како резултат на околностите во кои живеат се под особен притисок да го прекршат законот и да бидат вовлечени во системот на малолетничка правда (*УНИЦЕФ, 1999).*

Децата во ризик може да бидат во ситуации во кои:

- се на улица или имаат нестабилна средина на живеење;
- се здружуваат со постари, криминални врсници или имаат членови на семејството во кривично-правниот систем;
- се вклучени во проституција или трговија со луѓе;

За нив е исто така најверојатно дека доаѓаат од проблематична средина и дека имаат доживеано една или повеќе форми на злоупотреба. Таквата злоупотреба може да вклучи запоставување, физичка злоупотреба, психичко-емотивна злоупотреба и сексуална злоупотреба. Постојат и докази кои сугерираат дека искуството со семејно насилство во

домот е фактор на ризик за младите кои вршат кривично дело. Особено внимание треба да се посвети на превентивните политики кои ја олеснуваат успешната социјализација на сите деца. Меѓутоа, токму децата кои се изоставени од овие општествени структури имаат најголема потреба од помош. На пример, оние што го напуштаат училиштето или на друг начин не го завршуваат образованието имаат поголема веројатност од ризик од оние кои одат на училиште. Фокусот на превентивните програми треба да бидат ранливите деца кои се изоставени од таквата социјална заштита.

## 5. Ресторативна правда

Концептот на ресторативна правда добива своја форма во документите на ОН - Декларацијата за основните принципи на ресторативна правда донесена од Економскиот совет јули 2002 година, како и XI Конгрес на ООН одржан во Банког 2005 година. Кога едно лице ќе изврши кривично дело, тој или таа ја оштетуваат заедницата како целина, како и секоја поединечна жртва. Кривично-правните системи кои се насочени кон казнување прават малку за да ги утврдат овие штети. Тие исто така често не успеваат да ги идентификуваат или утврдат проблемите и ситуациите кои го навеле сторителот да го стори криминалното дело.

Основното начело на ресторативната правда, е дека истата ги промовира концептите на правда, репарација и рехабилитација, наспроти оние на казнување и е насочена кон решавање на конфликтот и надоместување на предизвиканата штета, во поголем број ситуации преку поттикнување на оние кои ја предизвикале штетата, да ги сфатат и прифатат ефектите кои ги предизвикале со стореното дело, давајќи им можност за надоместување на предизвиканите последици. Исто така, на жртвите им дава можност да се утврди претрпената штета и повреди и да остварат соодветна надокнада. Програмите за ресторативна правда се насочени кон остварување на овие резултати, преку поттикнување на лицата засегнати од извршеното дело, вклучувајќи ги тука и жртвата и

сторителот, да поразговараат за она што се случило и да дојдат до еден заеднички договор во врска со најсоодветната санкција или последица. Иако санкционирањето е еден од аспектите и на ресторативната правда, акцентот во постапката се става врз надоместувањето на штетите и повредите предизвикани со делото, заздравувањето на жртвата или заедницата и обезбедувањето целосна реинтеграција на сторителот *(УНИЦЕФ, 2010).*

Според дефиницијата на ООН *Ресторативен процес е секој процес каде жртвата и сторителот, како и други поединци или членови на заедницата кои претрпеле некакво влијание од делото, активно и заеднички учествуваат во разрешувањето на сите прашања, кои произлегуваат од стореното дело, вообичано со помош на лице во својство на посредник.со помош на лице во својство на посредник.*

Ресторативната правда, на начинот на кој истата е дефинирана од страна на УНОДЦ, се заснова врз следниве идеи:

- Секој одговор на стореното дело треба во најголема можна мерка да ја надомести штетата или повредите претрпени од страна на жртвата(ите).
- На лицата одговорни за стореното дело треба да им се укаже дека таквото агресивно однесување е неприфатливо и да ги сфатат последиците кои ги претрпеле жртвата и заедницата.
- Сторителот може и треба да преземе одговорност за она што го има сторено.
- Жртвите треба да ја одиграат сопствената улога во правосудниот систем и да добијат можност да ги искажат сопствените потреби и грижи и да учествуваат во процесот на одредување на најдобриот начин на кој сторителот може да ја надомести предизвиканата штета.
- Заедницата има одговорност да даде свој придонес во правниот процес.

Ресторативната правда може да биде особено ефективна во рамките на системот за правда на децата. Поради постојаниот психолошки развој на детето, мерките на ресторативна правда е поверојатно да имаат

големо влијание на малолетниот престапник, притоа обезбедувајќи и важен образовен аспект. Таа претставува еден широк концепт кој може да биде применет во текот на предсудската постапка, пред изрекување на казната, по донесување на пресудата со прогласување на вина, како и во ситуации вон правосудниот систем (како на пример, за разрешување конфликтни ситуации во училиштата или со децата во ризик).

Според Арнаудовски, *(Арнаудовски,2008)* ресторативната правда се јавува како алтернатива на класичното казнување и алтернатива на редовното судско постапување. Кривичното дело не се гледа како повреда на правната норма која повлекува казнување, туку пред се како социјален однос, настан во меѓучовчките односи кој предивикал негативни последици, настан со кој се нарушени меѓучовечките односи во една заедница во која треба и мора да се живее во односи што постојано се нарушуваат, но и се усогласуваат. Тоа е концептот на социјалната политика како најдобра и најуспешна криминална политика. Ресторативниот концепт подразбира нов систем на санкции односно алтернативни санкции, ослободени од ретрибутивност и репресивност. Овој концепт воведува неформлни санкции, остварување на непосредна комуникација помеѓу сторителот на делото и жртвата, а во извршувањето на мерките, социјалната превентивна димензија се нагласува преку органите на социјаланта заштита, кои со методи на „социјално дело" методи за луѓе кои се нашле во „нужда" го разрешуваат настанатиот судир со усогласување на социјалните односи и комуникации и разрешување на судирот *(Van Ness, 2005)*.

Ресторативноста подразбира преиспитување на облиците на институционалниот третман на малолетните лица со проширување на ангажманот на локалната заедница на потесен и поширок план, со спроведување на проекти за менување и подобрување на условите за живот, развој, ангажман на младата генерација. На потесен план ресторативноста подразбира создавање на институции во кои младите ќе ја доживеат својата социјализација во согласност со вредностите и нормите во заедницата, оставајќи го малолетникот и тогаш кога ќе стори казнено дело во својата средина во која се чувствува сигурен и заштитен. На поширок план, локалната

заедница треба да развива ангажман на помош и заштита на семејството во коешто се појавиле проблеми со малолетникот, како и јакнење на воспитната функција на училиштето. Низ овие институции е неопходно да се обезбеди брза и благовремена реакција на зедницата и институциите на криминалното поведение. Учеството на локалната зедница подразбира нејзин ангажман во создавањето на услови за правилен развој, воспитување, заштита, живеење во безбедност и благосостојба на младата генерација, но исто така подразбира развиена комуникација со институциите и средината во која живее и се развива младата личност, која се формира во творечка личност, пред се со семејството, училиштето, спортските, забавните и други институции во кои престојува малолетникот и кои му создаваат услови за забава, разонода, но и правилна ориентација во животот *(Арнаудовски,2008).*

## 6. Пристапи за справување со проблемот на малолетничка правда

Пристапите на користење различни третмани, се интервенции, кои се дизајнирани со цел, да го зајакнат однесувањето кое води кон социјализација. Поконкретни видови на пристапи на третман се:

- индивидуална терапија;
- контрола на лутината и гневот;
- решавање проблеми;
- модификација на однесувањето;
- групна терапија;
- мултисистемска терапија; и
- индивидуализирано планирање.

Мултисистемската терапија претставува интензивна семејна програма за третман, заснована во заедницата, која се фокусира на сите аспекти од животите на хроничните и насилни малолетни сторители – на нивните домови и семејства, училиштата и наставниците, соседствата и пријателите. Терапевтите одат на местото каде се наоѓа детето и

дежураат 24 часа дневно, седум дена во неделата. Тие интензивно работат со родителите и лицата кои се грижат за децата, со цел, да се воспостави контрола над нив. Терапевтот работи заеднички со лицата кои се грижат за детето, за да адолесцентот постојано биде фокусиран на училиштето и стекнувањето работни вештини. Терапевтот и лицата кои се грижат за детето, го запознаваат детето со убавините на спортот и рекреативните активности, како алтернатива која може да го замени празното шетање наоколу.

Мултисистемската терапија се докажала дека функционира и дава позитивни резултати, дури и со најпроблематичните деца. Таа претставува мешавина на најдобрите клинички третмани – когнитивната терапија за однесувањето, обуката за контрола на однесувањето, семејните терапии и психологијата на заедницата, за да на тој начин се справи со оваа категорија на население.

После 30 години истражувања и 18 студии, мултисистемската терапија и понатаму го докажува следново:

- Успева да ги задржи децата во нивните домови;
- Ги задржува децата на училиште;
- Ја намалува стапката на нивно повторно апсење;
- Ги подобрува меѓусебните односи во семејството и неговото функционирање;
- Ги намалува психијатриските симптоми кај адолесцентите;
- Ја намалува употребата на дрога и алкохол меѓу адолесцентите.

# II. МЕЃУНАРОДНИ АСПЕКТИ НА ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА

## 1. Меѓународно правната заштита на децата во судир со законот

Во втората половина од 20 век по Втората светска војна, со развивање на концептот за гаранција и заштита на слободите и правата на човекот преку документите на ООН се равива нов концепт врз теоријата *„parens patriae"* според кој државата треба да развие систем на заштита, за грижа, воспитување, мерки за контрола над малолетниците и моделот на благосостојба. Како резултат на влијанието на документите на ООН, како и на Советот на Европа, малолетничкото казнено право и положбата на малолетникот во него предизвика нови активности во насока на градење на посебен систем на казнено право, ослободен од ретрибуција и од репресија, а поставен врз концептот на моделот на благосостојба и моделот на малолетничка правда (*Арнаудовски, 2006).*

Меѓународно-правната заштита на правда на децата се заснова врз следните основни премиси:

Првата премиса, е дека одредени права и слободи се вродени на секое човечко суштество и му припаѓаат без оглед на било какви природни својства. Основните слободи и права со кои се гарантира неповредливоста на човековиот физички, психички, морален и социјален интегритет подеднакво им се признати на децта како универзални човекови права. Тие за децата имааат посебно значење, бидејќи обезбедуваат елементарни претпоставки за нивниот опстанок и развој.

Втората премиса, е поврзана со посебните карактеристики својствени за статусот на малолетството (чуствителност, ранливост, зависност од возрасните) и потребите (помош и насочување во процесот на развојот) поради кои децата во поголема мера се изложени на повреди. Со оглед на социјалниот статус се јавуваат специфични облици на загрозување на нивниот интегритет, и оттука се јавува потребата нивните

услови на живот и развој да се заштитат со посебно формулирани права *(Обретковиќ, Мршевиќ, 1996)*.

Третата премиса, е поврзана со продирањето на меѓународното право во внатрешното, национално законодавство со цел да гарантира минимални цивилизациски стандарди и да ја афирмира правдата. Оттука тенденцијата за надминување на внатрешнатата надлежност на државата во насока на воспоставување на меѓународни обврски и меѓународен надзор во однос на доследна реализација на нормите вклучени во националното законодавство *(Василијевиќ, 1991).*

Во областа на правдата за малолетници постојат неколку основни меѓународни документи, донесени од страна на ООН:

- Стандардни минимум правила на ООН за спроведување на малолетичка правда, Пекинг, 1985 (Пекиншки правила);
- Конвенција за права на детето, усовена од страна на Генералното собрание на ОН на 20 ноември 1989;
- Насоки на ООН за превенција на малолетничка деликвенција, Ријад, 1990 (Ријадски насоки);
- Правила на ООН за заштита на малолетни лица лишени од слобода, 1990 (Хавански правила);
- Стандардни минимум правила на ООН за мерки за незатварање (Токиски правила).

Наведените инструменти освен Конвенцијата за правата на детето се необврзувачки или условно обврзувачки кои помагаат во имплементацијата на обврзувачките меѓународни инструменти. Потребата од постоење на посебна меѓународна правна рамка во однос на малолетниците се должи на нивната потреба за специјална заштита и внимание, нивната ранливост, разликите меѓу нив и возрасните, односно определбата за посебна, засилена заштита и развој на малолетниците со отстранување на сите ризични фактори на тој развој, принципот дека на детето со оглед на физичката и психичката незрелост, потребна му е посебна грижа и заштита *(Бачановиќ, 2002).*

## 1.1. Конвенција за правата на детето

Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации како најшироко прифатена Конвенција предвидува широк спектар на детски права и ги обврзува државите потписнички, да ги штитат истите, односно преставува договор за човековите права во којшто се утврдени граѓанските, политичките, економските, социјалните, здравствените и културните права на децата.

Конвенцијата за права на детето е ратификувана од страна на Република Македонија уште во 1993 година. Државите се должни, на редовна основа, да доставуваат извештаи во однос на имплементацијата на овие права до Комисијата за правата на детото, која пак потоа изготвува „Завршни наоди", во однос на конкретната состојба со овие права во земјата. Комисијата за правата на детото има издадено уште 13 дополнителни „Општи коментари", кои содржат подетални толкувања на некои од детските права содржани во Конвенцијата. Од нив, Општиот коментар бр. 10 (2007) се однесува на третман на деца во конфликт со законот. Конвенцијата за правата на детето заедно со останатите документи Обединетите Нации претставуваат систем на решенија со кои на нов начин се решава положбата на децата и малолетните лица, тогаш кога се јавуваат како сторители на казнени дела и надлежните органи на прогонот спрема нив ќе покренат казнени постапки. Конвенцијата генерално го дефинира детето како секое човечко суштество кое не навршило осумнаесет години од животот, освен ако врз основа на законот на одредена земја полнолетството не се стекнува порано.

Со Конвенцијата се поставуваат основните постулати врз кои се гарантира и дефинира оставрувањето на правата на детето како: грижа и заштита на детето, се во интерес на детето, помош и контрола, посебни права на детето кои го обезбедуваат неговиот правилен развој, правата на детето жртва на казнен чин или постапување на органите на државата, обезбедување на малолетничка казнена правда, процесни гаранции, доследна примена на начелото на легалитет и начелото на легитимитет во примената на присила од кој било вид од страна на органите на државата,

посебен систем на санкции, создава нови простори за дефинирањето на казнената одговорност на малолетниот сторител на казнено дело.

Конвенцијата се осврнува на специфичните потреби и права на детето и им налага на државите да дејствуваат во најдобар интерес на детето. Овој пристап е различен од пристапот на обичајното право којшто се среќава во многу земји, коишто порано се однесувале со децата како со своја сопственост или движен имот, и понекогаш за нивната сопственост се расправало и во семејни спорови. Суштинските материјално правни одредби за правата на детето се содржани во првиот дел (чл.1-41), вториот се однесува на механизмите и инструментите за извршување на обврските преземени од страна на државите членки на оваа Конвенција за која цел е формиран Комитет за правата на детето (чл.42-45), и третиот дел се однесува на формалните обврски и услови во врска со пристапувањето кон Конвенцијата со нејзино потпишување (чл.46-54).

Во Конвенцијата се внесени три суштински иновации: Прво, таа ги воведува правата на „учество" на децата, на што се надоврзува правото на децата да бидат информирани за нивните права. Второ, содржи прашања што порано не биле предмет на некој меѓународен инструмент, како што е правото на рехабилитација на децата жртви кои страдале од различни форми на суровост и експлоатација, како и обврската за власта да преземе мерки за запирање на традиционалните практики штетни за здравјето на децата. Трето, Конвенцијата вклучува принципи и стандарди кои дотогаш постоеле само во необврзувачките текстови, особено оние кои се однесуваат на посвојувањето на малолетничката правда *(Ортаковски, 2002).*

Со Конвенцијата се потврдува дека секое дете има одредени, основни права, вклучувајќи го правото на живот, правото на сопствено име и идентитет, правото да биде одгледан/а од своите родители во семејство или културна заедница, како и да одржува врска со двајцата родители дури и ако тие се разделени. Според Конвенцијата, државите се обврзани да им дозволат на родителите да ги извршуваат своите родителски обврски. Исто така, Конвенцијата го признава правото на децата да ги изразат своите мислења, како и тие мислења да бидат слушнати и да се

постапува по нив онаму каде што тоа е соодветно, потоа да бидат заштитени од злоупотреба или експлоатација, нивната приватност да биде заштитена, односно се налага да нема прекумерно мешање во животите на децата. Конвенцијата ги обврзува државите-потписнички да им обезбедат одделно правно застапување на децата во секаков судски спор, во однос на грижата за нив и бара во таквите случаи да биде ислушано мислењето на детето. Според Конвенцијата, смртната казна за деца е забранета.

Комитетот за правата на детето во Општиот коментар бр.8 од 2000 година изјави дека: Сите држави-страни во Конвенцијата имаат обврска да дејствуваат брзо за да ги забранат и укинат сите телесни казни и сите други сурови или понижувачки форми на казнување деца. Во член 19 од Конвенцијата се вели дека државите-страни во Конвенцијата мораат „да ги преземат сите соодветни законодавни, административни, социјални и образовни мерки за заштита на детето од сите форми на физичко или ментално насилство", но во него не се споменува телесната казна.

Таа ги предвидува следните процесни гаранции: *презумција на невиност, правото на информирање и одбрана со помош на бранител, правото на фер и непристрасно судење, правото на молчење и на предлагање на сведоци во своја одбрана, право на жалба, право на преведувач и право на заштита на приватноста во сите фази на постапката* (чл.40).

Во однос на децата лишени од слобода, изречно се забранува детето да биде подвргнато на мачење или друга свирепа, нехумана, понижувачка постапка или казнување, вклучително и да му биде изречена смртна казна или доживотен затвор, а во чл.37(ст.1) се содржани и следните принципи:

- правото да не биде лишено од слобода на незаконит или арбитререн начин;
- принципот според кој лишувањето ќе биде применето како последна можна мерка и во најкус можен рок;

- правото да биде третирано хумано и со почитување на човековото достоинство и на начин со кој се уважуваат потребите на неговата возраст;
- правото да биде одвоено од возрасни лица, освен кога се смета дека тоа не е во негов интерес;
- правото да контактира со членовите на своето семејство;
- правото да му биде овозможен брз пристап кон правна и друга помош;
- правото да ја побива законитоста на лишувањето од слобода пред надлежен, независен и непристрасен орган;
- принципот на итност на постапката.

Најефективното средство за намалување на бројот на деца во судир со законот е превенцијата. Генералниот коментар бр.10 на Комитетот на Конвенцијата за правата на детето привлекува внимание врз потребата земјите да ја разгледаат превенцијата кога го решаваат прашањето на детски криминалитет, наведувајќи дека *„политиката за малолетничка правда без низа мерки наменети за превенирање од малолетничка деликвенција страда од сериозни недостатоци“*. Ова, затоа што спречувањето на криминалот е подобро за децата, нивните семејства, заедници и општеството во целост *(УНИЦЕФ 2010)*. Повеќето деца во ризик од судир со законот обично се смета дека имаат потреба од грижа и заштита.

Појдовна позиција на Конвенцијата е дека на правата на децата им посветува посебно внимание поради:

- *Посебната ранливост на децата* (емоционална, физичка и психолошка), и зависно од возраста, децата можат да бидат помалку способни да се заштитат од повредите на нивните рпава, или да бидат во понеповолна положба за да ја побараат заштитата што им стои на располагање. Одделни ситуации или услови можат да бидат поопасни за децата отколку за возрасните, (на пр. вооружени конфликти, трговија со луѓе, лишување од слобода). Поради тоа потребни се алатки за да се задоволат потребите на оваа ранлива група.

- *Постоење комплекс на посебни права*. Децата имаат права кои се поврзани исклучиво со тоа што се деца. Некои од овие специфични права се поврзани со повредите на кои се изложени, пред се децата. Посебни права се: правото на детето на развој, правото да биде со совите родители, право на посебна заштита и помош од државата, физичко и психичко закрепнување и социјална реинтеграција.

- *Потребата од посебна заштита*. Децата имаат потреба од посебна грижа и внимание поради интензитетот на спостениот физички, интелектуален и психички развој, Конвенцијата ја потенцира потребата од спојување на семејството, влијанието на медиумите, потреба од највисоко ниво на здравствена и медизинска заштита и на рехабилитација *(Најчевска, 2008)*.

Базичните принципи на Конвенцијата се дефинирани во следните четири членови:

- *Недискриминација* (чл.2) - „сите права се однесуваат на сите деца... без дискриминација од каков било вид". Забраната од дискриминација е посебно поврзана со ранливоста на одделни групи деца (девојчиња, деца со посебни потреби, во посебни услови на живеење);

- *Партиципација* (чл.12) - за да се одреди што е најдобар интерес на детето, неопходно е да се сослуша гласот на детето и неговите ставови да бидат сериозно сфатени. Да се слушне мислењето на детето не значи тоа и задолжително да биде решавачко за решавање на проблемот;

- *Опстанок и развој* (чл.6) - треба да бидат овозможени до највисок можен степен;

- *Најдобар интерес на детето* (чл.3), според кој децата се рамноправни како и возрасните:

- во сите активности кои се однесуваат на децата од примарно значење се интересите на детето, без оглед дали ги спроведуваат јавни или приватни институции за социјална заштита, судови, и други тела;
- државите членки се обврзуваат на детето да му обезбедат заштита и грижа што е потребна за негова добросостојба;
- државите членки се грижат институциите, службите и установите кои се одговорни за грижа или заштита на децата да бидат во согласност со

стандардите што ги утврдиле надлежните органи, посебно во областа на сигурноста, здравјето, бројот и способноста на персоналот, како и стручниот надзор.

Возраст на кривична одговорност. Согласно меѓународните стандарди за човекови права, децата смеат да се апсат само доколку се на возраст за кривична одговорност. Членот 40 од Конвенцијата за правата на детето бара од државните страни „да утврдат најмала возраст под која ќе се смета дека децата не се способни да извршат кривично дело". Оваа најмала возраст значи дека децата на или над најмалата возраст на кривична одговорност во времето на извршувањето на делото (или прекршување на кривичниот закон) може формално да бидат обвинети и да подлежат на постапките од кривичниот закон. Конвенцијата за правата на детето не утврдува најмала возраст на кривична одговорност. Како резултат од тоа, постои широк опсег на најмали возрасти на кривична одговорност низ светот, почнувајќи од 7 па се до 18. Во некои земји постојат и две најмали возрасти на кривична одговорност со дополнителна оценка за утврдување на зрелоста. Оценката на ваквата зрелост се остава на судот или судијата, често без да се бара да се вклучи експерт психолог. Со ова системот со две најмали возрасти може да стане конфузен и да остави преголема дискреција во рацете на судот или судијата, што може да доведе до дискриминаторни дејствија.

Општиот коментар бр. 10 дава дополнителни насоки и препораки во однос на најмала возраст на кривична одговорност, според кој: „Најмалата возраст на кривична одговорност под возраста од 12 години Комитетот ја смета за меѓународно неприфатлива. Државните страни се охрабруваат да ја покачат нивната пониска најмала возраст на кривична одговорност на возраст од 12 години како апсолутно најмала возраст и истата да продолжат да ја покачуваат на повисоко ниво. Истовремено, Комитет ги поттикнува државните страни да не ја снижуваат нивната најмала возраст на кривична одговорност на возраст од 12 години."

Општ коментар бр. 10 исто така вели дека секое лице на возраст под 18 години во времето на наводното извршување на делото мора да се

третира согласно правилата за малолетничка правда. „Се препорачува државите страни коишто ја ограничуваат применливоста на нивната малолетничка правда на деца на возраст од 16 години (или пониско), или кои допуштаат по пат на исклучок 16 или 17-годишните деца да се третираат како возрасни престапници, да ги променат своите закони во насока на остварување на недискриминаторна целосна примена на, малолетничката правда на сите лица на возраст под 18 години. Комитетот го цени сознанието дека некои државни страни допуштаат одредбите од малолетничката правда да се применуваат на лица на возраст од 18 години или повеќе, обично до возраст од 21 година, или како општо правило, или по пат на исклучок."

Одредување на возраста. Со цел да се утврди дали детето е на возраст на кривична одговорност, треба да се одреди неговата возраст. Не е невообичаено за децата да не се свесни за својата возраст и датумот на раѓање. Во некои случаи, дури и родителите на тие деца не се во можност да дадат детали во однос на истото.

Децата треба еднакво да се третираат. Државите треба да ги преземат сите неопходни мерки за да се осигураат дека децата коишто припаѓаат на расно, етничко, религиско или јазично малцинство, домородните деца, женските деца, децата инвалиди и децата кои во повеќе наврати биле во судир со законот, се третираат еднакво. Особено внимание мора да се обрне на дискриминацијата и нееднаквоста коишто можат да произлезат како резултат на недостиг од доследна политика. Ранливите групи на деца, како што се деца на улица и сексуално експлоатирани деца е поверојатно да дојдат во допир со законот, поради недостаток на надзор, средства за опстанок, и поради социолошки предрасуди. Полицијата мора да обезбеди овие деца да се третираат соодветно како жртви и да им се понуди подеднаква грижа и почит како и на другите.

Правото на детето на правно застапништво е втемелено во меѓународните стандарди, вклучително и Конвенцијата за правата на детето. Штом ќе се упаси или ќе се стави во притвор, службеникот кој го врши апсењето или надлежното службено лице мора веднаш да го

известат детето за неговото или нејзиното право на одбрана, бесплатен правен совет, како и правна помош во судството.

## 1.2. Стандардни минимум правила на ООН за спроведување на малолетничка правда („Пекиншки правила")

Пекиншките правила се основни правила кои се однесуваат на спроведување на малолетничката правда, односно содржат минимум меѓународно прифатени услови за третман на малолетници што се во конфликт со законот. Оваа правила ги вклучуваат прашањата како што се малолетнички судови, возраста на кривична одговорност, кривично гонење на малолетните лица, казнена политика и стандарди за малолетници во случај да се затворени. Според Пекиншките правила, под поимот малолетник се подразбира дете или младо лице кое може да одговара за сторен прекршок.

Систематизирани се во 6 дела посветени на: 1) општи принципи; 2)истрага и поднесување на кривична пријава; 3) разгледување на случајот и донесување одлука; 4) рехабилитација надвор од установите; 5)сместување во институција; 6) планирање на правилата и процена. Овие правила истакнуваат дека малолетничката правда треба да се разбере како составен дел на секоја земја и на тој начин да придонесе кон заштита на младите и одржување на мирот во општеството *(Камбовски, Велкова, 2008)*. Посебно е посветено внимание на процесните гаранции на децата или на младите лица и како што се: итноста на постапката, правото на формална одбрана, примена на начелото на опортунитет, користење на постапката, користење на притворот само како последно средство.

Во однос на изборот на санкцијата утврдени се следниве принципи: а) на малолетникот не може да му се изрече смртна казна за било кое дело, ниту пак телесна казна; б) санкцијата треба да одговара на тежината на делото, но и на личните прилики и потребите на малолетникот; в)ограничувањето на слободата е последно средство за тешки дела на насилство или повтор, ако не постои друга алтернатива; г) наместо

институционален третман предност треба да имаат различни алтернативни мерки на надзор, пробација, работа во корист на заедницата итн.

Во секој контакт со детето треба да се води сметка за неговите права и да се избегнува нанесување повреда. Со овие правила се констатира дека тука може да спаѓа и груб јазик и физичкото насилство. Истото, може да значи и било каква повреда што детето ја трпи од контактот со законот сам по себе. Затоа, со правилото 7 се зацртуваат сите основни мерки на заштита што треба да постојат за децата во сите фази на постапката:

- Презумција на невиност;
- Правото да се биде известен за причините на обвинението;
- Правото на молчење;
- Правото на законски застапник;
- Правото на присуство на родител или старател;
- Правото на соочување и подложување на вкрстено испрашување на сведоците;
- Правото на жалба до повисок суд.

Детето коешто го испитува полицијата го има истите права како и возрасните да не одговара на прашањата коишто му се поставуваат. Ова значи дека детето мора да им ги каже на полицијата своето име и адреса, но не мора понатаму да одговори на ниту едно друго прашање без правен совет. Полицијата мора, колку што е можно поскоро по апсењето, да ја објасни природата на наводите и да го извести детето за неговите или нејзините права на правно застапништво. Првиот контакт што детето ќе го оствари со системот на правдата ќе остави долготраен личен белег во текот на процесот на рехабилитација. Поради што се инсистира на специјализација на полициските службеници, како и формирање на специјални полициски единици за превенција во поголемите градови (Правило 12).

Во однос на *притворот* се поставени рестриктивни правила, односно може да се применува само како крајна мерка и во најкус можен временски рок, при што малолетните лица треба се држат во одделни

просториии од возрасните. Доколку е возможно притворот треба да се замени со алтернативни мерки - надзор, интензивна нега или сместување во семејство или образовна институција, односно дом (Правило 13).

На децата мора секогаш да им се обезбеди *фер и правично судење* во присуство на правен застапник и помош од родителите, во атмосфера на взаемно разбирање, која оди во прилог на нивните најдобри интереси. Децата на кои им се суди, мораат да бидат во состојба да учествуваат во било кој процес на одлучување, а сите постапки треба да се спроведат во најкраткиот соодветен период. Судијата е одговорен за следново:

- Да се увери дека детето го разбира обвинението;
- На детето да му ги објасни можните последици и самата постапка за време на судскиот процес;
- Да му објасни на детето, доколку тоа е соодветно, дека може да ја признае или да не ја признае вината.

Овие информации треба да му се пренесат на детето на еден пријателски и разбирлив начин, така што детето ќе може да разбере точно со што се соочува. Со оглед дека самата судницата претставува едно место кое е туѓо и заплашувачки за децата, треба да се води сметка и да се превземат сите можни напори, за да во најголема можна мерка се обезбеди безбедно и незаплашувачко опкружување за децата. На пример, изгледот на судот може да се направи повеќе неформален, бројот на учесниците може да се намали и нивната облека може да биде понеформална.

Во *третиот дел,* се содржани правилата што се однесуваат на разгледување на случајот и донесување одлука, односно се уредува постапката пред судот и видот на санкцијата (правила 14-22). Имајќи ја во предвид постапката што ја води да биде во најдобар интерес на детето судот треба да суди праведно и непристрасно и да му овозможи на детето слободно да учествува во текот на постапката. Исто така во текот на постапката детето има право на застапник, како и присуство на родителите. Во врска со донесувањето на одлука (Правило 17) судот треба да се раководи од следново:

- Ограничувањето на личната слобода на малолетниците треба да се изврши, само откако за истото внимателно ќе се размисли и истото треба да се ограничи на минимално можно времетраење;
- Лишување од слобода не треба да се применува, освен ако на малолетникот му се суди за тешко кривично дело со употреба на насилство против некое друго лице или ако лицето и претходно има сторено други тешки кривични дела и доколку не постои друго соодветно решение во конкретниот случај;
- Смртната казна не може никогаш да се изрече, за било кое кривично дело извршено од малолетник;
- Децата не смеат никогаш да бидат изложени на физичко казнување;
- Надлежните власти се должни да обезбедат, дека при изрекувањето на санкцијата се испочитувани сите основни права на децата, а особено основните права на личен развој и образование.

Со цел, да се обезбеди најсоодветната мерка, односно санкција за детето, Пекиншките правила пропишуваат, дека на надлежниот орган треба да му се дадат на располагање најразлични мерки за санкционирање (Правило 18), кои треба да овозможат доволна флексибилност, за во најголема можна мерка да се избегне институционализацијата на децата.

Овие мерки вклучуваат: а) згрижување, советување и надзор; б)условна казна; в) наредба за општокорисна работа; г) парични казни, компензација и надоместок на штетата; д) посредно рехабилитирање и слични мерки; ѓ) наредби за учество во групни психолошки советувања; е) наредби за сместување во семејство, домови и други образовни центри. Затворските казни за децата, треба секогаш да се избегнуваат, *„освен доколку не постојат други соодветни мерки, кои во конкретниот случај би ја заштитиле безбедноста на јавноста*".

Во овој дел се содржани и правила кои предвидуваат професионалното образование, обуката на самото работно место, курсевите за усовршување на знаењата и другите соодветни модалитети на поучување, да бидат искористени за да се обезбеди неопходната

професионална стручност на сите кадри, кои работат со деца (Правило 22).

*Четвриот дел* е посветен на правилата за ресоцијализација низ вонинституционален третман (правила 23-25), каде се истакнува потребата од вклучување и користење на доброволците, доброволните организации, локалните институции и други ресурси од заедницата, за потребите на рехабилитација на децата. Се наведува дека „соработката со заедницата е неизбежно потребна, доколку се очекува директивите на надлежните власти да се спроведат на ефективен начин". Се посочува и дека искористувањето на поранешните сторители (со исклучок на поранешните зависници), може да обезбеди значителна помош. Во однос на рехабилитација која се одвива во рамки на институционалниот третман (правила 26-30) се наведува дека главната цел на институционализацијата е да се да се обезбеди грижа, заштита, образование и стручни вештини, со цел да им се помогне на децата да преземат социјално конструктивни и продуктивни улоги во општеството. Се утврдува дека „*малолетниците во институциите ќе добијат грижа, заштита и сета неопходна помош - социјална, образовна, стручна, психолошка, медицинска и физичка – која им е неопходна, во зависност од нивната возраст, пол и личност, како и во интерес на нивниот целокупен развој*".

## 1.3 Правила на ОН за заштита на малолетни лица лишени од слобода, 1990 година („Правила од Хавана")

Со цел попрецизно регулирање на постапката на лишување на малолетните лица од слобода, донесени се Хаванските правила, според кои малолетникот може да биде лишен од слобода само во согласност со принципите утврдени со овие Правила, кои претставуваат комплексна целина на мерки од социјален, воспитно-стручен, образовен, здравствен и ресоцијализирачки карактер, што треба на најдобар начин да придонесат лишувањето од слобода да ја изгуби ретрибутивноста. Овие начела важат за секое малолетно лице лишено од слобода, во било која установа или

институција, со кои се обезбедува унапредување на нивниот развој и благосостојба. Со правилаата се дефинираат стандарди за материјалните услови во случај на лишување од слобода, за заштитата на малолетниците додека се притворени или затворени, како и за образовните, стручните и работните програми.

Една од клучните одредби на овие правила е дефинирањето на лишувањето од слобода под кое се подразбира било кој вид на апсење или затварање или сместување на малолетното лице, по наредба на било која правосудна или друга власт во јавна или приватна установа која лицето не може да ја напушти. Доменот на примената на овие Правила не се однесува само на институциите на системот на малолетничката правда, туку и на лишување од слобода во рамките на социјалната и здравствената заштита на децата, а самиот термин подразбира лишување од слобода и пред изрекување на кривичната санкција. Лишување од слобода е поширок поим од апсење, притворање или затворска казна *(Бачановиќ, 2002)*

Дефиниција на ОН за Лишување од слобода: "*Лишувањето од слобода значи која било форма на притвор или затвор или друг јавен орган. Лишувањето од слобода на малолетник треба да биде последна опција, истата да биде во најкраток можен рок и треба да биде лимитирана за посебни случаи. Задржувањето на детето во затвор се покажа на дело како фактор кој ќе ја направи поверојатна, наместо помалку веројатна, можноста повторно да извршат криминал, откако ќе бидат пуштени на слобода. Најдобро е децата да се третираат во заедницата. Само децата кои претставуваат вистинска опасност за јавноста треба да бидат затворени, овие деца сочинуваат многу мал број од целокупниот број на деца кои сториле кривично дело.*"

Според овие правила, заедниците треба да пројават зголемен и засилен ангажман во остварувањето на казнената правда, особено во третманот на сторителите, првенствено со незатворски мерки и обезбедување на други алтернативни мерки со што ќе се намали затворската казна и ќе се рационализира политиката на казнената правда во поглед на остварувањето на човековите права. Пропишуваат дека

децата кои се лишени од нивната слобода не треба поради некоја причина да бидат лишени од граѓанските, економските, политичките, социјалните или културните права на кои тие имаат право според националното или меѓународното право. Со нив мора да се постапува хумано и со почит кон достоинството на човековата личност, како и на начин кој ги зема предвид нивните потреби. Тие поаѓаат од начелото на исклучителна и ограничена примена на пртиворот и на казните што се состојат во лишување од слобода на малолетник.

Имено, притворањето на малолетниците пред судење може да се применува само како последно средство, ако нема простор за примена на алтернативните мерки. Доколку се примени мерката на притворање, судовите за малолетници и истражните органи ќе обезбедат најголем приоритет за што побрза постапка за да се обезбеди најкус временски рок на притворањето *(Камбовски, Велкова, 2008)* Според Бачановиќ, Правилата за заштита на малолетниците лишени од слобода ги предвидуваат следните принципи:

- лишување од слобода треба да биде последно средство;
- издвојување од возрасните;
- класификација според полот, возраста, личноста на малолетникот и природата на делото;
- лишувањето треба да се изврши во посебни објекти со цел индивидуализација на третманот, унапредување на образованието на малолетникот и реинтеграција во општеството;
- во овие установи на малолетниците треба да им се обезбеди образование, професионална обука и работа;
- употреба на принуда и присилба само во исклучителни случаи и забрана на носење и употреба на оружје во установите во кои се сместени малолетници;
- затворските објекти треба да бидат отворени за комуникација со членовите од семејството;
- треба да постои медицинска и социјална помош;

- персоналот кој работи со малолетниците треба да биде специјално обучен.

### 1.3.1 Постапување со малолетници кои се приведени

Ако малолетниците се приведени, правилата на Хавана (17-18) предвидуваат дека истражните органи треба да дадат највисок приоритет за да се осигураат дека нивните случаи се обработуваат што е можно побрзо и во најкраток можен рок. Сите уапсени лица, вклучувајќи ги и децата, мора да бидат изведени пред суд во рок од 48 часа по апсењето, каде што судијата ќе одлучи дали или не да го стави детето во притвор до нивното судење. Децата кои не се осудени, секогаш мора да се сметаат за невини. Нивниот притвор треба да биде само во исклучителни случаи, како последно средство, на пример ако има индикации дека тие претставуваат закана за општеството. Во најголем број на случаи, мора да се најдат други алтернативи.

Меѓународните насоки укажуваат дека деца кои не се осудени треба да бидат одделени од осудените деца, но дека сепак, условите под кои деца кои не се осудени, а се се во притвор треба да бидат во согласност со правилата утврдени за осудени деца. Особено во ова е важно правото на тековните и приватните комуникации со нивните правни советници и пристапот до правна помош (Правило 17).

На малолетникот треба да му се обезбеди правото на бесплатна правна помош, како и редовна комуникација со правен советник, а исто така доколку е можно, на малолетниците ќе им биде обезбедено правото на работа со адекватен надоместок, продолжување на образование или обуката, како и да поседуваат средства за слободни активности и рекреација (Правило 18).

### 1.3.2 Управување со установи за малолетници

Посебни правила се пропишани за управување со установите за малолетници (Дел IV). Сите деца кои се примени во затворена установа

што е можно поскоро по приемот, треба да бидат изготвени и доставени целосни извештаи и релевантни информации до надлежните органи во врска со личната состојба и околностите за секое дете  Имено,веднаш по приемот, секое дете треба да биде интервјуирано, и да се изготви индивидуален психолошки и социјален извештај во кој се идентификуваат сите релевантни фактори за специфичниот вид и ниво на нега и третман (19-26).

➢ **Физичка околина и сместување.** Просториите каде што се затворени малолетници треба да бидат во согласност со рехабилитационата цел на третманот, како и потребата на малолетникот за приватност, учество во спортски и физички активност, како и активности во слободното време. Се препорачува дека просториите за затворање на малолетници треба да бидат отворени или да имаат минимални безбедносни мерки. Установите за затворање треба да се што е можно помали, доволно мали за да овозможат индивидуализиран третман. Установата треба да биде со соодветна големина, да има добро осветлување и вентилација, да е добро опремена во однос на спиењето и живеењето. Секое дете треба, да биде обезбедено со посебна и доволна постелнина, која треба да биде чиста кога ќе му биде дадена, да се чува во добра состојба и да се менува доволно често за да се осигура соодветна хигиена. Поседувањето на лични предмети е основен елемент на правото на приватност и е од суштинско значење за психолошката благосостојба на детето. екоа установа треба да осигура дека секој малолетник добива храна која е соодветно подготвена и е послужена во соодветното време за оброци, како и за квалитетот и квантитетот кои треба да бидат задоволителни за стандардите за исхраната, хигиената и здравјето, и колку што е можно, да се задоволат религиозните и културните потреби. За сите деца, во секое време треба да има достапна чиста вода за пиење (Правила 27-37).

➢ **Образование, стручно оспособување и работа**. Имајќи во предвид дека сите малолетници лишени од слобода имаат право на

образование, а ова се однесува за оние деца кои се на возраст кога образованието е задолжително, но и за оние кои не се на оваа возраст, но би имале придобивки од образованието, посебно внимание се посветува на образованието, стручното оспособување и работата (Правила 38-46). Така, секој малолетник кој е на возраст на кој му следува задолжително образование, има право на истото во согласност со неговите потреби и можности, со цел да го подготви за враќање во општеството. Образованието треба да се обезбеди надвор од установата за притвор, односно во училишта ако е можно, или пак во самата установа од страна на квалификувани наставници. На малолетниците кои се неписмени или имаат проблеми при учењето треба да им се обезбеди специјално образование. Додека на малолетниците кои се над возраста на која им следува задолжително образование, а сакаат да го продолжат образованието, треба да им се дозволи да го сторат тоа и истовремено да се охрабрат, како и да им се обезбеди пристап до соодветни образовни програми. Квалификуваните наставници кои работат во установата или вон неа, мора да го спроведат образованието во согласност со индивидуалните потреби на секое дете. Онаму каде е можно, ваквото образование треба да се понуди надвор од самата установа, односно во училиштата во заедницата. Дополнително, посебно внимание треба да им се посвети на децата кои имаат потешкотии во учењето, кои имаат потекло од странство или имаат одредени потреби кои произлегуваат од нивата културна или етничка припадност.Сите малолетници имаат право на стручно оспособување по професии кои најмногу ќе ги подготват за идно вработување. Колку што е можно, тие треба самите да изберат каков вид на работа сакаат да имаат, која ќе му користи на малолетничкото по неговото ослободување. Важно е да се запомни дека девојчињата треба да имаат еднаков пристап до стручното образование како и момчињата. Доколку е можно на малолетниците треба да им се обезбеди работа со надоместок во локалната заедница. Дел од парите кои ќе ги заработат, треба да се тргнат настрана како заштеда која ќе биде дадена на малолетникот кога ќе биде ослободен. Малолетникот треба да има право да го искористи остатокот од заработените средства да купи продукти за

негова/нејзина лична употреба или пак да плати оштета на жртвата која била оштетена од сторено кривично дело или пак да ги испрати на семејство или други личности надвор од установата.

- **Рекреација.** Сите деца треба да имаат соодветно време за слободни дневни активности и треба да бидат на отворено секојпат кога временските услови го дозволуваат тоа, и треба да вклучуваат соодветна рекреативна и физичка обука. Децата, исто така, треба да земат учество во ликовна уметност како и развој на вештини. Децата треба да добијат лекување и советување – или индивидуално или во група. Програмите треба да обработуваат теми за справување со бес, вештини за справување со кризи и зависност од дрога/алкохол како и навредливо однесување, кои се клучни за да се осигура дека детето е способно да живее живот без да стори кривично дело откако ќе ја напушти установата.

- **Религија**. Малолетниците, треба да бидат во можност да ги задоволат нивните религиозни потреби и духовен живот, особено со посетување на литургии и поседување на соодветни книги или предмети од религиозно значење. Доколку установата има доволен број на деца од одредена религија, еден или повеќе квалификувани претставници од таа религија треба да бидат назначени или одобрени и на истите да им се даде дозвола за одржување на редовни обреди и приватни посети на барање на малолетникот. Секое дете треба да има право на посета од страна на квалификуван претставник на која било религија од негов/нејзин избор, како и право да не учествува на религиозни обреди и слободно да одбие религиозно образование, советување или обуки.

- **Здравствени услуги**. Децата имаат право нивните медицински потреби да бидат идентификувани и да се лекуваат додека се во установата. Правилата од Хавана наведуваат дека децата треба да бидат прегледани од лекар веднаш по нивниот прием со цел забележување на било каков знак на претходни здравствени лекувања и идентификување на физичка и ментална состојба која бара медицинска нега. Неопходно е

секој малолетник да добие соодветна медицинска нега, превентивна и медицинска, вклучувајќи стоматолошка, офталмолошка и ментално здравствена нега, како и фармацевтски продукти и посебна исхрана.

Секоја установа за малолетници треба да има слободен пристап до медицински институции и опрема соодветна за бројот и побарувањата на тие што престојуваат во институцијата, како и обучен персонал за превентивна здравствена нега и справување со медицински итни случаи.

Секој малолетник кој е болен, треба да биде навреме прегледан од страна на медицинско лице. Децата може да страдаат од ментално здравствени проблеми, како што се депресија, пореметувања во однесувањето, променливо расположение, пореметување во спиењето, психички пореметувања и пореметувања од пост-трауматски стресови. Затоа, секоја установа за млади треба да има обучен детски психолог. Доколку медицинското лице има причина да верува дека физичкото и менталното здравје на малолетникот негативно ќе влијае на него/неа ако се задржи во установата, треба веднаш да пријави кај директорот на институцијата, како и до властите одговорни за заштита и добросостојба на малолетникот. Доколку детето се смета дека страда од ментална болест тоа мора да се лечи во специјализирана институција. Секое дете кое ќе биде дијагностицирано со емоционална или психолошка состојба, мора да добие советување и лекување од стручни лица од персоналот во затворот или од квалификувани членови од заедницата.

Децата кои имаат проблеми со недозволиви супстанци при самиот прием треба да имаат лекарски преглед и да добијат соодветен третман за зависност од дрога или алкохол. Институциите треба да усвојат специјализирани програми на спречување на употреба на дрога и програми за рехабилитација спроведени од страна на стручни лица. Овие програми треба да бидат прилагодени на возраста, полот и другите побарувања кои се однесуваат на децата.

- **Одржување на семејните врски.** За време на престојот во притворот значајно е децата да одржуваат контакт со своите семејства колку што е можно повеќе, бидејќи се покажало дека помага при нивната

реинтеграција. На децата треба да им биде дозволено слободно да комуницираат со своите семејства, пријатели и други личности и да се обезбеди сите деца да добиваат редовни и чести посети, најмалку еднаш неделно и не помалку од еднаш месечно и треба да се спроведе во средина во која се почитува нивната приватност. Исто така, треба да се охрабруваат и можностите детето да го посетува своето семејство за време на нивниот престој во установата, освен ако не постојат причини за кои се верува дека би биле од ризик за злоупотреба од страна на детето. Како што наведуваат правилата на Хавана, *„одржувањето на семејните врски можат да бидат значајни за помош на малолетникот за враќање во општеството и заедницата. Малолетниците со поддршка од семејството имаат повеќе шанси да живеат живот почитувајќи го законот"*.

- **Одржување на врски со заедницата**. Децата кои се отсечени од заедницата имаат помала веројатност да се реинтегрираат во неа кога ќе бидат на слобода. Децата кои се изолирани од заедницата се со поголем ризик за повторување на делото, и во ваков случај персоналот во установата треба да обезбеди членовите од заедницата да бидат во редовен контакт со малолетниците во притвор преку рекреативни, културни, образовни и други програми. Волонтери од заедницата може да организираат и спроведуваат културни, образовни и стручни активности. Ваквите врски може да имаат корисно влијание и за малолетниците и за волонтерите: малолетниците ги одржуваат врските со заедницата и нејзините вредности, додека пак за заедницата има помала веројатност да го исклучи малолетникот по неговото/нејзиното ослободување од затвор. За да се охрабри контактот со луѓето кои живеат во заедницата, децата имаат право да добиваат дописи и да комуницираат писмено или по телефон најмалку двапати неделно. Овој контакт треба да биде со луѓе по нивен избор, децата треба да имаат можност да бидат информирани редовно за случувањата преку читање на дневни весници, месечници и други публикации, исто така да имаат пристап до радио и телевизиски програми и филмови

- **Дисциплински мерки**. **Правилата од Хавана** јасно укажуваат на фактот дека *сите дисциплински мерки засновани на суров, нечовечки и понижувачки третман треба да бидат строго забранети, вклучувајќи и телесно казнување, затворање во темна ќелија, самица или друг вид на казнување кое може да го доведе во прашање физичкото или менталното здравје на детето*. Доколку мора да се употребат дисциплински мерки, тие секогаш треба да бидат во правец на одржување на безбедност и уреден општествен живот. Намалување на исхраната и лимитирањето или забраната на контакт со членови од семејството треба целосно да се забрани. Трудот не треба да се наметнува како дисциплинска мерка. Доколку детето треба да се дисциплинира, тоа најпрво треба да се информира за наводниот прекршок на начин на кој тоа ќе разбере за што се работи. Тогаш треба да му се даде соодветна можност да каже нешто во своја одбрана, вклучувајќи и право на жалба до соодветна неутрална служба. Целосна евиденција треба секогаш да се чува за сите дисциплински мерки.

- **Инспекции и жалби**. Сите деца кои се во установата мора да се информираат како може да поднесат жалба. Треба да го имаат начинот и слободата да изготват барање или жалба до директорот на институцијата, до неговиот/нејзиниот овластен претставник и по можност и до правобранителот. Доколку е потребно, детето треба да биде во можност да побара помош од членовите на семејството, правните советници, хуманитарните групи или слично. Особено важно е децата кои имаат јазични потешкотии или потешкотии со учењето, треба да добијат помош при составување на жалбата. Сите жалби треба да се земат предвид и да се одговорат без одложување. Децата може ќе се плашат да ги искажат своите грижи или проблеми поради страв од казна, дискриминација или освети од страна на персоналот поради жалбата. Затоа треба јасно да им се укаже на децата дека таквото нешто нема да се случи и доколку е потребно своите жалби и проблеми може да ги покренат и индивидуално. Независни инспектори треба да спроведуваат редовни инспекции и ненајавени инспекции на нивна иницијатива. треба да имаат неограничен

пристап до сите лица вработени од институцијата или кои работат во некоја институција.

➢ **Персонал**. Во однос на квалитетот на персоналот во затворот се наведува дека персоналот треба да биде составен исклучиво од лица кои се квалификувани да работат со деца исполнети со ентузијазам, посветеност и вештини. Составот на персоналот треба да биде мултидисциплинарен и да вклучува доволен број на стручни лица како што се едукатори, стручни инструктори, советници, социјални работници, психијатри и психолози. Целиот персонал кој работи во институција за деца треба да сака да работи со деца, на сите нивоа треба да биде внимателно избран, како што правилата од Хавана истакнуваат дека „правилното управување со установата зависи од нивниот интегритет, хуманост, способност и професионален капацитет за справување со малолетниците." Затворите треба да имаат машки и женски персонал. Затворскиот персонал треба да добие обука за теми како што се детска психологија, заштита на децата и меѓународни стандарди и норми на правата на детето. Тие мора да бидат позитивни примери за децата. Во извршувањето на нивните должности, тие треба да ги почитуваат и да ги заштитат основните права на сите деца, особено:

- Ниту еден член на установата или персоналот не смее да нанесе, поттикне или толерира било каков чин на тортура или каква било форма на грубо, сурово, нечовечно или понижувачко постапување, казна, корекција или дисциплина под кој било даден изговор или околност;
- Целиот персонал треба строго да се противи и да се бори против секој акт на корупција и истата да ја пријави без одлагање до надлежните органи;
- Целиот персонал треба да обезбеди целосна заштита за физичко и ментално здравје на децата, вклучувајќи и заштита од физичка, сексуална и емоционална злоупотреба и експлоатација, како и да обезбедат лекарска помош, кога е потребно;
- Целиот персонал треба да го почитуваат правото на детето на приватност, а особено треба да ги заштитат сите доверливи прашања

кои се однесуваат на децата или нивните семејства кои им се познати преку вршење на нивните професионална улога;

- Целиот персонал треба да работи кон минимизирање на каква било разлика меѓу животот во установата и надвор од неа, која има тенденција да го намали достоинството на децата како човечки суштества.

Грижливите, чувствителните и професионалните членови на персоналот може позитивно да влијаат на рехабилитацијата на детето. Важно е членовите на персоналот да комуницираат со децата. На пример, за персоналот да сфати зошто тие се тепаат е можно само преку добри вештини за слушање и блиска комуникација со децата. Без овој напор да се разберат чувствата на децата, нивното чувство на лутина и неправда најверојатно ќе се зголеми, попречувајќи го нивниот напредок кон рехабилитацијата.

## 1.4 Правила на ОН за спречување на малолетничка деликвенција („Ријадски правила”)

Со Ријадските правила се дефинираат стандардите за спречување малолетничка деликвенција, вклучувајќи и заштита на децата кои се сметаат под ризик од деликвенција, и мерките што треба да се применат за елиминација на ваквите ризици. Правила содржат мерки поврзани со процесите на социјализација, а се однесуваат на семејството, образованието, заедницата, медиумите, на малолетничка казнена правда, која вклучува потпирање врз широк разгранет систем на превентивни активности и институции *(Камбовски, Велкова, 2008)*.

Ријадските правила за спречување на малолетничката деликвенција имаат функција на помош, грижа и вклучување на заедницата, односно се насочени кон преземање на посебно внимание во однос на малолетниците кои се напуштени, запоставени, малтретирани, изложени на злоупотреба на дрога, маргинализирани и соочени со ризик за конфликт со законот.

Во првиот дел, се содржани *основните принципи* кои препорачуваат во општеството да се развијат мерки и стратегии што ќе го превенираат семејното насилство коешто влијае на децата. Семејното насилство често е фактор на ризик видлив во потеклото на ранливите деца и оние кои се во судир со законот. Тие нагласуваат дека сите програми за спречување деликвенција треба „да се планираат и да се развиваат врз основа на веродостојни наоди од научни истражувања и периодично да се мониторираат, да се проценуваат и соодветно да се приспособуваат“.

Во третиот *дел* се содржани *насоки за општата превенција,* при што се истакнува дека секоја влада треба да востанови планови за спречување кои ќе опфатат длабинска анализа на проблемите, ресурсите, објектите, утврдување на одговорноста на различни агенции, институции, кадри, блиска интердисциплинарна соработка и координација меѓу владиниот и невладиниот сектор, ангажирање на приватниот сектор, истакнати граѓани, како и вклучување на целата заедница преку широк спектар на служби и програми во насока на превенција и намалување на можностите за извршување на криминални дејствија од страна на малолетните престапници.

Во четвртиот дел се уредуваат *процесите на социјализација*, при што се потенцира дека за успешна социјализација и интеграција на сите деца и млади луѓе, се особено одговорни семејството, заедницата, врсниците, училиштата, занаетчиското образование и работните обврски.

Поаѓајќи од фактот дека *семејството* е централна единица одговорна за примарната социјализација на децата, националните влади треба да преземат мерки за унапредување на семејната кохезија и хармонија, зачувување на интегритетот на семејството, заради растење на децата и младите во стабилна и средена семејна средина, посветувајќи посебно внимание на децата од семејства погодени од врзите економски, социјални и културолошки промени како што се децата на мигранитте, бегалците. Ријадските упатства наведуваат: „кога недостига стабилна и средена семејна средина, кога усилбите на заедницата да им помогне на родителите во таа смисла не успеале и кога поширокото семејство не може да ја исполни оваа улога, треба да се разгледаат алтернативни

сместувања, вклучувајќи згрижување и посвојување". Сите деца имаат право да бидат заштитени од повреда. Иако семејството е претпочитано место за децата, понекогаш односите меѓу детето и неговото семејство може да се нарушат. Кога тоа е случај, Ријадските упатства наведуваат дека во заедницата треба да бидат достапни служби што нудат соодветно советување, водење и рекреативни активности за децата и нивните семејства. Особено е важно ваквите услуги да им бидат достапни на сите деца без дискриминација, вклучувајќи ги децата на домородните, мигрантските и бегалските семејства.

На пример, се препорачува власта да преземат посебна одговорност и да ги обезбедат неопходните услуги за бездомните или уличните деца. Исто така, треба да се основаат посебни установи заради обезбедување адекватно засолниште за младите лица кои повеќе не можат да живеат дома или кои немаат дом во кој ќе живеат.

*Образованието*, е исто така, важен сегмент за социјализацијата, така што владите треба да овозможат државното образование да биде достапно за сите. Покрај основната образовна функција тоа треба да овозможи учење на основните вредности и развивање почит кон сопствениот културен идентитет и обрасци на детето за општествените вредности на земјата во која живее и за други цивилизации, за човековите права и основние слободи. Нагласуваат дека образовните системи се во најдобра положба да им помогнат на децата изложени на социјален ризик. Конкретно, треба да им се обрне внимание на децата кои имаат тешкотии со редовноста и на оние кои го напуштаат училиштето. Потребно е да се развијат програми за превенција и мерки за помош на младите кои се соочуваат со социјален ризик, како и развивање на стратегии за превенција од дрога, алкохол, и обука на образовните кадри за справување со ваков вид на проблеми. Училиштата треба да промовираат фер и праведни политики и кон децата кои се недисциплинирани во поглед на присуството за настава и оние со слаб успех.

Се наведува дека превентивните програми најдобро се развиваат преку *служби во заедницата*, а не преку формални агенции на владата. Успешната превенција на детскиот криминал ја вклучува целата заедница,

а децата и младите треба да играат активна улога во превенцијата, работејќи во партнерство со останатиот дел од општеството. Се истакнува дека заедницата треба да обезбеди или да ги зајакне разновидните мерки за поддршка, како што се центрите за развој, објекти за рекреација, служби кои ќе одговорат на посебните проблеми на децата со социјален ризик, соодветни прифатилишта за младите кои немаат дом или веќе неможат да живеат дома Исто така, потребни се посебни програми и мерки за заштита, помош, давање совети и интервенции во вид на терапија на младите корисници на дрога.

*Јавните гласила* имаат особено важна улога, одговорност и влијание во процесот на социјализација на младите, и треба да го потикнуваат и прикажуваат позитивниот придонес на младите кон општеството. Тие треба да ја користат својата моќ за спречување на злоупотреба на дрога, алкохол, а особено телевизиските и филмските медиуми треба да ја сведат на минимум застапеноста на порнографија, насилство и експлоатација на младите.

Петтиот дел од Рјадските правила, се однесува на *социјалната политика, програмите и плановите* за млади кои треба да се преземат за да се обезбеди ресурси и фондови за ефикасна работа на службите, кадарот, соодветна медицинска и ментална грижа, исхрана, сместување, превенција и лечење од злоупотреба на дрога и алкохол, како и да гобезбедат финансиски средства за образованието на младите кога родителите не се во можност да го сторат тоа.

Институционалната грижа треба да се разгледува единствено како последна можна мерка откако сите други обиди на грижа за децата во семејството или заедницата пропаднале и таа треба секогаш да биде во најкус можен период.

За да се заштитат најдобрите интереси на децата, според Ријадските упатства, институционална грижа треба да се ограничи единствено во ситуација кога детето или младото лице претрпело штета нанесена од родителите или стартателите, било сексуално, физички, емотивно злоупотребено, запоставено или напуштено од родителите или старателите.

Шестиот дел, кој се однесува *на законодавството и спроведување на малолетничката правда*, упатува на потребата од донесување и примена на посебни закони за унапредување и заштита на правата и доброто на младите, спроведување на правни норми за спречување насилство, малтретирање, експлоатација и користење на децата за криминални дејствија, формирање на посебен правобранител за деца, формирање на служби за застапување на децата.

Последниот седми дел е посветен на *истражувањето и развојот на политики и координација* меѓу економските, социјалните, образовните и здравствените институции на мултидисцплинарно и интердисциплинарно ниво, како и зајакнување на регионалната и меѓународната соработка на соодветните тела, институции и агенции за прашања поврзани со децата, решавање на проблемите поврзани со малолетничкиот криминал и спречување на малолетничакта деликвенција.

## 1.5 Стандардни минимум правила за незатворски мерки („Токиски правила")

Посебно внимание заслужуваат Стандардните минимум правила за незатворски мерки, т.н. Токиски правила од 1990, според кои примената на алтернативните санкции е поврзана со надзорот на нивното извршување, прифаќањето на мерката од страна на осуденото лице, односно даваат една сеопфатна слика на се она што треба да се земе во предвид за развој и примена на алтернативните мерки за институционален третман. Правилата се распоредени во осум категории: општи принципи, фаза пред судење, фаза во текот на судењето и изрекувањето пресуда, фаза по изрекувањето на пресудата, примена на алтернативни мерки, персонал, волонтери и дуги ресурси на заедницата и истражување, планирање и формулирање на политики и оценување. Токијските правила дефинираат минимална правна заштита и права кои му припаѓаат на детето секогаш кога ќе биде со судир со законот, односно преставуваат збир на принципи за примена на алтернативни мерки, кои треба да се применуваат на деца кои се во судир со законот во сите фази од кривичната постапка.

Во *фазата пред судење* полицијата, обвинителството и други служби кои работат на кривични предмети мора да имаат можност да го ослободат престапникот ако утврдат дека не треба да се продолжи со натамошно водење на постапката за да би се заштитило општеството. За да може да се одлучи дали е правилно да се продолжи или прекине со судската постапка, потребно е да бидат утврдени критериуми. Притворот пред судење треба да се избегнува и да се користи само како крајна мерка во кривичната постапка, и тоа треба да се користи во што порана фаза од постапката.

Во *фазата на судење и изрекување пресуда*, на судот треба да му се овозможи да го користи извештајот за социјалната положба на сторителот пред да донесе одлука. Судот при одлучувањето треба да ги земе во предвид потребата на малолетникот а да биде превоспитан, да се заштити општеството и интересите на жртвите. Судот може да донесе некоја од следниве алтернативни мерки: прекорување, укор, опомена, условно пуштање на слобода, статусни казни, економски санкции и парични казниа, конфискација, условна казна, праќање во дисциплински центар, куќен притвор и други.

Во *фазата по изрекување на пресудата,* судот има на располагање голем број на мерки кои може да се применат по изрекувањето на пресудата, како што се сместување во полуотворена установа, отпуст поради работа или образование, скратено казни, помилување.

## 1.6.Насоки на Советот на Европа за правда за децата

Кога децата ќе дојдат во судир со законот, особено важно е, да се обезбеди отпочнување на судската постапка што е можно поскоро. Насоките на Советот на Европа за правда за децата, предвидуваат ваквите случаи да бидат класификувани како итни, со цел, да се заштитат најдобрите интереси на детето. Што се однесува до обвинителството и одбраната, на обете страни мора да им се гарантира доволно време за подготовка на случајот. Сепак, детето, исто така, има право на правична и брза постапка, особено кога судскиот процес е затворен за јавноста и

затоа, ваквите права мораат соодветно да бидат избалансирани. На пример, тоа значи дека мора да постојат некои ограничувања во однос на можните одложувања на постапката, поради отсатен сведок или нерасположиви докази.

Со цел, да се обезбеди дека детето е смирено и подготвено за она што го очекува, Насоките на Советот на Европа за правда за децата предвидуваат, „пред отпочнувањето на постапката, децата да бидат запознати со организацијата и поставеноста на судницата или било кој друг соодветен простор, како и со улогите и идентитетот на службените лица, кои учествуваат во постапката".

Дополнително, во текот на постапката, треба да се користат јазик и терминологија, соодветни за возраста на детето и неговата способност за разбирање. Децата имаат право на заштита на нивната приватност, поради нивната возраст. Токму затоа, во голем број држави, на јавноста вообичаено не е дозволен пристап во судницата, а во некои други земји пак, сите постапки за малолетни лица се одвиваат на затворено заседание на судот *(in camera)*.

Рочиштата пред судот каде се постапува со деца, треба да се адаптираат спрема нивниот ритам и способност за одржување на вниманието и концентрацијата: треба да се планираат редовни паузи и рочиштата не треба да траат многу долго, со цел, да се обезбеди дека детето е способно да ја следи постапката во текот на сите нејзини фази. Дополнително, за потребите на полесно учество на децата во постапката, до максималниот степен на нивниот когнитивен капацитет и во подршка на нивната емоционална стабилност, се препорачува евентуалните прекинувања на рочиштата, да бидат сведени на минимум.

Насоките на Советот на Европа за правда по мерка на децата, наведуваат дека „во сите случаи, каде постојат спротивставени интереси помеѓу родителите и децата, надлежната власт е должна да назначи законски старател, во својство на застапник или друго независно лице, кое ќе ги застапува мислењата и интересите на детето".

Право на бранител. Сите деца имаат право да бидат застапувани од адвокат или правен советник. Тие мораат да добијат можност и да

побараат бесплатна правна можност. Судијата мора на детето да му го објасни ваквото право уште на почетокот на рочиштето, а кога детето присуствува на судење во отсуство на адвокат, судот е должен да го поучи детето за неговото право на адвокат и одбрана и да му даде разумна можност да ангажира бранител. Во сите случаи кога судот смета дека детето на кое му се суди во отсуство на адвокат, не го разбира обвинението, мора да побара детето да добие одбрана од соодветен бранител.

Сите адвокати кои застапуваат деца, треба да бидат соодветно обучени и да имаат познавања од сферата на детските права и сите други поврзани прашања. Тие треба да добиваат редовна континуирана обука и да бидат во состојба да комуницираат со децата.Тие се должни, на децата да им ги обезбедат сите неопходни информации и објаснувања, во однос на можните последици во зависност од ставот и/или мислењето на детето и истите се должни да ги презентираат пред судот.

Родителите или старателите мораат да бидат информирани на писмено, од страна на полицијата, обвинителот или судијата, дека ќе се одржи судски процес, на кој ќе бидат поканети да присуствуваат. Доколку постои некаков конфликт во семејството, родителите или старателите можат да бидат целосно или делумно исклучени од постапката, доколку тоа е во најдобар интерес за детето. Доколку детето не сака да зборува во присуство на родителите, детето треба да биде сослушано во нивно отсуство и одвоено од нив.

Право да се биде сослушан и да се искаже сопственото мислење. Во Насоките на Советот на Европа за правда за децата, е наведено дека судиите треба да го почитуваат правото на децата да бидат сослушани во сите постапки и за сите прашања, кои се однесуваат на нив. Уште поважно е правото на детето, да се соочи со сведоците на обвинителството и да изврши нивно вкрстено испитување. Во земјите кои го негуваат обичајното право, вкрстеното испитување помага во одржувањето на соодветната рамнотежа помеѓу правата на обвинителството и одбраната, додека пак во земјите со континентален правен систем, судијата е тој што одлучува за правото за обраќање пред судот и моментот во текот на постапката, кога

тоа може да го стори. Во секоја постапка пред судот, детето има право да се обрати последно. Ова е важно, затоа што на тој начин, детето добива шанса да остави одреден впечаток врз судскиот совет или порота, кој може да има одредено влијание по нивното повлекување и врз донесувањето на конечната одлука. Сите одлуки и пресуди на судот, кои имаат директен ефект врз децата, мораат да бидат соодветно образложени и објаснети, на начин и јазик, кој е разбирлив за нив, а особено оние одлуки во кои ставовите и мислењата на децата не се испочитувани. Конечно, детето има право по неговиот предмет да се решава и одлучува во догледно време, како и да го слушне и добие во писмена форма образложенито на судот за конкретната одлука. Тоа претставува и основа за било какво понатамошно оспорување или обжалување на пресудата – односно за правото на жалба пред повисоките судски инстанци.

## 1.7. Меѓународна обсерваторија за малолетничка правда

Меѓународна обсерваторија за малолетничка правда (International Juvenile Justice Observatory IJJO) во 2009 година ја воспоставува Европскиот совет за малолетничка права (European Council for Juvenile Justice), кој претставува мрежа на малолетнички институции и експерти од 28 земји членки на ЕУ. Овој совет делува како еден тим на експерти, академици, професори кои даваат свој придонес во областа на малолетничката правда, со широко познавање во малолетничка правда, правда на децата и борба против социјалната исклученост; на претставниците на невладините организации кои работат на терен и на дневна основа со децата во судир со законот; на јавната администрација, како што се министерствата или оддели за правда, Народните правобранители за деца и други претставници на националните агенции; и на претставници на Народниот правобранител, Министерството за правда и полиција.

Европскиот совет за малолетничка правда имаа реализирано четири истражувања: Green Papers за правда на децата и Бела книга за решавање на последиците од кризата. Покрај тоа, ECJJ придонесе за европски кампањи, заедно на IJJO во развојот на вредни влезови и целокупно учествуваа во подобрување на малолетничка правда низ цела Европа. Потпишана е Заедничка декларација за хармонизирање на системите на малолетничка правда на европско ниво (Joint Declaration Harmonising juvenile justice systems at the European level) која има за цел воспоставување на усогласена правна рамка за областа на правда за малолетници кои се во судир со законот, односно го опфаќа следното:

- меѓународните принципи се минимум стандарди кои треба да се почитуваат од националните законодавства, и да се користат како индикатори за повреда на уставните права и гаранции на малолетникот;

- санкции или мерки со цел социјална интеграција и поддршка на малолетниците во согласност со нивните образовни потреби се базирани на најдобрите интереси на малолетниците според нивната возраст, кои се занимаваат со физичка и ментална благосостојба, развој, вештини прилагодени на околности (принципот на индивидуализација);

- да се даде приоритет на превентивните пристапи на сите нивоа на интервенција со малолетните престапници кои им овозможуваат разрешување на конфликти, и избегнување на судска интервенција;

- властите треба да обезбедат доволно ресурси, средства и кадар за институциите за малолетни лица со цел да се гарантира дека интервенциите имаат навистина значајно влијание во животот на малолетникот;

- специјална обука и соодветни работни услови се обезбедуваат за оние кои работат со малолетници и развој на младите, со цел да се гарантира мултидисциплинарни тимови кои нудат квалитетна нега и позитивни модели на однесување;

- минималната возраст на кривичната одговорност не треба да биде премногу ниска, и секогаш треба да биде утврдена со закон;

- Потребно да се интензивираат напорите за обезбедување на заштита на малолетниците лишени од слобода, а особено нивниот физички и ментален интегритет и благосостојба.

Може да се констатира дека меѓународните документи го развиваат концептот на правата на малолетникот како основни човекови права и се дефинираат стандардите што треба ди ги следат националните законодавства во однос на организацијата на кривичното правосудство.

Би можело да се каже дека преку сите овие документи се афирмираат два приоритети кон децата и малолетниците:

- ❖ прво, намалување на репресивно постапување со децата, и
- ❖ второ, измени во постапувањето со децата во насока на превенирање со примена на превентивни мерки, со создавање услови за правилен развој на малолетна личност, да се спречи воопшто да дојде детето во ситуација против него да постапуваат органите на прогонот.

Превенцијата подразбира создавање поволни услови за развој, за да не дојде детето во ситуација своите потреби да ги задоволува и своите проблеми да ги разрешува со недозволени, казнени средства и постапки. На овој начин со овие документи се настојува во корен да се промени пристапот кон децата и концептот за нивна заштита, грижа, давање помош и контрола да делува превентивно, детето да се заштити, да се спречи нивното евентуално деликвентно, криминално однесување. Овој нов пристап е претставен преку концептот на ресторативна правда, која подразбира поправање на состојбата што како негативна настанала со сторување на казненото дело, во прв ред со непосредно учество на сторителот на делото, на оној што ја предизвикал. Стожерни принципи на овие стандарди за малолетничка правда утврдени во меѓународните конвенции и документи што имаат императивно значење за државите кои ги ратификувале се: превенција, заштита, грижа и помош на малолетникот, ресторативна правда, свртување на судската постапка за деца кои не се сметаат за кривично одговорни и гаранции за правата на малолетникот.

## 2. Политики и програми за превенција од малолетничко престапништво

Во различни земји се преземаат различни активности за превентивно делување во областа на малолетничкото престапништво. Во таа насока, ќе бидат презентирани дел од искуствата на различни земји за развивање на политики за спречување и намалување на бројот на малолетни сторители на кривични дела (*УНИЦЕФ, 2010*):

- Програми за родителство - се превентивни програми кои се фокусираат врз родителите и другите членови на семејството и се најефективни за помалите деца. Членовите 18 и 27 од Конвенцијата за правата на детето, ја потврдуваат важноста на одговорноста на родителите за воспитување на своите деца. Се нагласува и потребата државите-страни да им обезбедат помош на родителите или старателите за подобро вршење на родителските должности. Ваквите мерки, „треба не само да се фокусираат врз превенција на негативни ситуации, туку дури и повеќе, врз унапредување на социјалниот потенцијал на родителите". Програмите за родителство може да заземат форма на програми за обука на родителите заради подобрување на интеракцијата родители-деца и на програми со домашна посета, коишто може да започнат на многу рана возраст на детето. Шведскиот национален институт за јавно здравство има воспоставено предучилишна, *семејна интерактивна превентивна програма, COPE (Community Parent Education Program - Програма во заедницата за едукација на родителите).* Програмата се состои од околу 15 групни сесии и може да опфати до 30 родители со еден или двајца лидери на групата, со цел промовирање позитивно однесување кај децата и нивно поучување како да поставаат граници и да избегнат конфликти, но и заради подобрување на соработката меѓу родителите и предучилишните деца. Евалуацијата спроведена во 2009 година покажа дека програмата е успешна во намалување на проблемите со однесување, хиперактивност,

импулсивност, стрес на родителите и недостаток на родителска контрола.

- Програмите за деца функционираат најдобро за децата кога истовремено се спроведуваат во домот и во училиштето. Превентивните програми фокусирани врз децата кои вклучуваат образование и позитивни активности се популарен начин за спречување асоцијално однесување. Финската програма *„Момчиња во шумата“* е осмислена како „емотивно искуство во терапевтска врсничка група“, и се заснова врз учење за самодоверба и одговорност. Децата преземаат редовни активности во форма на пешачење, кампирање, планинарење, возење кану итн., со цел да се зајакнат социјално загрозените момчиња“ (на возраст 7-15 години), нивните емоционални ресурси, самоконтрола, социјални вештини и способност да се справат со емотивните искуства.
- Пристапи кон целото семејство *се* превентивните пристапи што го вклучуваат целото семејство имаат поголема веројатност да доведат до постојано подобрување во однесувањето на децата. Како пример, од Шведска се истакнува *Функционалната семејна терапија,* која претставува семејна превентивна и интервентна програма која успешно била применета во разни контексти заради третирање на високо ризични млади лица и нивните семејства. Овој пристап во своите семејни интервентни напори се потпира врз мултисистемска перспектива. Таа е насочена кон млади помеѓу 11 и 18 години од низа етнички и културни групи групи, но обезбедува и третман за помладите браќа и сестри на упатените адолесценти. Оваа терапија е краткорочна интервенција, вклучувајќи во просек 8 до 12 сесии за благи случаи, и до 30 часа директни услуги (на пр., клинички сеанси, телефонски повици и состаноци вклучувајќи ги ресурсите во заедницата) за потешките случаи. Во повеќето случаи, сеансите се распоредуваат во 3-месечен период. Без оглед на целната популација, Функционалната семејна терапија ја нагласува важноста на почитување на сите членови од семејството под нивни сопствени услови.
- Мултисекторска соработка. Државите треба целосно да ја промовираат и да ја поддржуваат вклученоста на децата, во согласност

со членот 12 од Конвенцијата за правата на детето, и на родителите, лидерите во заедницата и другите клучни актери (на пр., претставниците на НВО, службите за условни казни и социјалните работници) при развивање и спроведување превентивни програми, бидејќи квалитетот на ваквата вклученост е клучен фактор за успехот на овие програми. Во Полска како Мултисекторска превенција, во 2005 година е иницирана 10-годишна програма од страна на министерствата за внатрешни работи, образование и спорт, социјална политика, здравство и правда, како и од полицијата,и е насочена кон асоцијалното однесување и малолетничка деликвенција. Спроведува и евалуира различни модули: постапки за наставниците и методи на соработка меѓу училиштата и полицијата во ситуации кога децата и младите се во опасност од деликвенција, зависност од droги, алкохолизам и проституција; поддршка за оние кои работат со младите во опасност од асоцијално и криминално однесување, вклучувајки и итни интервенции во семејството; алтернативен проект со условно казнување за младите што престојуваат во институции за ресоцијализација и реформирање.

## 3. Модели за постапување со малолетници

Компаративните трендови покажуват дека е се поголем бројот на држави кои прифаќаат модел на постапување со малолетници кој подразбира избегнување на класичната кривична постапка и санкционирање за сметка на можностите на социјалните, пробациските и образовните служби и начелото на обезбедување на најдобар интерес на детето. Во се поголем број држави постојат успешни рефроми на полето на малолетничката деликвенција, применувајќи ги повеќе воспитните мерки. Според *Бужаровска,* во европските држави може да се направи следнава поделба на модели за постапување со малолетниците *(Бужаровска, 2006):*

- *модел на благосостојба* , кој постои во Белгија, Германија и Франција, Полска и скандинавските држави каде основна цел е да му се даде помош на сторителот на делото и преку користење на воспитни мерки да му се обезбеди правилен развој.

- *модел на правичност*, каде основна цел е одбегнување да се изречат подолготрајни интервенции, и инсистира на процедурална правичност, која опфаќа права и гаранции кои мора да ги ужива малолетникот, санкциите мора да имаат определена содржина.
- *модел на партиципативност*, кој подразбира нормален пристап и фаворизира минимална интервенција. Во овој модел не постапуваат правници, туку образовни и социјални тела. Овој модел се користи во *Шкотска.*
- *корпоративен модел*, подразбира меѓуинституционална соработка на полето на малолетничката правда. Најдобар пример за овој приод *е Англија* каде постојат т.н.Youth offending teams како облик на групи составени од социјални работници и службеници од пробациски, полициски и образовни органи кои заеднички постапуваат со цел да се пронајдат најсоодветни решенија за да се надмине настанатата ситуација - извинување, обештетување. Youth offending team го следи придржувањето кон обврските и однесувањето на малолетникот.

## 3.1 Системот на малолетничка правда во Велика Британија

Во Велика Британија системот на малолетничка правда (Youth justice system) го сочинуваат органите и постапките кои се користат при гонење, обвинување и казнување на лицата под 18 години кои извршиле кривични дела. Основната цел на овој систем е превенцијата на децата и младите лица кои го прекршиле законот. Во однос на возраста за кривична одговорност, според правниот систем во Велика Британија дете под 10 години се смета за неспособно да изврши кривично дело. Пред 1998 година, дете на возраст помеѓу 10 и 14 години се сметало за неспособно за извршување на кривично дело, освен ако обвинителството докаже дека детето знаело за разлика помеѓу добро и лошо. Денес, деца со 10 и 17 години возраст се сметаат за способни да извршат кривични дела и не е можно детето да ја избегне одговорноста докажувајќи дека тој/таа не знаел за разликата што е добро, а што е лошо. Сепак, детето не треба да

биде прогласено за виновно, ако не е способно да се изјасни. Според законот после 17 година, лицата се сметаат за возрасни.

Согласно Законот за полицијата и Законот за кривичните докази од 1984 година, кога лице на возраст од 10 до 17 е уапсено и однесено во полициска станица, потребно е службеникот за притвор да го утврди идентитетот на еден од родителот, старателот, локалната власт, негувателот или секое друго лице кое има одговорноста за благосостојба на малолетникот, а со цел да ги информира за апсењето. Службеникот за притвор треба да ги информира соодветните возрасни (кои може или не мора да бидат иста личност) за причините зошто е притворено лицето и да побара од возрасните да дојдат во полициска станица за го видат притвореното лице. Малолетното лице не може да се испрашува, ниту да се бара од него да потпише писмена изјава без присуство на соодветно возрасно лице.

Во Велика Британија *услугата на соодветна возрасна личност* се користи кога се бара присуство на возрасна личност за време на полицискиот распит и другите клучни фази од полицискиот притвор на малолетникот. Соодветна возрасна личност можат да бидат родители или старатели, социјален работник или друго одговорно возрасно лице на возраст од 18 години или лице кое повеќе не е вработено во полицијата. Услугата на соодветно возрасно лице може да ја даваат и организации од трет сектор. Доброволците се разместуваат по полициските станици 24 часа на ден за да водат грижа уапсените деца коишто се на распит, а коишто немаат родител или старател на располагање, да може да добијат друга соодветна возрасна личност.

Малолетникот обично се суди во Младинскиот суд (Youth Court), кој претставува специјализирана форма на прекршочен суд, надлежен за предмети каде се работи за деца и млади луѓе, на возраст од 10 до 17 години. На малолетникот може да му се суди и како возрасен во Судот на Магистрати (adult Magistrates' Court) само ако е тужен од страна на возрасен.

Од 1998 година, полицијата има овластување на малолетникот да му изрече мерка укор (repremind) или мерка последна опомена (final

warnings). Мекрата укор се изрекува на малолетни престапници кои првпат доаѓаат во судир со законот, а доколку повторно извршат кривично дело, им се изрекува последна опомена или се покренува постапка, бидејќи едно лице не може два пати да добие укор. Мерката последна опомена се применува само доколку малолетникот претходно не бил опоменат, или ако има добиено опомена, од тој момент па се до извршувањето на кривичното дело поминале најмалку две години, и полицискиот службеник смета дека во конкретниот случај не е постои основ за покренување на обвинение против малолетникот.

Во Велика Британија се развиени и се применувааат различни превентивни програми како што се:

- *Вебстер-Стратон програма за обука на родители* која вклучува обука за родители и вештини за деца чија цел е да поттикнат про-социјално однесување и интерперсонални вештини, на пример, со помош на видео-моделирање, при што родителите добиваат, меѓу другото, неделни сеанси со терапевт 22-24 недели. Околу 140 деца на возраст 3-8 години кои покажале знаци на асоцијално однесување и нивните родители биле распределени во експериментални или контролни групи.Извештаите на родителите покажале дека асоцијалното однесување во експерименталните групи се намалило, додека кај контролните групи не се променило.

- *Вклучување на младите и панел за поддршка (Youth Inclusion and Support Panel (YISP)* се за деца меѓу 8 и 13 години. Службата беше развиена со нагласок врз превенцијата на вклученост во криминал или асоцијално однесување. За децата да бидат прифатени за проценка во YISP, тие треба да се најдат во четири или повеќе од факторите на ризик наведени во барањето за упатување. Учеството во проценка на YISP е доброволно, па затоа, младото лице и неговите родители/старатели мора да дадат согласност и да потпишат договор што се испраќа со барањето за упатување. Откако упатот ќе се прифати, ќе се изврши проценка во врска со менталното здравје на детето или младото лице, неговиот статус на ризик, ранливост, злоупотреба на супстанци и родителството. YISP е во целосна усогласеност со процесите на другите служби за деца заради

избегнување, дуплирање кај семејствата и добивање усогласена услуга. Проценката на YISP покажува дека тоа е мултиагенциска интервенција и информациите за семејството се споделуват со другите агенции.

Во насока на избегнување на институционализација, формирана е добротворна организација *"Детството пред се"*, која обезбедува резиденцијална грижа, специјално образование и семејна поддршка за младите на возраст од 12 до 18 години. Тие имаат 4 резиденцијални установи формирани во прекрасна околина со голем имот.Третираат деца кои покажуваат сериозни емоционални и проблеми со однесувањето како резултат од тешкотии со поврзувањето обично вкоренети во траума од раното детство, и користат „интегрирана системска терапија". Овој пристап се фокусира врз исцелување на траумата и овозможување здрави врски и односи при што младите постигнуваат исклучителен исход во секој аспект од животот. Тие креираат терапевтска средина во која работат со децата овозможувајќи им заедно да живеат, да учат и да се развиваат. „Голем акцент ставаме на грижливите и внимателни односи и создавањето чувство на припаѓање" *(УНИЦЕФ, 2010)*

## 3.2. Системот на малолетничка правда во Франција

Во Франција, кривичноправната положба на малолетникот е регулирана со Уредба за деца деликвенти (од 1945 година, кој постојано се менува). Согласно член 15-1 од Уредбата, судот за малолетници (tribunal pour enfants) на сторителот кој има 10 години може да му изрече една или повеќе алтернативни воспитни санкции кои не може да трае подолго од една година и тоа: 1) конфискација, 2) на различни видови на забрана (забрана да се појавува на местото на злосторството забрана за приближување на жртвите, забрана за се дружи и контактира со соучесник во криминал) и 3) курсеви за граѓанско воспитување, кои имаат за цел да ги едуцираат малолетниците. Во случај на прекршување на овие обврските или насоки суд за малолетници може да изрече казна од институционален карактер (предвидени во член 15 од Уредбата): 1) упатување во јавна или приватна установа за воспитување и

професионално образование; 2) упатување во медицински или психолошка здравствена установа; 3) предавање на служба за помош на децата; и 4) упатување во интернат прилагоден на возраста на малолетни лица.

Францускaта полиција е обично првата контакт точка на младите со правниот систем, но малолетничките судови се тие кои се надлежни да изречат притвор. Полицијата не може да го држи малолетно лице во притвор без согласност од јавниот обвинител *(Wyvekens, 2006)*.

Постојат различни резидентни објекти за сместување на младите во Франција, од кои некои се повеќе за рехабилитација. Едукативните центри и социјалните детските домови нудат долгорочно сместување, академски и стручна поддршка. Безбедни образовни центри и затворени образовни центри за малолетници се користат за условните казни *(Castaignede и Pignoux, 2010)*. Проблем со ова сместување е дека таквите објекти често се далечни и млади луѓе се одделени од нивните семејства.

Врз основа на една студија со која се анализираат казни изречени во четири малолетнички судови во Франција е утврдено дека судовите нарeдиле притвор во 16% од случаите, надзор и условна казна во 64%, наредби за надоместок на штета во 9%, грижа, сместување во 5%, и враќање во семејството во 5%, додека во 55 % изрекле казна затвор за повторници *(Blatier, 1999)*.

### 3.3. Системот на малолетничка правда во Германија

Во Германија посебното законодавство за малолетниците постои уште од почетокот на 20-от век, кога во 1922 година се донесени Законот за малолетничка благосостојба (Juvenile Welfare Act (JWA) - Jugendwohlfahrtsgesetz of 1922) кој се применувал за млади лица кои имале потреба од грижа, како и Законот за малолетничка правда (Justice Act (JJA - Jugendgerichtsgesetz) уште во 1974 е заменет со нов закон во 1990 со што се напушта концептот на репресивни мерки. Новиот закон се применува на лицето на возраст од 14 до 21 години, и предвидува три типови на

кривични санкции: 1) мерки на воспитување; 2) дисциплински мерки; и 3) казна за малолетници.

Постојат два вида воспитни мерки:

а) давање на упатства - наредби или забрани кои го регулираат начинот на живот на малолетниците и тоа: 1) да постапува по упатствата во однос на местото на живеење, домување во одредена семејство или во домот, образование или вршење одредена работа; 2) извршување на работните задачи; 3) подложување на надзор на одредена личност; 4) присуство на одредени курсеви; 5) договор со оштетениот; 6) забрана на контакт со одредени лица; 7) забрана за посетување на одредени места и 8) да учествува во предавање на тема сообраќај (чл. 9-10) и

б) обврска за прифаќање помош согласно Социјалниот законик Германското казнено право, предвидува три дисциплински мерки: 1) опомена; 2) давање налог на малолетникот - да ја надомести штетата предизвикана со кривичното дело, да му се извини на оштетениот, да вршат одредени работни обврски, да плати одредена сума на пари во корист на општокорисните институции (член 15).

в) малолетнички затвор - затвор во слободни денови или за време на викендите, затворот во краток рок и затвор на долг рок во траење од една до четири недели (член 16).

Најтешка кривична санкција за малолетници е казната која се изрекува во траење од шест месеци до пет години, а само по исклучок до десет години. Но, дури и тука постојат повеќе можности за пренасочување на кривичната постапка. Така јавниот обвинител во претходната кривична постапка може да се повлече од прогон, во три случаи: 1) без согласност на судијата за малолетници во случај кога дело е такво каде вината на сторителот е оценета како незначителна, и не постои јавен интерес во гонење на овие лица, 2) ако е во тек за извршвуање на воспитната мерка за некое претходно кривично дело и 3) ако јавниот обвинител му предложи на судијата за малолетници да му даде само опомена или налог, под услов малолетникот да го признал кривичното дело и ако јавниот обвинител смета дека примената на некои од алтернативните мерки е потребна, и не е препорачливо да се покрене обвинение (чл. 43-46).

Ако кривичната постапка спрема малолетник е веќе покрената, судијата за малолетници во согласност со државниот обвинител може привремено ја одложи, и на малолетникот да му постави краен рок до шест месеци во кој тој е должен да постапи во согласност со одредени насоки и наредби или обврски во согласност со воспитни мерки. Ако малолетникот ги исполнува сите обврски во определениот рок, постапката ќе се запре.

### 3.4. Системот на малолетничка правда во Словенија

Во Словенија, со Кривичниот законик од 1995 година  со член 77 како посебен вид на воспитни мерки се предвидуваат следните насоки и забрани за малолетници: 1) да се извини на жртвата; 2) да се смири со оштетените; 3) редовно да одат на училиште; 4)  да се квалификува за одредена работа; 5) да прифати одредено вработување; 6) да се смести во семејство, дом или кое било друго мест; 7) да ја заврши работата во корист на хуманитарни организации; 8) да се лекува; 9) да посетува одредено советување; 10) да учествува во програмите од социјална обука; 11) да има завршено курс на познавање на прописите од сообраќајот.

Еден или повеќе од овие мерки, судот може да му изрече на малолетникот, ако тоа е доволно да влијае на него и неговото однесување, при што се цени неговата подготвеност да соработува. Овие упатства и забрани може да траат најдолго до една година.

### 3.5. Системот на малолетничка правда во Србија

Во почетокот на 2006 година во Република Србија во сила стапува ново малолетничко (материјално, процесно и извршно) кривично право, со што се заокружува реформата на казненото право следејќи ги тенденциите на современата казнена политика на другите европски земји (Франција, Германија, Хрватска) и на посебен и специфичен начин го одредува кривичноправниот статус на малолетникот. Таа специфичност се согледува во повеќе насоки:

- донесен е Lex specialis - посебен Закон за малолетни сторители на кривични дела и кривично правна заштита на малолетни лица, со што малолетниците во својот кривично правна положба целосно се одвоени од статуст на полнолетните лица вршители на кривични дела. Наведените закони се основни и непосреден извор на малолетничкото кривично право во Србија кое има примат во примената спрема малолетните извршители на кривични дела, а под одредени законски услови и спрема полнолетните лица. Но, како извор на малолетничкото кривично право се јавува и Кривичниот законик на Република Србија, како и сите други правни извори меѓународни договори, судска пракса, подзаконски акти, правна теорија, обичајно право;

- одредена е посебна надлежност на окружните судови за постапување во кривични предмети за малолетни сторители на кривични дела;

- предвидена е задолжителна специјализација на лицата кои во органите на кривичното правосудство учествуваа во кривичната постапка спрема малолетните сторители на кривични дела (со претходна обука и издавање на лиценци сертификати); и

- покрај кривичните санкции законот предвидел можност за изрекување посебни мерки на малолетните сторители на кривични дела sui generis - воспитен налог (упатства и насоки) – како средства на ресторативна правда со кои се избегнува порекнување или водење на кривична постапка (*Jovašević,2008).*

## 3.6. Системот на малолетничка правда во Црна Гора

Република Црна Гора, со Кривичниот закон од јули 2006 година го воведува системот на воспитни наредби како алтернативни мерки на ресторативна правда. Една или повеќе воспитни мерки може да му се изречат на малолетниот сторител на кривично дело за кое е пропишана казна затвор до пет години или парична казна.

Постојат два услови за примена на овие мерки: 1) признание дека малолетникот сторил кривично дело и 2) односот на малолетникот спрема

извршеното на кривичното дело и оштетениот. За примена на овие мерки одлучува самиот суд или по предлог на Јавниот обвинител. Целта на овие воспитни мерки е да не се поведе кривична постапка спрема малолетникот или да се прекине веќе покрената кривична постапка, при што е потребно со примена на одредена воспитна мерка да се влијае за правилен развој на малолетникот и зајакнување на неговата лична одговорност во иднина да не врши кривични дела. При изборот на мерката, јавниот обвинител или судот ги имаат во предвид интересите на малолетникот и на жртвата, водејќи сметка со примената да го попречува редовното школување или вработување на малолетни лица. Мерката може да трае најмногу шест месеци.

Кривичниот законик на Црна Гора ги предвидува следниве воспитни наредби: 1) порамнување со оштетениот, со цел преку надоместување на штетата, извинување, со работа или на друг начин во целост или делумно да ги отстрани штетните последици кои настанале со кривичното дело; 2) да посетува училиште или редовно оди на работа; 3) вклучување во работата на хуманитарните организации, социјални, локални или еколошки, без надоместок; 4) лекување на зависноста предизвикана од злоупотреба на алкохол или дрога; и 5) вклучување во индивидуални или групни лекување во здравствена установа или советувалиште (*Jovašević,2008).*

# III. НАЦИОНАЛНА ПРАВНА РАМКА ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА

## 1. Развој на посебно малолетничко законодавство

Во Република Македонија, долго време преовладуваше сфаќањето дека развојот на казненото право ги следи трендовите во науката и теоријата и дека положбата на малолетното лице во кривичната постапка ги следи современите и цивилизациски текови. Во теоријата предовладувало сфаќањето дека малолетните лица треба да се извлечат од општиот дел на кривичното право и нивната казнено-правна положба да се регулира со посебен закон *(Арнаудовски, 2008).* На тој начин концептот за постапување со малолетникот е изведен од концептот за човековите права, посебно од Конвенцијата за правата на детето, како нова ориентација и во казненото право и во криминалната политика. Во таа ориентација многу значајно место заземаат меѓународните документи во кои се дефинирани и поставени норми и стандарди, кои се во функција на остварување на малолетничката правда (*Камбовски,2006*).

Унапредување на заштитата на правата на детето согласно Конвенцијата за правата на детето и дополнителните протоколи како и другите меѓународни стандарди е примарна цел на реформата на малолетничкото законодавство во Република Македонија.

Фактот што одредбите за малолетни лица во Кривичниот законик и во Законот за кривична постапка се наоѓаа во посебни глави, во општата ориентација на поставениот концепт доволно не ги заштитува малолетните сотрители на кривични дела од општите принципи, поставки на овие закони кои се остваруваат врз идејата за репресија како моќно средство во борба против крминалитетот. Во нашата кривично правна теорија долго се градеше стојалиштето според кое треба да се создаде посебно малолетничко кривично законодавство. Сепак потребно беше да се остварат определени промени во нашето општество, па потоа да се прифати Конвенцијата на ООН за правата на детето, принципот на Конвенцијата *„она што е најдобро за децата"* за да

се пристапи кон создавање на посебно малолетничко законодавство кое ќе ја разреши положбата на детето и на малолетникот, тогаш кога се јавуваат како сторители на казнени дела (*Арнаудовски, 2006)*.

Со издвојувањето на малолетничкото законодавство од она што се применува кон полнолетните, Република Македонија се приклучува кон европските држави каде овој пристап постои одамна. Концептот на законодавството за малолетничка правда претставува сублимат на одредби кои припаѓаат на две области: *малолетничка правда и благосостојба на децата*. Особено акцент е ставен врз превентивните, заштитните и воспитните мерки како првична казнена реакција, па дури потоа сериозни санкции, кои треба да одговараат на неговата личност и на потребата од негово воспитување, образование и развој. Благосостојбата на децата се среќава во одредбите со кои се регулираат мерките за помош и за заштита на „ дете во ризик" - малолетник кој во време на сторување на делото има 7, но не и 14 години старост (*Бужаровска,2006).*

## 2. Промена на положбата на малолетните сторители во системот за правда на децата

Посебната положба на малолетниците во кривичното право е резултат на сознанието дека деликвентното однесување на малолетниците, најчесто е само еден од појавните облици на неговите развојни и воспитни тешкотии. Основно во кривично правниот статус на оваа категорја сторители и понатаму е личноста на малолетникот, нејзината состојба и нејзините потреби. Личноста на малолетникот треба да се афирмира при проценката на кривичната одговорност и примена на кривичните санкции кои најмногу одговараат на состојбата на одредената личност. На малолетникот мораат да бидат прилагодени надлежните органи во постапката, а оттука се гледа и големото значење во областа на третманот на сторителите од оваа категорија малолетници.

Посебноста на оваа постапка произлегува од фактот што при превземањето на дејствија спрема малолетник, а особено при неговото

испитување органите што учествуваат во постапката се должни да постапуваат претпазливо, водејќи сметка за душевната развиеност, чувствителност и личните особини на малолетникот, се со цел водењето на кривичната постапка да не влијае врз развојот на малолетникот Посебноста на оваа постапка се гледа и по тоа што на малолетникот не може да му се суди во отсуство. Малолетникот мора да има бранител од почетокот на подготвителна постапка.

Лишувањето од слобода на малолетникот, односно определување на притвор се користи во најмала можна мерка, односно како крајно средство и за најкраток можен период, што е во согласност со прописите на Обединетите Нации за заштита на малолетниците лишени од слобода, стандардните минимални прописи на ООН за мерките на притворување односно непритворување. Додека се во притвор малолетнците одржуваат контакт со своите семејства, бранител согласно законот се сместени одделно од полнолетните лица.

Постапката за малолетници кај нас е хумана со нагласена неопходност на правото на малолетникот на заштита од јавноста, што е во согласност со Пекиншките правила. Законот гарантира дискреција, бидејќи е исклучена јавноста и постапката е тајна, со што се избегнува штетното влијание што може да го предизвика публицитетот и порцесот на етикирање на сторителот.

Во насока на усогласување на малолетничкото казнено право со европското, доведе во 2007 година да се донесе посебен Закон за малолетничка правда кој претставуваше реформа на малолетничкото законодавство на Република Македонија, затоа што во него беа имплементирани меѓународните стандарди за малолетничка правда, а кои се однесуваат на: начелото на заштита на детето и неговите права, заштита на малолетникот како оштетен и жртва, социјализација и помош во постапувањето со детето, ресторативна правда и превенција на малолетничката деликвенција. Интегрален дел на тековната реформа на системот на малолетничка правда во Република Македонија претставуваше развивањето и спроведувањето на правата на детето во системот на малолетничка правда што произлегуваат од Конвенцијата за

правата на детето. Превенцијата за заштита на децата од виктимизација и криминализација беа основни цели на реформата содржана во Законот за малолетничка правда. Со овој закон беа регулирани постапувањето со деца во ризик и малолетни сторители на дејствија што со закон се определени како кривични дела и прекршоци, се определуваат условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита, воспитни и алтернативни мерки и за казнување на малолетниците, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат во постапувањето со деца во ризик и малолетни сторители на дејствија што со закон се определени како кривични дела и прекршоци и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казни. Исто така, беа уредени и мерки за заштита на малолетникот жртва на кривични дела и мерки за превенција на малолетничкото престапништво („Службен весник на Република Македонија" број 87/2007, 103/2008, 161/2008 и 145/2010).

## 3. Од систем на малолетничка правда кон систем за правда на децата

Ваквиот модел на малолетничка правда претставуваше дел од целокупната реформа на казненото право на Република Македонија потпирајќи се на искуствата и добрите практики на развиените земји во развивањето на легислативата за малолетничка правда. Основна карактеристика е јасната интенција на законодавецот за создавање на систем кој ќе се потпира на принципите на ресторативната правда, пред се преку зајакнување на начелото на опортунитет во кривичното гонење, зголемување на бројот на алтернативни санкции и воведување и регулирање на можностите за посредување и порамнување, односно медијција.Тоа треба да доведе до создавање на систем кој во центарот го поставува детето и неговите потреби и кој се потпира на три основни елементи (кривичното право и малолетничката правда како дел од казненото право и сервисите за достава на социјални услуги како дел од социјалното, односно граѓанското право) со фокус не само на

специфичните правила за постапување со деца сторители на кривични дела, туку константна холистичка ре-евалуација на програмите за деца во ризик и деца во конфликт со законот.

Ваквиот правен систем се темели на превенција и рехабилитација наместо казна. Превенцијата за заштита на децата од виктимизација и криминализација беа основните цели на реформата содржана во Законот за малолетничка правда, кој се применуваше од јуни 2009 година. За постигнување на оваа цел, и во најдобар интерес на детето, надлежните органи во своето постапување ја применуваат ресторативната правда и им даваат приоритет на превентивните заштитни и воспитни мерки, а лишувањето од слобода на малолетникот се предвидува како последно средство.

Целосната реализација на концептот врз кои беше поставен Законот за малолетничка правда и надминувањето на неповолната положба со малолетничкиот криминалитет и малолетничката деликвенција бараа целосна натамошна разработка на овој концепт како методолошки-теоретски така и на нормативен план *(Арнаудовски, Бужаровска, Нанев, 2004).* Овој нов пристап спрема децата деликвенти е преставен и се обликува преку концептот на ресторативна правда. Ресторативноста подразбира, пред се, флексибилно реагирање во рамките на цврсто определните принципи, со активно учество на сите засегнати субјекти, со нерепресивни средства изнаоѓање на крајно прифатлив исход и разрешување на спорот (*Бужаровска, 2006)*.

Сепак, практичната имплементацијата на Законот покажа и одредени недостатоци и слабости. Во праксата проблеми во постапувањето создаваше поимното определување на категоријата деца под ризик. Имено, под деца во ризик се дефинираат и малолетни лица кои покажале одредено асоцијално однесување (бегање од часови и сл.) и деца кои извршиле потешки кривични дела за кои е предвидена казна затвор до три години. Во одредени ситуации и покрај флексибилноста која ја нудат решенијата во законот, се случува малолетникот кој извршил низа на кривични дела за кои е предвидена казна затвор да се третира како малолетник во ризик и покрај неефикасноста на мерките на помош и заштита да не се изрекуваат санкции и казнување на малолетникот.

Во моментов, во заедницата постојат малку превентивни програми. Оние што ги има често се делумни, неконтинуирани и неодржливи. На пример, постојат полициски службеници при полициската единица за превенција, а во секоја полициска станица има службеник одговорен за активности изработени за спречување престапи од страна на деца. Сепак, нивните активности се ограничени и се состојат главно во поврзување со училиштата, со „дневните центри" за деца на улица, со локалните самоуправи и заедницата. За жал, нивните активности имаат многу скромен карактер. Беа направени некакви обиди за развивање програми за родители, меѓутоа, тие се уште се во почетна фаза, па ефектот треба допрва да се види.

Центрите за социјална работа пилотираа проект со кој беа основани 10 едукативни центри за групна работа со родителите на децата со проблематично однесување или нарушувања како хиперактивност, за да се поучат родителите како рано да идентификуваат проблеми и соодветно да реагираат на нив. За жал, поради недостиг на финансиски средства, тие беа прекинати.

Со оглед на тоа што Законот за малолетничка правда започна да се применува на 30 јуни 2009 година, во функција на следење на спроведувањето на целите на Законот, во март 2010 година беше изготвена Анализа за примена на Законот за малолетничка правда, со која беше даден осврт и за потешкотиите и предлози за натамошно унапредување на примената на Законот за малолетничка правда. Имајќи ги предвид овие согледувања како и воочените слабости во насока на остварување на најдобриот интерес на детето, се пристапи кон измени и дополнувања на Законот со кои се доуредија одредбите за давање на бесплатна правна помош спрема детето пред центрите за социјална работа и Министерството за внатрешни работи, одредбите за лишување од слобода на малолетникот се усогласени со Законот за внатрешни работи. Во функција на натамошна заштита на малолетникот жртва и оштетен во постапката, со овие измени се предвиде обврска судот да ја исклучи јавноста од делот на постапката во кој се сослушува малолетникот или се изведуваат процесни дејствија со кои може да се нанесе штета на неговата личност и неговиот развој. Поконкретно,

беше утврдено дека е потребно натамошно усогласување на Законот со новиот Закон за кривичната постапка и новите стандарди за правата на детето, како и јакнење на буџетските средства за спроведување на Законот за малолетничка правда, согласно препораките од ЕК за понатамошно усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската Унија и градење и јакнење на меѓуресорската соработката помеѓу надлежните министерства и институции.

За постигнување на оваа цел и најдобриот интерес на детето и неговото воспитување и развој, надлежните органи во своето постапување ја применуваат ресторативната правда и им даваат приоритет на превентивните, заштитните и воспитните мерки, а лишувањето од слобода на малолетникот се предвидува како последно средство во постапката и само под услови и во траење определени со закон.

Подоцна, заради натамошно унапредување на правната рамка, стандардите и протоколите во март 2011 година се пристапи кон трета измена на Законот за малолетничка правда во чија работа учествува експерти, судии, претставници од Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Адвокатската комора на Република Македонија, Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво, ЈУ Завод за социјални дејности и УНИЦЕФ. Основна интенција на овие измени се натамошно надоградување на законската рамка за правата на детето, согласно Препораките на Комитетот на ОН за правата на детето и Конвенцијата за правата на детето, како и усогласување со Законот за кривичната постапка. Работната група ги зеде предвид искуствата во примената на Законот за малолетничка правда од страна на центрите за социјална работа, судовите и се фокусираше на неколку прашања, како:

- допрецизирање на основните начела на законот, со кои се воспостави врската помеѓу Конвенцијата за правата на детето со законот;
- постапката со деца во ризик пред центрите за социјална работа;

- прашањето во однос на исплата на трошоците за пружење на правна помош пред центрите за социјална работа и Министерството за внатрешни работи; како и
- постапувањето со деца во полициска станица, во однос на повикување, приведување и задржување и др.

Во функција на натамошна заштита и унапредување на правната рамка на малолетничкото законодавство се разгледуваа различни документи. Имајќи, го во предвид меѓународниот „ Model Law on Juvenile Justice“, изготвен од UNODOC, целта на кој е да се обезбедува реформа на закони, кои содржаат меѓународни принципи и минимум стандарди за заштита и напредување на правата на децата, Работната група од овој модел во Законот ги допрецизираа и надогради основните начела на истиот.

Во оваа насока вградени се нови начела, и тоа:

- начело на заштита на детето и неговите права;
- социјализација и помош во постапувањето со детето;
- ресторативна правда и превенција на детската деликвенција:
- информирање на детето од сите институции со кои доаѓа во судир;
- недискриминација;
- засилена заштита на деца жртви и сведоци на кривични дела;
- нехумано, нечовечко постапување; и
- постапување во разумен рок.

Едновремено, одредени предлози од Анализата се вградени во Законот. Генерални забелешки од Анализата се дека има голема институционализација, односно малолетниците на еден или друг начин завршуваат со институционален третман. Се констатира дека постапката пред центрите за социјална работа има гаранции за правата на детето со што се отстранети можностите невино дете да се најде во установа.

Другите забелешки се однесуваа на правото на детето да биде сослушано, беше разгледана можноста да се предвиди исклучок од обврската за сослушување и беше утврдено дека важат општите одредби

од Законот за кривичната постапка, правото на комуникација (беше утврдено дека не е можно едно лице да биде ставено во притвор и да нема бранител), правото на адвокат/бранител, (беше констатирано дека треба да имаа задолжителна одбрана), во едно сме поблиску со одредбите на Конвенцијата за правата на детето. Односно, адвокатот освен одбрана треба да прави и квалификација на кривичното дело.

Во насока на усогласување на Законот со Анализата беше интервенирано во законот, при што на детето во текот на траењето на притворот му се гарантира и обезбедува: правото на контакт со семејството најмалку еднаш неделно, правото на приватно и доверливо општење по потреба, правото на медицинска помош и заштита, правото на следење на информации преку средства за јавно информирање.

Законот е во функција на поефикасна примена на одредбите на истиот, а со тоа и остварување на најдобриот интерес на детето, унапредување на заштита на правата на детето. неговото воспитување и развој, како основни начело на Конвенцијата за правото на детето.

Новите решенија во Законот се со цел остварување на приоритетен интерес и заштита на децата од криминал, насилство и од кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој, заштита на децата сторители на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци и од поврат на такви дела, нивна социјализација, воспитување и превоспитување, помош и грижа за децата и заштита во постапката пред судот и другите органи на нивните слободи и права загарантирани со Уставот на Република Македонија, со Конвенцијата за правата на детето и со другите меѓународни договори за положбата на децата.

Законот ги содржи следните нови решенија:

- се врши усогласување на дефиницијата „малолетник" со дефиницијата „дете", согласно Конвенцијата за правата на детето;
- вградени се нови начела на основниот текст на законот, со кои се воспоставува врска помеѓу Конвенцијата за правата на детето и законот;
- вградена е дефиницијата дете-жртва;

- се врши регулирање на условите за учество на адвокат во постапка пред центрите за социјална работа;
- се врши регулирање на постапката за давање на бесплатна правна помош, регулирано е дека трошоците за присуство на адвокат/бранител во сите постапките пред центрите за социјална работа и во полициската станица, ќе се изврши согласно Законот за бесплатна помош, во случаи кога семејството не е во можност да ги сноси овие трошоци;
- утврдени се случаите кога семејството не е во можност да ги сноси трошоците за присуство на адвокат/бранител, за заштита на правата на детето;
- условите кога судот може да изрече алтернативни мерки;
- се допрецизират одредбите кои се однесуват на застарување на извршувањето на санкциите;
- се допрецизира одредбите за постапка за примена на мерки на одвраќање;
- вградени се дејствија што со закон се предвидени како кривични дела за кои не може да се упати на медијација (против половиот морал и половата слобода и родово засновани облици на насилство врз женски лица, а согласно меѓународно ратификуваните договори);
- допрецизирани се одредбите кои се однесуваат на повикување, приведување и задржување на дете во полициска станица;
- на детето му се гарантира и обезбедува правото на контакт со семејството најмалку еднаш неделно, правото на приватни и доверливо општење по потреба, правото на медицинска помош и заштита, правото на следење на информации преку средства за јавно информирање, за време на траење на притвор;
- се додаваат нови одредби за заштита на деца-жртви на кривични дела и деца – сведоци во кривична постапка;
- се вградуваат посебни права на процесна заштита за деца жртви и сведоци;

- се вградуваат посебни мерки на процесната заштита на деца жртви и деца сведоци.

## 4. Начела на системот на правда на децата

Законот за правда за децата е систематизиран во осум дела, деветнаесет глави со 166 члена, и се заснова на истите начела како и на ново вградените начела, кои се однесуват на:

- право на употреба на јазик во постапките спрема дете;
- информирање од сите институции кои што доаѓат во допир со него за неговите права;
- засилена заштита и поддршка од сите институции, органи и поединци во системот на правда за децата, како и засилена заштита од измачување, тортура или понижувачко однесување или казнување;
- недискриминација;
- лишувањето од слобода на детето е дозволена само како последно средство во постапката и само под услови и во траење определени со овој закон;
- се забранува арбитрерно и незаконито лишување од слобода;
- нехумано и нечовечко постапување;
- постапување на разумен рок;
- право на детето и неговиот законски застапник имаат право да бидаат информирани за текот на постапувањето и
- право на поплаки и преставки за заштита на правата пред Народниот правобранител и други органи и институции кои имат надлежност да се грижат за правата на детето.

## 5. Дефинирање на основни поими во системот на правда за децата

Во однос на дефинирањето на категориите деца спрема кои може да се применат мерките, Законот ги дефинира следниве категории деца:

- *дете* е секое лице на возраст до 18 години;
- *дете во ризик* е секое дете кое наполнило 7, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите односно старателите, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело;
- *дете во ризик до 14 години* е секое дете кое во времето на извршување на кривичното дело за кое е утврдена парична казна или затвор над три години или прекршокот, наполнило 7, а не наполнило 14 години;
- *дете во ризик од 14 до 18 години* е секое дете кое во времето на извршување на кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор до три години или прекршокот наполнило 14, а не наполнило 18 години;
- *дете во судир со закон од 14 до 16* години е секое дете кое во времето на извршување на кривичното дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 14, а не наполнило 16 години;
- *дете во судир со закон над 16 години* е секое дете кое во времето на извршување на кривичното дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 16 години, а не наполнило 18 години;

- *дете жртва* е секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело;
- *помладо полнолетно лице* е лице кое во времето на пресудување за дејствие со закон предвидено како кривично дело наполнило 18, а не наполнило 21 година;
- *мерки* се мерки на помош и заштита определени со закон кои не се состојат во одземање и ограничување на слободите и правата на децата поради сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело или прекршок или состојба на ризик, кои спрема детето, родителите, односно старателите може да ги примени суд или други органи определени со овој закон;
- *санкција* е правна последица на дејствие со закон предвидено како кривично дело и прекршок, која се состои во помош и заштита или ограничување или одземање на определени слободи и права на дете од 14 до 18 години поради дејствие предвидено со закон како кривично дело или прекршокот, што ја изрекува суд во постапка определена со овој закон;
- *надлежен суд* е судија за деца и совет за деца;
- *други специјализирани органи* се центрите за социјална работа, јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи и установите за извршување на санкции за деца; и
- *семејство* се родителите, односно старателите на детето, полнолетните роднини по крв во права линија, брат или сестра, брачниот другар, како и други полнолетни лица со кои детето живее во заедничко домаќинство.

## 6. Постапување со дете во ризик и преземање на мерки на помош и заштита

Грижа за благосостојбата на децата може да се препознае во одредбите со кои се регулираат мерките на помош и заштита, каде е предвидено исклучување на санкциите предвидени со овој закон и постапувањето со деца во ризик до и над 14 годишна возраст. Возраста на кривична одговорност, според законот е поставена на 14 години. Децата на возраст од 7 до 14 години коишто ќе извршат кривично дело/прекршок или се во ризик од извршување на престап се упатуваат во институцијата за социјална заштита (т.е. во Центрите за социјална работа) од страна на јавниот обвинител.

Спрема детето кое во време на извршувањето на кривичното дело или прекршокот, не наполнило 14 години, не може да се примени санкција предвидена со овој закон. Спрема дете во ризик до 14 години и над 14 години може да се применуваат мерки на помош и заштита, кои се од најдобар интерес за детето и неговото воспитување и развој. Со ова решение се имплементира Препораката Р (87) 20 на Советот на Европа, за социјална реакција на малолетничката деликвенција, која бара постапувањето да се одвива во природната средина на детето, ги фаворизира вонинституционалните методи на работа со активно вклучување на сите засегнати страни.

Мерките на помош и заштита се мерки утврдени со закон во областа на образованието, во здравствената, социјалната, семејната и во други облици на заштита.

Во Законот е предвидена посебна постапка за постапување со деца во ризик. Спрема дете во ризик се применуваат мерки на помош и заштита само во случај кога Центарот за социјална работа ќе оцени дека состојбата на ризик се одразува врз развојот на личноста на детето и неговото правилно воспитување. Исто така, овие мерки може да се применуваат и спрема родителите доколку тие го занемариле или

злоупотребиле вршењето на своите права или должности во однос на заштитата на личноста, правата и интересите на детето.

Во ваков случај надлежните институции Министерството за внатрешни работи, Центарот за социјални работи, училиштетото или друга институција во која детето се воспитува, имаат обврска меѓусебно да се известуваат за однесувањето на детето за кое е утврдено дека се наоѓа во состојба на ризик. Постапката започнува со известувања (во кое се содржани податоци за детето, неговите родители и за дејствието кое го извршил) кои Центарот за социјални работи ги добива од МВР, јавното обвинителство, училиштетото, семејството, оштетениот или друго лице. Во рок не подолг од 15 дена, по прием на известувањето, или во случај на загрозеност на интересите на детето не подолго од 36 часа Центарот за социјална работа, покренува постапка од доверлив карактер и го повикува детето и родителите на разговор за утврдување на околностите кои довеле до состојба на ризик. Разговорот го води претставник на стручен тим или стручен тим составен од педагог, социјален работник, психолог и дипломиран правник, во посебни простории. Во случаите кога дејствието на дете во ризик до 14 години со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор од најмалку пет години или кога постои загрозеност на личноста, правата и интересите на детето, задолжително на разговорот присуствува адвокат кој доколку родителите не го ангажираат се определува адвокат по службена должност.

Адвокатот е должен да даде правно мислење за случајот во писмена форма во рок од 7 дена од разговорот со стручниот тим. Ако стручниот тим не го прифати правното мислење  или адвокатот не го даде правното мислење  во предвидениот рок, центарот е должен во рок од 7 дена да го извести  надлежниот судија за деца да донесе одлука за неговото натамошно постапување.

Трошоците за адвокатот ги сносат родителите/старателите на детето, а во случаи кога не се во состојба да ги платат, тие паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија и се исплатуваат согласно со одредбите од Законот за бесплатна правна помош.

Врз основа на прибраните известувања и други податоци со кои располага Центарот, како и по спроведениот разговор со родителите/ старателите и детето во ризик, стручниот тим во рок од 30 дена изготвува план со мерки и активности за индивидуална работа со детето. Најдолго во рок од 10 дена по донесувањето на планот, стручниот тим разговара по вторпат со родителите односно старателите со кои живее детето со цел за непосредно да се увери дали тие можат да водат грижа за него и дали можат да бидат отстранети причините за неговото однесување и состојбата на ризик. Стручниот тим се состанува со родителите, односно старателите најмалку еднаш месечно. Мерките на помош и заштита можат да траат до наполнувањето на 18 години на детето. Ако родителите односно старателите не го спроведуваат планот, центарот во рок од 7 дена од утврдувањето на таквата околност, го известува надлежниот судија за деца кој во рок од три дена донесува одлука за примена на мерките содржани во планот. Ако родителите односно старателите не постапат според одлуката на судот, судот ќе го извести јавниот обвинител за натамошно постапување.

Во рамките на постапката со деца во ризик, во случај кога детето со извршување на кривичното дело или прекршок, прибавило имотна корист или предизвикало штета на друг, Центарот за социјална работа може да посредува меѓу детето и неговите родители односно старатели и оштетениот, заради заемно помирување и ветување дека нема да се повтори делото и за враќање на имотната корист или надоместување на предизвиканата штета. Постапката на посредување трае најдолго до 30 дена и ако се постигне спогодба таа има карактер на восудско порамнување против кое не може да се поднесе жалба, а ако посредувањето е неуспешно, оштетениот може во рок од 30 дена откако е констатиран неуспехот на посредувањето, да поднесе предлог за поведување на постапка за конфискација на имотот и имотната корист од лицето врз кое е пренесен имотот или имотната корист или имотноправното барање за надоместување на штетата.

## 7. Системот на санкции за кривични дела и прекршоци

Системот на кривични санкции спрема децата овозможува индивидуален третман и специјална превенција. Ваквиот пристап е прифатен и со законот, кој при определувањето и примената на мерките и санкциите кон децата ги имплементира начелата содржани во Конвенцијата за правата на детето. Целта на воспитните мерки, казните, алтернативните мерки и на прекршочните санкции е преку давање заштита и помош на децата со вршење надзор над нив, со нивно стручно оспособување и со развивање на нивната лична одговорност да се обезбеди нивно воспитување, превоспитување и правилен развој. Санкцијата што му се изрекува на детето треба да одговара на неговата личност, тежината кривичното дело или прекршок и неговите последици, потребата од неговото воспитување, превоспитување, образование и развој, заради обезбедување и заштита на најнеопходниот интерес за детето. Казна што се состои во лишување од слобода, суд може да изрече само кога целта на воспитните мерки, казнувањето или алтернативните мерки не може да се постигне со мерки на помош и заштита.

На дете од 14 до 16 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат само воспитни мерки.

На дете од 16 до 18 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок може да му се изрече казна или алтернативна мерка.

Дете од 16 до 18 годишна возраст може да биде ослободено од казна под општите услови определени со Кривичниот законик.

### 7.1. Воспитни мерки

Доколку се работи за деца на возраст над 14 години, можат да се изречат само воспитни мерки. Некои од таквите воспитни мерки се од институционален карактер, како на пример, згрижувањето во центар за

деца, и воспитно поправната установа. Имено, на дете над 14 годишна возраст може да му се изречат следниве воспитни мерки:

- *дисциплински мерки – укор или упатување во центар за деца* (се изрекувааат кога не постои потреба од потрајни мерки на воспитување, а особено ако сторило кривично дело од непромисленост или лекоумност).
- *мерки на засилен надзор - засилен надзор од страна на родителите, односно старателот, засилен надзор од страна на згрижувачко семејство, засилен надзор од страна на центарот* (се изрекуваат кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување со соодветен надзор, а не е потребно негово целосно одвојување од дотогашната средина.
- *заводски мерки – упатување во воспитна установа или упатување во воспитно - поправен дом* (се изрекуваат кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување и негово целосно одвојување од дотогашната средина.

Траењето на овие мерки не може да биде подолго од пет години, но најмногу до наполнети 23 години. При изборот на воспитната мерка судот ќе ја земе предвид возраста на детето, степенот на неговата душевна развиеност, неговите психички својства, наклонетостите, побудите од кои го сторил дејствието, дотогашното воспитување, средината и приликите во кои живеел, тежината на стореното дејствие, дали спрема него порано била изречена воспитна мерка или казна затвор за деца и сите други околности што влијаат врз одредувањето на видот на мерката за постигнување на нејзината цел определена со закон.

### 7.1.1. Дисциплински мерки

Дисциплинските мерки кои се преземаат спрема децата сторители на кривично дело се - укор и упатување во центар за деца.

***а)Укор***

Укор се изрекува ако е доволно и само прекорување на детето за стореното дејствие. Во практиката, укорот се изрекува тогаш кога дејствието на малолетникот може да се оцени како пречекорување на нормите на однесувањето кое се смета за прифатливо и дозволено, а самото дете воопшто не било свесно дека со тоа повредува правна норма *(Бужаровска, 2008).* При изрекувањето на укорот на детето ќе му се укаже на штетноста од неговата постапка и ќе се предупреди дека во случај на нејзино повторување спрема него може да биде изречена друга санкција.

***б) Упатување во центар за деца***

Судот ќе ја изрече мерката упатување во центар за деца кога ќе оцени дека е потребно со соодветни краткотрајни мерки да се изврши влијание врз личноста и поведението на детето. Детето на кого му е изречена оваа мерка судот може да го упати во центар за деца:

- на определен број часови во текот на денот во празнични денови и тоа најмногу во четири празнични денови едно по друго;
- на определен број часови во текот на денот, но најмногу еден месец; или
- на непрекинат престој на определен број денови, но не повеќе од 20 дена.

Оваа мерка се извршува во посебни установи кои ги исполнуваат условите, како што се прифатилишта, интернати и други образовни установи и установи за работа со млади, ако во нив во слободното втеме се организира центар за деца во местото на живеалиштетот на детето. При изрекувањето на оваа мерка судот ќе води сметка за тоа со нејзиното извршување детето да не изостане од редовната настава или од работата. Во центарот за деца, детето ќе врши работи што одговараат на неговата психофизичка состојба. Кога ќе изрече упатување во центар за деца, судот може да определи за време и по извршувањето на оваа мерка детето да се стави под засилен надзор на центарот, за период не подолг од шест месеци.

### 7.1.2. Мерки на засилен надзор

Мерки за засилен надзор, кои се преземаат спрема малолетници, се засилен надзор од страна на родителите или старателот, засилен надзор од страна на згрижувачко семејство и засилен надзор од страна на центарот.

***а) Засилен надзор од страна на родителите односно старателите***

Судот ќе изрече мерка на засилен надзор од страна на родителите, односно старателите ако родителите, односно старателите пропуштиле, а биле во можност да вршат надзор над детето. Кога судот ќе ја изрече оваа мерка ќе им наложи на родителите или старателите одредени должности во поглед на мерките што треба да се преземат за воспитување на детето, за негово лекување и за отстранување на штетните влијанија врз него, а може да им даде и потребни упатства. Судот дополнително ќе одлучи за престанок на оваа мерка со тоа што тоа не може да трае помалку од 1 година ниту подолго од 3 години.

***б) Засилен надзор од страна на згрижувачко семејство***

Оваа мерка судијата за деца ќе ја изрече кога ќе утврди дека родителите или старателите на детето не се во можност да вршат надзор над него или ако тоа основано не може да се очекува од него, детето ќе му се предаде на згрижувачко семејство кое сака да го прими и кое има можност да врши засилен надзор над него. Извршувањето на оваа мерка ќе се запре кога родителите односно старателите на детето ќе се здобија со можност да вршат засилен надзор над него или кога според резултатите на воспитувањето и превоспитувањето ќе престане потребата од засилен надзор. Со цел да се утврди напредокот во однесувањето на детето, судот ќе определи ЦСР за да го проверува извршувањето на оваа мерка и да му укажува потребна помош на семејството на кое му е дадено детето. Од напредокот ќе зависи одлуката за престанок на оваа мерка.

### *в) Засилен надзор од страна на Центарот за социјална работа*

Оваа мерка судот ќе ја изрече кога ќе оцени дека родителите односно старателите не се во можност да вршат засилен надзор над детето, а не постојат услови за предавање на детето на згрижувачко семејство заради вршење ваков надзор, детето ќе се стави под надзор на центарот. Судот дополнително ќе одлучи мерката да престане, со тоа што нејзиното траење не може да биде пократко од 1 ни подолго од 3 години. За времетраењето на мерката детето и натаму останува да живее кај своите родители или кај други лица кои го издржуваат, а засилениот надзор врз него го врши центарот. Ако детето не може да остане во семејството во кое живеело, центарот ќе го смести во воспитна установа и ќе се грижи за неговото школување или вработување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за подобрување на приликите во кои живее.

### *г) Посебни обврски кон мерката засилен надзор*

При изрекувањето на некоја од воспитните мерки на засилен надзор, судот може на детето да му одреди една или повеќе посебни обврски ако тоа е потребно за поуспешно извршување на изречената мерка. Судот може на детето да му ги одреди овие обврски:

- да му се извини лично на оштетеното лице;
- да ја поправи или надомести штетата предизвикана со стореното дејствие;
- редовно да го посетува училиштето;
- да не изостанува од работното место за деца над 15 години;
- да се оспособи за работа што одговара на неговите способности, наклонетости и физичка сила за деца над 15 години;
- да прифати работа за деца над 15 години;
- да му забрани употреба на алкохолни пијалаци, дрога и други психотропни супстанции;
- да се упати во соодветна здравствена установа или советувалиште,полезно да го користи слободното време;

- да не контактира со лица кои штетно влијаат врз неговата личност;
- да се остручи и преквалификува заради задржување на работното место што го зазема или за создавање претпоставки за вработување за деца над 15 години;
- да овозможи увид и да прифати совети во врска со распоредувањето и трошењето на платата и другите приходи што ги остварува;
- да се вклучи во работа на хуманитарна организација, комунална, еколошка или невладина организација;
- да се вклучи во одредена спортска, културно-забавна организација или здружение со обврска да ги посетува редовните проби или тренинзи; и
- да му се забрани движење без придружба на неговите родители односно старатели од 22,00 часот до 5,00 часот.

Судот може, по предлог од центарот, да ги измени или укине посебните обврски што ги одредил. При одредувањето на обврските судот посебно ќе им укаже на детето и на неговиот родители односно старатели/ во случај тоа да не ги исполни обврските, мерката може да му биде заменета со упатување во центар за деца или со заводска мерка. Центарот врши постојан надзор и му помага на детето во исполнувањето на одредените обврски, соработува со родителите односно старателите и го известува судот најмалку еднаш на шест месеци за постигнатиот успех во спроведувањето на посебните обврски.*(Сунчица Димитријоска, социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, 2010).*

### 7.1.3. Заводски мерки

***а) Упатување во воспитна установа***

Судот може да упати во воспитна установа дете врз кое треба да се обезбеди постојан надзор од страна на стручни лица (со стручна и школска подготовка за воспитувачи) заради воспитување, превоспитување и

правилен развој. Во воспитната установа детето останува најмалку шест месеци, а најмногу три години. При изрекувањето на оваа мерка судот не го определува нејзиното траење туку за тоа дополнително одлучува.

### *б) Упатување во воспитно-поправен дом*

Дете спрема кое треба да се применат потрајни и засилени мерки за воспитување и превоспитување и негово целосно одвојување од дотогашната средина, судот може да го упати во воспитно-поправен дом. Со оглед на факот дека се работи за институционална мерка која претпоставува постојан престој на детето во воспитно-поправниот дом,при одлучувањето дали ќе ја изрече оваа мерка судот посебно ќе ја земе предвид тежината и природата на стореното дејствие и околноста дали спрема детето порано биле изрекувани воспитни мерки или казна затвор за деца.

Работата во Воспитно-поправниот дом се организира така што на детето му се обезбедуваат услови за основно и средно образование и воспитание, за стекнување и развивање на позитивни навики, на вредносни особини и за работно оспособување за одделни занимања. Ако во воспитно-поправниот дом не постои настава од одреден степен на образование, детето може таквата настава да ја посетува надвор од воспитно-поправниот дом, Во воспитно-поправниот дом на детето му се обезбедуваат услови за користење на слободното време со културни, забавни и спортски аткивности. Додека престојува во воспитниот поправен дом детето може да одржува контакти со семејството и други лица и институции кои можат позитивно да влијаат на неговата ресоцијализација *(Бужаровска, 2008).* Во воспитно-поправен дом детето останува најмалку една година, а најмногу пет години, односно до наполнети 23 години. При изрекувањето на оваа мерка судот не го определува нејзиното траење, туку за тоа дополнително одлучува. Судот ја преиспитува потребата од престој во воспитно-поправниот дом секоја година, по службена должност, по предлог на јавниот обвинител или по предлог на воспитно-поправниот дом.

## 7.2. Казнување на деца

Според Законот за правда на децата, може да се казни дете кривично одговорно над 16 годишна возраст само ако поради тешките последици од стореното дело и високиот степен на кривичната одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка. Под условите определени со овој закон можат да му се изречат следниве казни:

- затвор за деца;
- парична казна;
- забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија; и
- протерување на странец од земјата.

### *7.2.1. Затвор за деца*

Затвор за деца само како главна казна може да се изрече на дете кривично одговорно над 16 годишна возраст кое сторило кривично дело за кое е утврдена казна затвор од 5 години или потешка казна, ако делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот и притоа не би било оправдано да се изрече воспитна мерка. Затворот за деца не може да биде пократок од 1 ниту подолг од 10 години, а се изрекува на полни години или на половина година.

При одмерувањето на казната затвор за деца судот ќе ги земе предвид сите околности што влијаат казната да биде поголема или помала, пропишани во Кривичниот законик, водејќи посебно сметка за степенот на душевната развиеност на детето и за времето потребно за неговото воспитување, превоспитување и стручно оспособување. Применувајќи ги меѓународните стандарди детето се сместува одвоено од полнолетните, додека е во затвор за деца треба да се обезбедат работни ангажмани и воспитни активности кои ќе ги отстранат негативните последици од лишувањето од слобода. Во иста просторија може да бидат сместени најмногу пет деца.

### *7.2.2. Парична казна*

Парична казна може да се изрече како главна казна. Како исклучок, за дела сторени од користољубие, паричната казна може да се изрече како споредна казна заедно со казната затвор за деца или со условна осуда со заштитен надзор. Паричната казна се изрекува во дневни глоби. Бројот на дневните глоби не може да биде помал од една ниту поголем од 120 дневни глоби. Неплатената парична казна судот може да ја замени со мерката општокорисна работа. Една дневна глоба се заменува со три часа општокорисна работа, при што вкупниот број часови општокорисна работа не може да биде поголем од 100 часа. Исто така, неплатената парична казна или неизвршената или делумно извршената општокорисна работа судот може да ја замени и со мерка упатување во центар за деца, или со мерка на засилен надзор.

### *7.2.3. Забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земјата*

Забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земјата можат да се изречат како главна казна или како споредна казна заедно со парична казна.

## 7.3. Алтернативни мерки

Цел на алтернативните мерки е спрема кривично одговорното дете над 16 годишна возраст да не се примени казна кога тоа не е нужно, заради спречување на вршење кривични дела и кога може да се очекува дека предупредувањето со закана на казна и примената на мерки на помош, заштита и надзор на слобода доволно ќе влијае врз неговото воспитување, превоспитување и правилен развој.

Алтернативни мерки судот може да изрече само кога постои слободно изразена волја на детето. Алтернативни мерки може да се изречат на кривично одговорно дете над 16 годишна возраст за стореното

кривично дело и тоа:

- условна осуда со заштитен надзор;
- условно прекинување на водење на постапка спрема детето;
- општокорисна работа.

### *7.3.1. Условна осуда со заштитен надзор*

Оваа мерка може да се изрече кога на детето му е утврдена казна затвор во траење до три години или парична казна. Ако на детето му е утврдена и казна затвор за деца и парична казна, судот може да изрече условна осуда за двете казни или само за казната затвор за деца. Времето за проверување не може да биде пократко од една ниту подолго од три години. Заштитниот надзор се состои во една или повеќе обврски за кои детето е должно да се придржува во времето за проверување. Помош и грижа, надзор и заштита во исполнувањето на обврските од страна надетето врши центарот кој е должен со практични совети да го поттикнува и да му помага во нивното исполнување, да соработува со родителите односно старателите и повремено, а најмалку еднаш на три месеци, да го известува судот за состојбите со исполнувањето на определените обврски. Судот ќе ја отповика условната осуда со заштитен надзор ако детето во времето за проверување не ги исполнува обврските или стори кривични дела за кои е утврдена казна затвор за деца во траење подолго од три години, или ако по изрекувањето на условната осуда со заштитен надзор утврди дека детето извршило кривично дело пред да биде изречена условна осуда со заштитен надзор и дека е неопходна казна за претходно сторените дејствија што со закон се предвидени како кривични дела.

### *7.3.2. Условно прекинување на водење на постапка спрема детето*

Судот може да одлучи условно да ја прекине постапката спрема дете над 16 годишна возраст за кривично дело за кое е утврдена

парична казна или казна затвор до пет години, под услов во рок од две години да не стори друго кривично дело. Предуслов за ваквата одлука на судот е ако детето изрази каење за извршеното дело, ја надомести штетата или се помири со оштетениот, кој е согласен со прекинувањетона постапката.

### *7.3.3. Општокорисна работа*

Судот може да изрече на кривично одговорно дете над 16 годишна возраст за сторено кривично дело за кое е утврдена парична казна или казна затвор до три години. Општокорисна работа може да трае од 5 до 100 часа со цел да се изврши воспитно влијание врз личноста и поведението на детето. Надзор над исполнувањето на оваа мерка врши центарот кој најмалку еднаш месечно го известува судот, а во случај ако детето не ги исполнува или неуредно ги исполнува работни обврски, судот ќе ја замени оваа мерка со мерката упатување во центар за деца или со мерка на засилен надзор.

## 7.4. Мерки на безбедност

Воспитната мерка или казната затвор за деца може бидат надополнети со една од следниве мерки на безбедност:

- задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и задолжително психијатриско лекување на слобода, се изрекува на непресметливо дете;
- задолжително лекување на алкохоличари и наркомани како мерка на задолжително лекување на деца од зависности може да се изрече и без изрекување на воспитна мерка или казна. Кога мерката се изрекува со воспитна мерка или казна, таа се извршува во специјализирано одделение на установата.

Времето поминато во установа за извршување на мерката на безбедност се засметува во изречената казна затвор за деца или заводска мерка. По извршувањето на мерката на безбедност, судот ќе

одлучи дали ќе продолжи извршувањето на казната затвор за деца и заводската мерка.

### 7.5. Санкции за прекршоци

На дете од 14 до 16 годишна возраст за прекршок може да му се изречат:

- мерка укор;
- мерка на засилен надзор од страна на родителите односно старателите;
- мерки на засилен надзор од страна на центарот.

Мерката на засилен надзор не може да се изрече во траење пократко од 30 дена ниту подолго од една година, а кон засилениот надзор судот може да одреди задолжително лекување од зависности. На дете над 16 годишна за прекршок може да му се изрече воспитната мерка, а по исклучок на прекршочно одговорно дете над 16 годишна возраст и глоба и протерување на странец од земјата.

#### 7.5.1. Глоба

Согласно Законот за прекршоците на дете над 16 годишна возраст, по исклучок, може да му се изрече глоба за прекршок во износ кој не може да биде помал од 15 евра во денарска противвредност ниту поголем од 800 евра во денарска противвредност.

За прекршоци сторени од користољубие судот може да изрече глоба до двократниот износ или во сразмер со прибавената корист, но најмногу до десеткратниот износ на глобата. Ако детето не ја плати глобата во определениот рок, судот може да ја замени со општокорисна работа, така што износот од 15 евра во денарска противвредност се заменува со три часа општокорисна работа, со тоа што вкупниот број на часови општокорисна работа не може да надмине 40 часа, или да изрече воспитна мерка на засилен надзор.

Како споредна санкција, заедно со глобата, судот може да му изрече

на детето кое е странец и протерување од земјата. На дете на кое за прекршок му е изречена воспитна мерка или глоба може да му се изрече прекршочна санкција задолжително лекување од зависности.

## 7.6. Санкции за полнолетни лица за кривични дела кои ги сториле како деца

На полнолетно лице кое наполнило 21 година не може да му се суди за кривично дело кое го извршило како дете од 14 до 16 годишна возраст, освен за кривични дела за кои е утврдена казна поголема од пет години. Судот може да му изрече само мерка на засилен надзор или заводска воспитна мерка и при оцената дали ќе ја изрече оваа мерка, судот ќе ги земе предвид сите околности на случајот, а особено тежината на стореното дело, времето што поминало од неговото извршување, поведението на сторителот и целта на оваа` воспитна мерка. На полнолетно лице за како кривично дело кое го извршило како дете над 16 годишна возраст може да му се изрече соодветна мерка на засилен надзор или заводска воспитна мерка, казна или алтернативна мерка. На сторител кој како помладо полнолетно лице извршило кривично дело, а во времето на пресудувањето не наполнило 21 година, судот може да му изрече мерка на засилен надзор или заводска мерка, ако со оглед на неговата личност и околностите под кои е сторено делото, може да се очекува дека и ќе се постигне целта што би се остварила со изрекувањето на казната. На помладо полнолетно лице на кое му е изречена воспитна мерка судот, може да му изрече и мерка на безбедност, кој може да трае најмногу до наполнетите 23 години.

## 7.7. Постапка за примена на мерки на одвраќање

Законот предвидува постапка за посредување и порамнување кај децата. Имено, во случај на пријава за сторено кривично дело од дете над 14 години, за кое е утврдена парична казна или казна затвор до три

години, надлежниот јавен обвинител може да донесе една од следниве одлуки:

- да не поведе постапка доколку смета дека не би било целесообразно да се води постапка со оглед на природата на кривичното дело и на околностите под кои е сторено, на поранешниот живот на детето и на неговите лични својства, како и кога извршувањето на казната или на воспитната мерка е во тек;
- условно да го одложи поведувањето на постапката за време од шест месеци под услов во тој рок детето да не стори друго кривично дело и да ја надомести штетата;
- да не поведе постапка доколку врз основа на извештајот од центарот утврди дека е постигната спогодба меѓу детето и неговото семејство и оштетениот за враќање на имотната корист, надоместувањето на штетата или поправањето на штетните последици на делото.

Одлуките јавниот обвинител може да ги донесе кога ќе оцени дека случајот е јасен, кога за тоа постои согласност од детето и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот, по претходно прибавен извештај од центарот. Центарот е должен на барање на јавниот обвинител најдоцна во рок од еден месец да му достави извештај во кој треба да биде содржано мислење и предлог каква одлука за донесе обвинителот Пред донесување на одлуката јавниот обвинител може да побара посебен извештај од Министерството за внатрешни работи за околностите под кои е сторено кривичното дело. Постапката за посредување и порамнување е исклучена ако кривичното дело имало за последица смрт на некое лице. Програмите за пренасочување се насочени кон избегнување на прв или ран контакт со кривично-правниот систем преку насочување на децата надвор од формалниот правосуден систем на прогонот. Иако во теоријата пренасочувањето може да се употреби за кој било престап, во пракса, тоа се користи за малолетници или за престапи извршени првпат.

Проширените овластувања на јавниот обвинител се гледаат и преку можноста да одлучи да не поведе судска постапка иако постојат докази дека детето сторило кривично дело за кои е утврдена казна затвор до пет години.

Со ова решение се проширува опфатот на примената на начелото на целосообразност. Пред донесување на ваква одлука обвинителот е должен да ги процени природата на кривично дело и околностите под кои е сторено, поранешниот живот на детето и на неговата личност. Заради утврдување на околностите јавниот обвинител е должен да побара мислење од Центарот за целесообразноста за поведување на постапка спрема детето, да побара известување од родителите, односно старателите, од други лица и установи, а кога е тоа потребно може овие лица и детето да ги повика во јавното обвинителство заради непосредно запознавање. Ако за донесување на одлуката треба да се испитаат личните својства на детето, јавниот обвинител може, во спогодба со центарот, да го упати детето во прифатилиште или во установа за испитување или воспитување, кое може да трае најдолго еден месец. Кога е во тек извршување на казна или друга санкција јавниот обвинител може да одлучи да не бара поведување на постапка за друго кривично дело ако со оглед на тежината на тоа, како и на казната, односно санкцијата што се извршува, не би имало цел водење на постапката и изрекување на санкција за тоа дело.

Доколу јавниот обвинител одлучи дека не е целесообразно да се поведе постапка спрема детето, за тоа ќе го извести оштетениот со наведување на причините поради кои не повел постапка. Оштетениот може во рок од осум дена да бара од советот за деца да одлучи за поведување на постапка.

## 7.8. Постапка на медијација

Медијацијата како метод на посредување и помирување на сторителот и жртвата на кривичното всушност преставува едно од алтернативните решенија, и се применува за полесни кривични дела. Таа треба да му овозможи на малолетникот да сфати што сторил, акако се чувствувала жртвата, и дека со своето дело повредил туѓи чувства, тело или имот, да ги слушне страдањата на жртвата и последиците што ги претрпела. Потребно е малолетникот да сфати дека згрешил, да

почувствува одговорност и каење поради извршеното дело, и да биде свесен дека со педијацијата му се дава можност за поправање без да му се оформи криминално досие.

Кон медијација се пристапува кога има пријава за кривично дело за кое е предвидена казна затвор до 5 години. Јавниот обвинител, по претходна информирање и писмена согласност на детето и неговиот законски застапник, бранител и оштетениот може да ги упати страните на постапка за медијација. На медијација може да упати и судот за деца во случај кога е поведена судска постапка, од причини на целесообразност, а по претходна писмена согласност на детето и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот. До завршување на главниот претрес судот може постапката да ја прекине со решение и да ги упати страните на постапка на медијација.

Страните се должни да ја достават писмената согласност до јавниот обвинител или до судот за деца во рок од три дена од денот кога е предложено поведување на постапка на медијација по што страните спогодбено определуваат медијатор и го известуваат јавниот обвинител, односно судот за деца. Доколку во определениот рок страните не достават писмена согласност, се смета дека предлогот за медијација не е прифатен. Ако страните не можат да се спогодат јавниот обвинител, односно судот е должен да определи медијатор од Именикот на медијатори во рок од три дена и да ги извести страните.

Упатување на медијацијата е исклучено за кривични дела против половиот морал и половата слобода и родово засновани облици на насилство врз женски лица.

Времетраењето на постапката на медијација изнесува најмногу до 45 дена од денот на доставувањето на писмената согласност до надлежниот орган. Доколку во овој рок не заврши постапката за медијација, предметот се враќа кај јавниот обвинител, односно судската постапка продолжува таму каде што е прекината.

Постапката за медијација завршува:

- со склучување на писмена спогодба од страна на медијаторот и страните за постигнатата согласност за надоместок на

материјалната штета и моралната сатисфакција;

- со писмената изјава на медијаторот по извршените консултации со страните дека не се оправдани натамошни обиди за медијација, на денот на поднесувањето на изјавата;
- со истекот на рокот предвиден за завршување на постапката за медијација. Страните можат во кое било време да се откажат од постапката за медијација без притоа да ги наведат причините за тоа. Откажувањето ќе се смета од денот на поднесувањето на изјавата за откажување;
- медијаторот ќе ја запре постапката за медијација доколку смета дека е постигната спогодба што е незаконска или неподобна за извршување. Потпишаната писмена спогодба јавниот обвинител, односно судот ја потврдува со решение со кое истовремено констатира дека постапката е запрена;.
- ако јавниот обвинител, односно судот не ја прифати спогодбата, кога ќе оцени дека не се исполнети законските услови за медијацијата или нејзините цели, тогаш постапката продолжува таму каде што прекинала.

## 8. Процесни гаранции

Судските постапки кои се засноваат врз начелата на судење во разумен рок, право на одбрана, правичност, јавност, контрадикторност, двостепеност усност и непосредност, преставуваат дел од основните права на секое лице против кое се води судска постапка и и сите заедно го сочинуваат основниот поим правично судење. Во контекст на ова на дете над 14 години против кои се води судска постапка, му се гарантираат истите права што ги имаат полнолетните лица обвинети во кривичната и прекршочната постапка, како и посебните права признати со Конвенцијата за правата на детето и другите ратификувани меѓународни договори, во сите фази на постапката и во изрекувањето и извршувањето на која било санкција или мерка предвидена со овој закон.

Поаѓајќи од тоа дека малолетниците се лица со специфични потреби, тие бараат посебна заштита и грижа, вклучувајќи и соодветна правна заштита во текот на судската постапка. Со законот е воспоставено кривично процесно право кое се заснова пред се на личноста на сторителот, а не на самото дело. Неспорен е фактот дека постапката за изрекување на кривични санкции за деца преставува посебен, вид кривична постапка, поради начинот на покренување, текот на постапката и учесниците во неа. Поради тоа во законодавството се воведени диверзиони постапки (постапка за посредување и порамнување, постапка за медијација и посебна постапка за признавање на одговорноста и спогодување за висината на казната) со кои се избегнува формалното судско постапување со цел да се намалат штетните последици од строгите формални процедури.

Меѓутоа, се додека постои законска можност за спроведување на судска постапка, на детето мора да му бидат обезбедени *основните процесни гаранции* кои претставуваат гаранција за правично суд, кои во законот се дефинирани преку основните начела на постапката, како и гарантирање на основните права што обвинетото лице ги има во текот на целата постапка.

Прво е ***начелото на законитост,*** познато како nullum crimen sine lege - (нема казна без закон). На дете над 14 години не може да му биде изречена санкција за дејствие кое пред да биде сторено не било со закон определено како кривично дело или прекршок, и за кое не била пропишана санкција со закон (член 5 од Законот).Постапката спрема него ја води само надлежен суд.

Детето на кое му се става на товар дејствието што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок има право на ***правично судење во разумен рок.*** Разумниот рок законодавецот го ограничил пропишувајќи дека постапката спрема деца е итна и не може да трае подолго од 1 година од денот на приемот на предметот во судот до донесување на првостепена одлука, освен за кривични дела за кои е утврдена казна затвор од најмалку 4 години, и во тој случај, целата постапка може да трае најдолго 1 година и 6 месеци. Кога се работи за сторен прекршок, постапката може да трае најдолго девет месеци. Кога

детето не е достапно судот донесува решение за прекин на постапката. Во тој случај роковите престануваат да течат за времето кога било недостапно, но не подолго од навршување 27 години возраст на сторителот. Постапката се запира по службена должност.

Значајна гаранција е ***задолжителна одбраната*** на детето во сите фази на судската постапка, што им овозможува на детето и неговиот законски застапник пред надлежните органи да имаат бранител кој покрај одбраната, се грижи и за заштита на правата и интересите на детето од повреди во текот на постапката. Децата имаат право на бесплатен законски бранител во текот на судската постапка и доколку детето или неговите родители односно старатели нема да земат бранител, јавниот обвинител по службена должност од листата на адвокати ќе му постави бранител. Исто така, и бранителот од редот на адвокатите го именува судот по службена должност, ако самото дете или неговиот законски застапник не обезбеди бранител. Во случаите кога детето и неговите родителите односно старателите не се во состојба да ги платат трошоците за адвокатот, трошоците на одбраната паѓаат на товар на судскиот буџет. Се смета дека родителите не се во состојба да ги платат трошоците за адвокат ако остваруваат вкупни месечни приходи помали од просечната нето месечна плата во Република Македонија, за што треба да достават потврда за вкупните месечни приходи најдоцна во рок од пет работни дена од денот на добиеното известување за потребната докуметација. Ако родителите односно старателите не достават таква потврда ќе се смета дека тие не се во состојба да ги платат трошоците на адвокатот.

Со ова се гарантира правото на ***бесплатна правна помош*** што му овозможува на секое лице да биде застапувано од стручно лице кое ќе ги штити неговите правни интереси. Правото на одбрана според законот за правда на децата, значи дека во текот на подготвителната постапка на секое процесно дејствие на кое присуствува јавниот обвинител мора да присуствува и бранител додека присуството на бранителот на главниот претрес е процесна претпоставка за негово одржување, односно детето може да биде испитувано само во присуство на неговиот бранител. Исто

така, присуство на бранител е задолжително секогаш кога малолетникот се испитува во суд или е задржан при МВР. Правото на бранител е уставно право загарантирано со член 12 од Уставот на Република Македонија, додека Законот за кривична постапка пропишува обврска на судот најпрвин на јасен начин да го поучи обвинетото лице дека има право да се советува со адвокат и да има бранител по сопствен избор за време на испитувањето (*Стојковска, 2008)*. На детето може и во прекршочна постапка да му се определи бранител по службена должност ако судијата за деца одлучи дека тоа е неопходно.

Тоа што постапката спрема деца ја прави битно поразлична од класичната кривична постапка е ***правото на приватност*** содржано во член 91, според кој судот и другите органи што учествуваат во постапката се должни да обезбедат заштита на приватноста на детето и на неговото семејство преку исклучување на јавноста секогаш кога му се суди на дете.Ова не значи дека судењето е тајно, бидејќи судот може да дозволи на главниот претрес да присуствуваат и лица кои се занимаваат со заштита и воспитување на деца, лица за заштита на правата на децата при народниот правобранител, лица блиски на детето, претставници на организации за заштита на правата на децата, како и научни работници.

Во текот на судењето детето и законскиот бранител, мораат постојано да бидат присутни. Дополнително, доколку тоа не е спротивно или штетно за интересите на малолетникот, во текот на целата постапката можат да присуствуваат и неговите или нејзините родители односно старателите. Исто така и оштетениот и неговиот полномошник можат да присуствуваат на сите дејствија во текот на постапката, освен кога судот ќе оцени дека нивното присуство може да има штетно влијание врз детето.

Исклучувањето на општата јавност е во функција на заштита на моралот и интересите на детето. Во насока на заштита на приватноста е и забраната за објавување на одлуките (член 92), односно без дозвола на судот не смее да се објави текот на постапката, ниту донесената одлуката. Може да се објави оној дело постапката, или онокј дел од одлуката за кој

постои одобрение, но во тој случај не смее да се наведе името на детето и другите податоци врз основа на кои би можело да се заклучи за кое дете станува збор.

Дел од правата на правично судење на детето е и правото на детето да ***не може да му се суди во отсуство.*** Оттука неговото просуство во текот на постапката е задолжително, освен кога за време на изведувањето на одделни докази или на говорот на странките, судот може да нареди детето да се отстрани од претресот.

При преземањето на дејствијата на кои присуствува дете, а особено при неговото испитување, органите што учествуваат во постапката се должни да постапуваат претпазливо, водејќи сметка за душевната развиеност, чувствителноста и личните особини на детето, за да не влијае штетно водењето на постапката врз развојот на детето. Детето се испитува на начин што одговара на неговата возраст, околностите на случајот и на неговата психофизичка состојба.

Никој не може да биде ослободен од должноста да сведочи за околностите потребни за оценување на душевната развиеност на детето, за запознавање на неговата личност и за приликите во кои живее.

Кога детето во извршувањето на кривичното дело или прекршокот учествувало заедно со полнолетно лице, постапката спрема него ќе се издвои и ќе се спроведе според одредбите од оваа глава. Постапката спрема детето може да се спои со постапката против полнолетно лице и да се спроведе според општите одредби од Законот за кривичната постапка само ако спојувањето на постапката е неопходно за сестрано разјаснување на работите. Решение за тоа донесува судот за деца, по образложен предлог од јавниот обвинител. Кога се спроведува единствена постапка за дете и за полнолетни сторители, во однос на детето ќе се применат одредбите од овој закон кога на главниот претрес се разјаснуваат прашањата што се однесуваат на дете, доколку нивната примена не е во спротивност со водењето на споената постапка. Кога лицето извршило кривично дело како дете, а некое како полнолетно лице, ќе се спроведе единствена постапка според Законот за кривичната постапка пред советот што им суди на полнолетните лица.

Во постапката спрема деца, Центарот има право да се запознае со текот на постапката, да става предлози и да укажува на фактите што се однесуваат на личноста и приликите во кои живее и се развива детето, а се од важност за донесување на правилна одлука За секое поведување на постапка спрема дете органот овластен за поведување на прекршочна постапка ќе го извести надлежниот центар.

Детето се повикува преку родителите односно старателите, освен ако тоа не е можно поради потребата од итно постапување или од други околности. Родителите, законскиот застапник, односно органот за старателство задолжително и веднаш, но најдоцна за два часа се известуваат за повикувањето на детето.

Доставувањето на одлуки и на друга писмена до детето се врши согласно со одредбите од Законот за кривичната постапка и Законот за прекршоците, со тоа што до детето не се доставуваат писмена со истакнување на огласната табла на судот. Доставата е уредна ако одлуката е доставена до адвокатот, односно родителите/ старателите.

## 9. Судска постапка

Кога децата ќе дојдат во судир со законот, важно е да се обезбеди отпочнувањето на судската постапка, што е можно поскоро. Постапката спрема малолетниците мора да биде итна и ефикасна. Принципите на итност и ефикасност покрај другото се присутни поради временската ограниченост поврзана со годините на детето кога на истото му се суди и му се изрекуваат санкции, во кој период е опфатено и извршувањето на кривичните санкции. Не постојат посебни малолетнички судови, туку во основните судови со проширена надлежност се формирани Специјализирани судски оддели за криминалитетот на децата кои ги сочинуваат судии за деца, совети за деца и советници за деца, кои се специјализирани за предметите од оваа област.

Советот за деца во Основниот суд кој одлучува во прв степен е составен од судија за деца и двајца судии - поротници кои се избираат од

редот на просветни работници, психолози, педагози, социјални работници и други лица кои имаат искуство во воспитанието и образованието на младите. Судијата за деца е претседател на советот. Во основниот суд се формира кривичен совет за деца составен од тројца судии (што посетувале обука за престапништво на децата) кој решава по жалбите против решенијата на судијата за деца. Во кривичниот совет не може да учествува судијата за деца кој донел решение против кое е изјавена жалба.

Советот за деца на апелациониот суд, е составен од судија за деца и двајца судии, одлучува за жалбите против одлуките на советот за деца на основниот суд. Во Врховниот суд на Република Македонија се формира совет за деца составен од пет судии задолжен за евентуалната постапка во трет степен.

Советот за деца решава по редовни и вонредни правни лекови предвидени во овој закон и ја следи и работи на унапредување на судската практика во оваа област и подготвува анализи.

Во специјализираните судски оддели за правда за децата, формирани во основните судови со проширена надлежност, за вршење на стручни работи претседателот на судот определува по еден социјален работник, педагог или психолог по предлог на центарот. Одлука за бројот, работните задачи и начинот на вклучување на стручните лица донесува претседателот на судот.

Во поглед на месната надлежност во постапката спрема деца, по правило, таа се определува според местото на живеење, а ако детето нема постојано живеалиште или ако тоа е непознато, месно надлежен е судот на престојувалиштето на детето. Само по исклучок, и кога е видливо дека кај тој суд полесно ќе се спроведе постапката, истата може да се спроведе пред судот на престојувалиштето на детето или пред судот на местото на извршување на дејствието што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок, во случаи кога е очигледно дека пред тој суд постапката ќе се спроведе без одлагање. Ваквиот начин на определување на месна надлежност во постапката спрема децата е од причини што прибирањето на податоци во врска со личноста на детето и неговиот психички развој, најефикасно се врши токму во местото каде живее или престојува, а воедно

е и во функција на принципите на итност и економичност на постапката спрема децата. Судијата за деца ја спроведува подготвителната постапка, донесува одлуки, претседава со советот за деца.

### 9.1. Поведување на постапка

Постапка спрема дете над 14 години за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело се поведува само по барање од јавниот обвинител. За кривични дела за кои се гони по предлог или приватна тужба, постапката може да се поведе ако оштетениот во рок од три месеци од сознавањето за стореното дело или сторителот, доставил предлог за поведување на постапка до надлежниот јавен обвинител. Ако јавниот обвинител не достави барање за поведување на постапка спрема дете, ќе го извести за тоа оштетениот. Оштетениот не може да ја преземе постапката, односно не може да поднесе приватна тужба до судот туку може во рок од осум дена од приемот на известувањето од јавниот обвинител да бара советот за деца на надлежниот суд да одлучи за поведување на постапка.

Пред да одлучи дали ќе поднесе барање за поведување на подготвителна постапка јавниот обвинител го сослушува детето во присуство на неговите родители/старатели и бранителот, освен кога неговата психофизичка состојба не го дозволува тоа.

Јавниот обвинител пред да поднесе барање за поведување на подготвителна постапка, кога располага со докази кои недвосмислено укажуваат дека детето е сторител на кривичното дело и кога се исполнети условите за казнување на дете во ризик над 14, може да предложи на детето, бранител, родителите/старателите да се спроведе посебна постапка за признавање на одговорноста и спогодување за висината на казната. Во постапката за спогодување јавниот обвинител ги прибера Центарот сите потребни извештаи и документи за детето и ќе обезбеди согласност од оштетениот. Ако со предлогот е согласен оштетениот, јавниот обвинител ги повикува на јавно спогодување детето, неговиот законски застапник, бранителот, центарот и

оштетениот. Ако на спогодувањето се постигне согласност, се составува спогодба која ја потпишуваат сите присутни учесници.

Јавниот обвинител ја доставува спогодбата до советот на деца кој може да ја прифати спогодбата и да донесе пресуда со која ќе ја изрече предложената санкција, против која не е дозволена жалба. Ако судот не ја прифати спогодбата го враќа предметот на јавниот обвинител кој е должен да поднесе барање за поведување на подготвителна постапка.

## 9.2 Подготвителна постапка

Подготвителната постапка претставува исклучително значајна фаза во постапката спрема детето за сторено кривично дело, затоа што, покрај фактите кои се однесуваат на кривичното дело, посебно ќе се утврди возраста на детето, оценка на неговата душевна развиеност, се испитува средината и приликите во која детето живее и други околности што се однесуваат на личноста на детето. Сите овие податоци, овозможуваат во натамошната фаза-постапка пред советот за деца да се изврши индивидуализација на кривичната санкција и спрема детето да се примени најсоодветна кривична санкција.

Важни карактеристики на подготвителната постапка се - тоа што подготвителна постапка е задолжителна за сите кривични дела без оглед на нивната тежина; секогаш е надлежен судот за деца; покрај фактите за кривичното дело и одговорност на детето, се утврдуваат и факти за личноста на детето, возраста, семејната средина, имотната состојба. Оваа постапка не служи само за собирање материјал за одлука, туку и превземање на мерки за заштита; помош и надзор во текот на постапката.

Подготвителната постапка започнува со поднесување барање на Јавниот обвинител до судијата за деца, при што ако судијата за деца не се согласи со барањето на јавниот обвинител, ќе побара за тоа да одлучи кривичниот совет за деца на основниот суд. Треба да се смета дека подготвителната постапка е поведена тогаш кога судијата за деца го презема првото дејствие во постапката. Ако судијата за деца по испитувањето на

детето и добивањето на извештај од Центарот (го доставува извештајот во рок од еден месец), оцени дека нема потреба од спроведување на други дејствија, ќе го изнесе предметот пред советот за деца заради конечно решавање во рок не подолг од 8 дена.

За кривично дело за кое е утврдена казна затвор до три години, јавниот обвинител може по сослушувањето на детето, од судијата за деца да му достави предлог на советот за деца за изрекување на санкција без спроведување на подготвителна постапка, ако е случајот доволно разјаснет и собраните податоци за личноста на детето даваат доволно основа за донесување на одлука. Тоа го прави судијата за деца да биде креативен во функција на остварување на правата на детето и заштита на неговите интереси и наместо да води формална судска постапка може да донесе одлука без спроведување на подготвителна постапка. Но, Советот за деца не може да донесува одлука за изрекување на мерка и друга санкција ако не е доставен наодот и мислењето од стручниот тим на центарот за околностите на делото и личноста на детето, со мислење за санкцијата што треба да му се изрече на детето, а кој извештај Центарот е должен да го достави и до судот во рок од 15 дена.

Ако детето или неговиот бранител се противат на предлогот на јавниот обвинител, судијата за деца ќе донесе решение за спроведување на подготвителна постапка. Против одлуката донесена во согласност со детето и неговиот бранител не е дозволена жалба. Со одлуката мора да е решено и за имотноправното барање на оштетениот, кој само во тој дел има право на жалба до повисокиот суд. Советот за деца не може во оваа постапката да изрече казна затвор за деца и заводски мерки.

Советот за деца решава на седница откако претходно ќе ги прибави списите од јавниот обвинител на која се повикува и самиот јавен обвинител, Советот за деца може да одлучи да не се води подготвителна постапка или спрема детето да се поведе постапка пред судија за деца. Против решението на советот за деца не е дозволена жалба.

Кога советот ќе одлучи спрема детето да се поведе постапка пред судија за деца, јавниот обвинител може да учествува во оваа постапка и ги има сите овластувања што според овој закон му припаѓаат во

постапката.

Во подготвителната постапка покрај фактите што се однесуваат на кривичното дело посебно ќе се утврди возраста на детето, неговата душевна развиеност, ќе се испита средината и приликите под кои детето живее и другите околности што се однесуваат на неговата личност. Појдовна основа за водење на постапката спрема детето е дека делото е извршено, се работи за кривично дело, и дека постои основано сомнение дека детето е сторител на истото. Ако се утврди дека нема кривично дело или дека детето не е сторител, судот не може да изрече санкција. Заради утврдување на овие околностите ќе се сослушаат родителите на детето, односно старателители и други лица кои можат да ги дадат потребните податоци. За овие околности ќе се побара извештај од центарот, а ако спрема детето била применета санкција за порано сторено дејствие што со закон е предвидено како кривично дело, ќе се прибави извештај за примената на таа санкција. Податоците за личноста на детето ги прибавува судијата за деца, преку Центарот, во рок од 30 дена.

Во подготвителната постапка посебно ќе се утврдат годините на старост на детето, бидејќи од тоа зависи примената или непримената на материјалните и процесните одредби. За утврдување на здравствената состојба на детето, неговата душевна развиеност и неговите психички особености, способности, се определува стручен тим (лекар, психолог и педагог) кој во рок од 30 дена треба да изврши преглед на детето, исто така прегледот можат да го извршат и во специјализирани здравствени установи.

На дејствијата во подготвителната постапка може да присуствува јавниот обвинител, а судијата за деца може да одобри да присуствува и претставник на центарот, родителите односно старателите на детето, на кои им е дадена можност да стават предлози и да му упатуваат прашања на лицето кое се испитува, односно сослушува. Испитување на дете, по оцена на судијата, ќе се изврши со помош на педагог, психолог или на друго стручно лице.

Во текот на подготвителната постапка судијата за деца може да определи детето привремено да се смести во установа за образование,

грижа и заштита на деца, освен установа надлежна за извршување на мерки и санкции спрема деца, да се стави под надзор на центарот или да се смести во згрижувачко или друго семејство, ако тоа е потребно заради давање помош, заштита или згрижување на детето. Против решението за привремено сместување или надзор е дозволена жалба до кривичниот совет за деца на основниот суд.

Министерството за внатрешни работи може да го повика детето на разговор во полициска станица ако постојат основи на сомневање дека сторило кривично дело. Пред започнување на разговорот детето се запознава со неговите права. Разговорот со детето задолжително се води во присуство на неговиот бранител и родителите односно законскиот застапник. Пред разговорот службеното лице е должно да го запознае детето со причините за повикувањето и со сите факти кои се однесуваат на случајот што е предмет на разговорот. Разговорот со детето се води во посебни простории соодветни за разговор со дете од негова возраст и може да трае, ако детето го прифаќа разговорот, најдолго четири часа. По потреба разговорот може, во согласност со детето да продолжи друг ден.

Задржувањето на дете во полициска станица може да трае најмногу до 12 часа. Овластени службени лица на Министерството за внатрешни работи можат да задржат најмногу до 8 часа дете затечено при извршување на прекршок против јавниот ред и мир, доколку воспоставувањето на јавниот ред и мир или отстранувањето на загрозувањето не може да се постигне на друг начин или кога е под дејство на алкохол, дрога или други психотропски супстанции. Дете кое го испорачал странски орган за безбедност заради спроведување до надлежен државен орган може да се задржи најмногу 12 часа. МВР се должни веднаш да го известат надлежниот јавен обвинител, судијата за деца, односно судијата на претходната постапка, родителите односно старателите, неговиот бранител и центарот. Известувањето во итни случаи се врши телефонски, а за истото се доставува и писмено известување во рок од 24 часа.

Овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи го задржуваат детето во простории соодветни за задржување на

дете од негова возраст, различни од просториите за задржување на полнолетни лица, за што се составува записник, во кој се внесуваат податоци за денот и часот кога детето е задржано, причините за задржувањето, времето кога е поучено за неговите права, психофизичката состојба во моментот на неговото задржување, времето кога е разговарано со детето, констатација на службените лица за постоењето на видливи телесни повреди и времето на прекинување на задржувањето. Записникот го потпишува детето и неговите родители, односно старатели, како и бранителот.

Задржувањето подолго од 6 часа мора да го одобри службеникот за прифат во посебно определена и опремена полициска станица. Задржаното дете мора без одлагање, а најдоцна во рок од 12 часа да биде изведено пред судија за деца, кој ќе одлучи за одредување на притвор или за пуштање на детето на слобода.

Ако судијата за деца најде дека нема основ за задржување на детето, ќе донесе решение за негово пуштање на слобода, во кое ќе ја оцени законитоста на задржувањето. Детето и неговиот бранител имаат право на жалба до кривичниот совет за деца на основниот суд во делот на решението со кое се оценува законитоста на лишувањето од слобода.

**Мерка притвор** против детето може да ја определи судијата за деца само по предлог на јавниот обвинител, а по претходно прибавено мислење од центарот. Притворот може да се изрече само како крајна мерка ако не се исполнети условите за примена на другите мерки за обезбедување на присуство на детето предвидени во Законот за кривичната постапка, кога постои опасност детето повторно да стори кривично дело или кога е тоа неопходно заради заштита на животот или здравјето на детето. Судијата за деца е должен да ја образложи оправданоста на примената на мерката притвор, тргнувајќи од личноста на детето, можните последици на притворањето врз неговата личност и неговиот правилен развој. Притворот може да трае најдолго 30 дена, а по образложен предлог на судијата за деца, и претходно прибавено мислење од јавниот обвинител и од центарот, советот за деца на основниот суд може од оправдани

причини да го продолжи притворот за уште 60 дена. Судијата за деца е должен веднаш по одредувањето на притворот за тоа да ги извести родителите, односно старателите на детето, неговиот бранител и центарот.

Во притворот детето се сместува одвоено од полнолетните лица. Во текот на траењето на притворот на детето му се гарантира и обезбедува правото на контакт со семејството најмалку еднаш неделно, правото на приватно и доверливо контактирање по потреба, правото на медицинска помош и заштита и правото на следење на информации преку средствата за јавно информирање. Судијата за деца е должен најмалку еднаш при краткотрајниот притвор да го посети притвореното дете, а ако притворот трае подолго, да го посетува најмалку еднаш на секои десет дена.

Ако судијата за деца во текот на подготвителната постапка утврди дека постојат причини за запирање на постапката, поради тоа што делото што му се става на товар на детето не е кривично дело, настапила застареност или делото е опфатено со акт на амнестија или помилување, или постојат други околности што го исклучуваат гонењето, или ако нема докази дека детето сторило кривично дело, ќе го извести за тоа јавниот обвинител. Ако јавниот обвинител во рок од 8 дена не го извести судијата за деца дека се откажува од гонење, судијата ќе побара советот за деца на основниот суд да одлучи за запирање на постапката

Решението на советот за деца за запирање на постапката се доставува до јавниот обвинител, до оштетениот и до детето, кое ако е во притвор веднаш се пушта на слобода. Против ова решение јавниот обвинител и оштетениот имаат право на жалба до советот за деца на апелациониот суд.

Советот за деца на основниот суд може да донесе решение за запирање на постапката по службена должност во текот на целата подготвителната постапка.

Откако ќе ги испита сите околности што се однесуваат на извршувањето на кривичното дело и на личноста на детето, судијата за деца по завршувањето на подготвителната постапка ги доставува списите до надлежниот јавен обвинител кој може во рок од 8 дена да бара

подготвителната постапка да се дополни, да даде изјава за откажување од натамошно гонење или да стави образложен предлог до советот за деца за применување на санкција. Доколку јавниот обвинител се откаже од гонење, судијата за деца донесува решение за запирање на постапката. Примерок од решението се доставува до оштетениот кој може во рок од осум дена од известувањето да стави предлог до кривичниот совет за деца за продолжување на постапката. Ако кривичниот совет за деца донесе решение за продолжување на постапката, јавниот обвинител има право на жалба до советот за деца на апелациониот суд во рок од осум дена.

Предлогот на јавниот обвинител за примена на санкција треба да содржи име и презиме на детето, неговите години на возраст, опис на делото, докази од кои произлегува дека детето го извршило кривичното дело, образложение што треба да содржи оцена на душевната развиеност на детето и предлог спрема детето да се примени санкција.

## 9.3 Постапка пред Советот за деца

По приемот на предлогот на јавниот обвинител, како и кога постапката спрема дете се води без предлог на јавниот обвинител, судијата за деца кој претседава со советот за деца закажува седница на советот ако е утврдена неспорна фактичка состојба. Дали постапката пред советот за деца ќе се води на седница на советот или на главен претрес одлучува судиајта, кој секогаш е и претседател на советот. Се разликуваат два облици на постапка пред советот за деца, и тоа седница на советот или главен претрес. Казни и заводски мерки можат да се изречат само по одржан главен претрес, додека другите санкции можат да се изречат и на седница на советот.

За седницата на советот се известуваат и на неа можат да присуствуваат јавниот обвинител, бранителот и претставникот на центарот, по потреба и детето со неговите родители односно старатели.Одлуката дали ќе закаже седница на советот или главен претрес, судијата мора да ја заснова врз согледување на состојбата на доказите и

степенот на веројатност за постоење на факти кои се однесуваат на кривичното дело, мислење за личноста за детето и проценка на санкцијата која се предвидува.

Во постапката пред советот за деца, законодавецот поаѓа од претпоставката дека главниот дел од работата е веќе завршен во подготвителната постапка и во другата фаза од постапката останува да се изврши најодговорната задача, а тоа е изборот на соодветна санкција.Судијата за деца ќе му ја соопшти на детето санкцијата што спрема него е изречена на седница на советот.

Кога советот за деца одлучува на главен претрес, согласно ќе се применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка за подготовките за главен претрес, за раководењето со главниот претрес, за одлагањето и прекинувањето на главниот претрес, за записникот и за текот на главниот претрес, но советот може да отстапи од овие правила ако смета дека нивната примена во конкретниот случај не би била целесообразна.

На главниот претрес ќе се повикаат јавниот обвинител, оштетениот, детето и неговиот бранител, неговите родители односно старатели и претставник на центарот, односно член на стручниот тим кој го изготвил наодот и мислењето. Недоаѓањето на родителите односно старателите или на претставникот на центарот не го спречува судот да го одржи главниот претрес. Во случај на отсуство на родителите, односно старателите судот ќе го задолжи бранителот да ги застапува и нивните интереси.

Во текот на постапката советот за деца може да донесе одлука за привремено сместување на детето, да ја укине таквата одлука донесена порано или да одреди притвор.

Судијата за деца кој претседава со советот за деца е должен да закаже главен претрес или седница на советот во рок од осум дена од денот на приемот на предлогот од јавниот обвинител или од денот на завршувањето на подготвителната постапка или од денот кога на седница на советот е одлучено да се одржи главен претрес. За секое продолжување на овој рок судијата за деца мора да има одобрение од претседателот на судот. Одлагање или прекинување на главниот претрес се

врши само по исклучок. За секое одлагање или прекинување на главниот претрес судијата за деца ќе го извести претседателот на судот и ќе ги изнесе причините за одлагањето, односно прекинувањето.

Советот за деца не е врзан за предлогот на јавниот обвинител при одлучувањето дали спрема детето ќе изрече казна или ќе примени друга санкција.

Советот со решение ќе ја запре постапката во случаите кога според одредбите од Законот за кривична постапка судот донесува пресуда со која обвинението се одбива или со која обвинетиот се ослободува од обвинението, како и кога советот ќе најде дека не е сообразно на детето да му се изрече санкција.

Воспитни мерки и мерки на безбедност советот изрекува со решение во чијашто изрека се наведува само која мерка се изрекува, но детето нема да се огласува за виновно за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело што му се става на товар. Во образложението на решението ќе се наведе описот на делото и околностите што ја оправдуваат примената на изречената мерка. Пресудата со која на детето му се изрекува казна или алтернативна мерка се донесува во формата на осудителна пресуда предвидена со Законот за кривичната постапка.

Судот може детето да го осуди на плаќање на трошоците на постапката и на исполнување на имотноправните барања на оштетениот во согласност со одредбите од Законот за кривичната постапка, само ако на детето му изрекол казна или алтернативна мерка. Ако спрема детето е применета воспитна мерка, трошоците на постапката паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија, освен кога на детето му е изречена посебна обврска за надоместување на штетата.

Судијата за деца е должен писмено да ја изготви одлуката во најкраток можен рок, кој не е подолг од 15 дена, а во посложени случаи 30 дена од денот на нејзиното објавување.

## 10. Заштитата на децата - жртви на кривични дела и деца сведоци во кривичната постапка постапка

Новините во правното уредување продолжуваат во доменот на засилена заштита на децата - жртви на кривични дела и деца сведоци во кривичната постапка постапка се вградени нови начела кои се однесуваат на:

- почитување на нивното достоинство;
- да бидаат заштитени од секаква дискриминација;
- да бидат известени за своите права на јазик разбирлив и соодветен на нивната возраст, како и почитување на правото на приватност;
- да бидат информирани родителите, односно старателот за сите прашања во врска со кривичното дело и во врска со осомничениот, обвинетиот и осудениот;
- детето, односно родителот или старателот да учествува во кривичната постапка како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотно-правно барање за штета;
- на посебна заштита на нивната безбедност и на безбедноста на нивното семејство, грижа и внимание од страна на органите и субјектите кои учествуваат во кривичната постапка;
- право на посебна заштита од секундарна виктимизација или ревиктимизација;
- право на психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на деца-жртви за кривични дела.

Исто така се уредуваат и **правата на децата-сведоци во кривичната постапка.**

- се уредува начинот на постапувањето на надлежните органи со децата, кои треба при донесувањето на одлуките во согласнот со оваа глава на овој закон, да се грижат за нивните интереси.

- се гарантираат правата на детето- жртва на кривично дело во полициска и кривичната постапката, како право на: правна помош од адвокат пред давањето на исказ, односно изјава или поднесување на имотно-правно барање, право на надомест на материјална и нематеријална штета, под услови и на начин пропишан во член 152 од овој закон, доколку надоместокот на штета не може да се обезбеди од осудениот, на полномошник од земањето на првиот исказ како и во текот на целата постапка. Правната помош на децата жртви обезбедуваат адвокати кои следеле специјализирана обука за правата на детето.

- исплата на трошоците и наградата на адвокатот за преземените дејствија при застапувањето на децата жртви пред центарот, во Министерството за внатрешни работи, јавното обвинителство и судот.

**Посебни права** на детето-жртва: право на посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето во сите фази на постапката, во случаите кога детето-жртва има потреба од посебна грижа и заштита или кога детето е жртва на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба, како и дејствија што со закон се предвидени како кривични дела против човечноста и меѓународното право или други тешки дела сторени спрема деца за кои со закон е предвидено казна затвор над 4 години. Истите права се однесуваат и на децата-сведоци.

**Видови на посебните мерки на процесната заштита на деца жртви и деца сведоци се:**

- користење на екрани за заштита на жртвата и сведокот од погледот на обвинетиот;
- прикривање на идентитетот или на изгледот;
- давање исказ преку видео-конференција;
- отстранување на тогите и капите;
- исклучување на јавноста;
- видео и аудио запис на исказот кој ќе се користи како доказ;
- видео и аудио запис од распитот кој ќе се користи како доказ;
- земање исказ преку посредство на стручно лице;

- употреба на посебни технички средства за комуникација; и
- заштита на приватноста на детето и на неговото семејство.

Во овие постапки судиите, јавните обвинители и службените лица на МВР можат да постапуваат само доколку поседуваат соодветно образование и имаат посебно познавање и искуство од областа на правата за детето и за кривично-правната заштита на децата. Тие се должни да преземаат мерки за помош и заштита и да постапуваат на начин на кој ќе се избегнат можните штетни последици за неговата личност и развој. Нагласена е итноста на постапката, во која детето е жртва, како и задолжително присуство на бранител/адвокат кој следел специјализирана обука за правата на децата. Обуката трае најмалку пет дена во текот на годината во земјата или во странство.

Судот ја исклучува јавноста од делот на постапката во кој се репродуцира записот од исказот и од распитот на детето жртва или се применува друга посебна мерка на процесна заштита при земање исказ или распит или се изведуваат процесни дејствија со кои може да се нанесе штета на неговата личност и неговиот развој. Детето жртва се сослушува како сведок на начин кој не влијае штетно врз неговиот психофизички развој и со примена на посебни мерки на процесна заштита. При земањето исказ и распит на дете како сведок или жртва полицијата, обвинителството и судот се должни да водат сметка за личните својства и карактеристики на детето за заштита на неговите интереси и за неговиот правилен развој.

Детето за кое со правосилна судска одлука е утврдено дека е жртва, односно оштетено со кривично дело или прекршок со елементи на насилство, и на кое му е признато имотноправно побаруање, може да поднесе барање за обесштетување од средствата до надлежниот суд, кога поради фактички или правни пречки имотнотоправно побарување не може да се изврши од имотот на сторителот на кривичното дело или другиот акт на насилств и кога од правосилноста на одлуката за имотноправното побарување изминале повеќе од шест месеци.

Покрај детето барањето, можат да го поднесат неговите родители, односно старатели. Судот ќе донесе решение за обесштетување во износ

на досуденото имотноправно побарување, без зголемување по основ на камати или други дополнителни трошоци околу извршувањето на побарувањето. Ако судот го одбие барањето, детето жртва има право на жалба до апелациониот суд во рок од осум дена од денот на приемот на решението за одбивање. Одлуката на апелациониот суд е конечна.

Конечното решение за исплата на обесштетувањето судот го доставува до Министерството за правда кое ја извршува исплатата. За извршената исплата Министерството за правда го известува судот кој го донел решението најдоцна еден месец од извршената исплата.

## 11. Превенција на детско претстапништво

Особено значење се дава на превенцијата на детско претстапништво преку формирање на Државен совет и општински совети за превенција. Државниот совет е самостоен и независен во вршењето на работите составен од 15 члена кои ги избира Собранието на Република Македонија со мандат од пет години, со право на повторен избор (по еден член од Министерство за правда, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за внатрешни работи, Јавно обвинителство, Врховен суд и Адвокатска комора, додека осум члена се од редот на истакнати научни и стручни работници кои работат на заштитата на интересите на децата од кои еден претставник е од редот на невладините организации за заштита на децата. Во работата на Државниот совет учествува и претставник од Народниот правобранител.

Државниот совет е надлежен за донесување на Национална стратегија за превенција на детското престапништво, годишни програми и планови, Деловник за својата работа, дава иницијативи за подобрување на законските решенија од значење за заштитата на правата на децата и спречувањето на детското престапништво, покренува иницијативи за пошироко за познавање на граѓаните со правата на децата и расправи за здраво семејство, за заштита на децата од наркоманија, алкохолизам и

други болести на зависност, за проблемите на образованието и воспитувањето, и за другите фактори што влијаат врз спречувањето на детското престапништво.

Превентивите активности се реализираат со нивно преземање на локално ниво, или најблиску во непосредното животно опкружување на децата. Поради тоа, со Законот се предвидува основање на општински совети за превенција на детско престапништво и Совет на градот Скопје за превенција на детско престапништво. Членови на општинскиот совет се претставници на подрачните единици на МВР, МТСП, Центрите за социјална работа, претставници на советот на родители во основните и средните училишта, Унијата на средношколци, Адвокатската комора , здруженија и фондации, јавниот обвинител кој работи во областа на детската деликвенција и судијата за деца од судовите од општа надлежност или судија кој ќе го определи претседателот на судот. Бројот на членови на општинските совети, се утврдува во зависност од големината, развиеноста и потребите на општината, како и обемот на детското престапништво.

## 12. Активности и мерки превземени во областа на правда за децата во периодот 2010-2014

За ефикасна имплементација на правната рамка досега се изготвени различни прирачници, процедури, упатства и тоа:

- Извештај за техничката оценка на системот за собирање на податоци за потребите на детската правда со индикатори за следење на имплементацијата на Законот;

- Стандарди за третман на деца во полициска процедура, како и минимум стандарди за третман на деца во затвор и воспитно поправен дом;

- Прирачник за обука за обучувачи и прирачник за обука;

-Прирачник за медијатори во постапка спрема малолетници усогласен со меѓународните стандарди;

- Одржани се повеќе мулти-дициплинарни обуки за судии, обвинители, адвокати, полиција, медијатори и претставници на центрите за социјална работа;

- Изработен е нацрт извештај од интервјуа со деца во конфликт со законот. Целта е да се види како тие гледаат на системот за правда за деца;

- Формирани се 15 локални совети за превенција од детско престапништво (Кавадарци, Штип, Охрид, Куманово, Прилеп, Велес, Тетово, Гостивар, Битола, Градот Скопје, Карпош. Кратово, Росоман, Неготино, Струмица, Аеродром, Кисела Вода и Кочани), кои имаат изготвено акциони планови за превенција на малолетничко престапништво едновремено, испечатени се брошури и постери со информации како се формираат локални совети за превенција на малолетничко претстапништво. Од вкупно 85 општини во Македонија, досега 70 не ја исполниле својата законска обврска за формирање локални совети;

- Во врска со превенција и работа со медиуми -завршени се обуки за Програмата за менторство и беа обучени 30 ментори од Институтот за социјална работа и социјална политика. Менторската програма се спроведува 9 месеци, каде што 20 ментори работат со 20 деца идентификувани од Центарот за социјална работа во Скопје;

- Изработени се брошури и видеа за правата на децата жртви и децата во конфликт со законот;

- Во 2011 година донесена е Национална стратегија за превенција на малолетничко престапништво;

- Во 2013 и 2014 донесена е Програма заради обештетување на малолтник кој е жртва или оштетен со кривични дела на насилство и на други акти на индивитуално или групно насилство. За реализација на оваа програма од Буџетот на РМ, односно од Министерството за правда одобрени се 500 илјади денари.

# IV. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 1. Методолошка рамка на истражувањето

### 1.1 Предмет на истражување

Предмет на истражување на магистерскиот труд се *Ефектите и резултатите од досегашната имплементација на Законот за малолетничка правда врз реализацијата на правата на децата и малолетните лица во системот на малолетничка правда.*

Во периодот на подготвување на идејната скица во сила беше Законот за малолетничка правда. Во периодот кој следуваше одредбите на овој закон беа дерогирање преку носење на нов Закон за правда на децата во 2013 година.

### 1.2. Цели и задачи на истражувањето

*Општа цел на истражувањето*

- Да се утврдат предностите и евентуални недостатоци од примената/имплементацијата на новиот модел на малолетничка правда кој е во насока на развивање на специјализиран систем одвоен од општото кривично законодавство кој во центарот го поставува детето и неговите потреби.

*Посебни цели на истражувањето*

- Утврдување на имплементацијата на меѓународните норми и стандарди од областа на малолетничката правда во домашното законодавство.
- Дефинирање на малолетничкиот криминалитет (обем, облици)
- Анализа на причините за напуштање на принципот на ресоцијализација и воведување на нов концепт ресторативна правда

- Дефинирање на концептот на ресторативна правда
- Утврдување на основните елементи и предности на концептот на ресторативна правда
- Улогата и активностите на институциите во постапувањето со малолетните лица сторители на прекршоци
- Почитување на процесните гаранции на малолетните престапници во судската постапка
- Преглед на релевантните закони за да се утврди дали почитување на најдобриот интерес на детето, начелата на недискриминација, партиципација и правото на живот и развој се инкорпорирани во правната рамка и судските и административните постапки.
- Кривично-правната заштита на малолетни лица- жртви на кривични дела
- Системот на санкции спрема малолетниците сторители на кривични дела

Согласно поставените цели, истражувањето ги има следните задачи:

- Да изврши преглед на литература од овие области
- Да истражи компаративни системи и најдобра практика
- Да донесе одредени заклучоци
- Да предложи одредени интервенции и препораки до креаторите на соодветните политики и легислатива

## 1.3. Хипотеза на истражувањето

*Општа хипотеза:*

Ефикасниот систем на малолетничка правда зависи од целосна имплементацијата на законодавната рамка и институционалните капацитети.

*Посебни хипотези:*

Посебните хипотези се однесуваат на претпоставки за постоење на одредени недостатоци, поточно претпоставки дека:

- Правната рамка не е целосно усогласена со новите стандарди за правата на детето;
- Финансиските средства и ресурси за спроведување на Законот за малолетничка правда се недоволни;
- Условите за извршување на алтернативните мерки не се целосно обезбедени;
- Капацитетите на центрите за социјална работа се слаби недостаток од кадровски и технички ресурси;
- Програмите за обука за сите профеционалци се недоволни.
- Имплементацијата на Стратегијата за малолетничко престапништво се уште не е започната
- Стручните лица (судии, обвинители, адвокати, вработени во Ценарот за социјални работи, медијатори, немаат доволно знаење и вештини за ефикасна примена на малолетничката правда

## 1.4 Методологија на истражувањето

Во магистерскиот труд се презентираат сознанија добиени врз основа на теоретско истражување во кое се применува дедуктивен пристап и квалитативна анализа. Од методолошка гледна точка истражувањето е насочено кон проценка на општественото влијание (impact factor), што воедно претставува и основен метод на истражување.

Сознанијата се добиени со примена на стандардна постапка, која вклучува:

- Поставување на општи истражувачки прашања кои се подготвени врз основа на горенаведените цели
- Селекција на релевантна литература.

Како извор на податоци во истражувањето се користи соодветна научна, стручна и друга литература, правни и политички

документи, извештаи на меѓународни и домашни организации, средствата за масовна комуникација (internet).

- Собирање на податоци

Податоците се собираа на индиректен начин, што значи дека сознанијата нема да се засноваат на забележување на искуствените содржини, туку за тие содржини се добија податоци од извори коишто располагаат со таков вид на информации.

- Анализа на содржина

Како основна техника на истражување се применува дискурзивна анализа на содржина која подразбира аналитички, полемички и компаративно критички читања на соодветната литература од каде и се очекува да произлезат хронолошки анализи, дескриптивни објаснувања и генерални заклучоци. Со цел да се испитаат сите аспекти на проучуваната појава, истата се разгледува од:

- општиот филозофски аспект,
- нормативно-догматскиот аспект,
- социолошкиот аспект,
- историскиот аспект и
- компаративен аспект.

- Интерпретација на податоците и концептуална и теоретска работа
- Изведување на заклучоци кои имаат одредена апликативна вредност.

## 2. Резултати од истражувањето

### 2.1 Анализа на податоци за обемот и видот на кривични дела извршени од малолетни лица

Врз основа на податоците добиени од статистичките извештаи од Државниот Завод за статистика ќе се презентираат податоците, кои се

однесуваат на состојбата поврзана со деликвенцијата и обемот на криминалитет кај малолетните лица за периодот 2008-2013. Според податоци од Државниот завод за статистика во Република Македонија, статистиката се следи само преку бројот на сторители на извршени кривични дела, а не и преку бројот на сторени кривични дела.

Табела 1: Пријавени, обвинети, осудени малолетни лица во периодот 2008-2013

| Година | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно пријавени | 1 355 | 1 519 | 1 244 | 1 163 | 1 001 | 1005 |
| Вкупно Обвинети | 981 | 1 030 | 750 | 1 002 | 778 | 657 |
| Вкупно осудени | 715 | 748 | 547 | 722 | 556 | 473 |

Од табелата бр.1 се забележува дека во периодот по 2009 година, започнува благо намалување на криминалитетот, како во однос на пријавените, така и во поглед на обвинетите и осудените малолетни лица. Намалувањето на обемот на малолетнички криминалитет воглавно се должи на две причини: (1) намалување на бројот на деца во вкупната популација на државата како резултат на демографските движења, (2) воведување на системот на малолетничка правда.

Во 2013 година во споредба со истиот период со 2012 година, бројот на пријавените малолетни лица - сторители на кривични дела е зголемен за 0.4%, а бројот на осудени малолетни лица е намален за 14.9%.

Табела 2. Пријавени малолетни лица според групи на кривични дела период 2008-2013

| | | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | **1 355** | **1 519** | **1 244** | **1 163** | **1 001** | **1 005** |
| 1. | Кривични дела против животот и телото | 84 | 103 | 107 | 88 | 60 | 66 |
| 2. | Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот | 7 | 2 | 2 | 1 | 6 | 5 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Кривични дела против Честа и угледот | 1 | 1 | 4 | - | 1 | - |
| 4. | Кривични дела против половата слобода и половиот морал | 18 | 17 | 24 | 14 | 10 | 19 |
| 5. | Кривични дела против здравјето на луѓето | 18 | 12 | 14 | 11 | 16 | 8 |
| 6. | Кривични дела против Јавни финансии, платен промет и стопанство | 21 | 12 | 14 | 14 | 10 | 4 |
| 7. | Кривични дела против имотот | 1 023 | 1 192 | 937 | 917 | 773 | 745 |
| 8. | Кривични дела против општа сигурност на луѓето и имотот | 4 | 1 | 10 | 14 | 9 | 8 |
| 9. | Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | 77 | 88 | 61 | 43 | 50 | 28 |
| 10 | Кривични дела против правниот сообраќај | 25 | 8 | 1 | 7 | 1 | - |
| 11 | Кривични дела против јавниот ред | 53 | 70 | 56 | 45 | 52 | 117 |
| 12 | Останати кривични дела | 24 | 13 | 14 | 9 | 13 | 5 |

Од табелата бр. 2 може да се констатира дека најголемо учество во вкупниот криминалитет имаат кривичните дела против имотот, потоа следат кривичните дела против животот и телото и кривичните дела против безбедноста во сообраќајот. Најобемен е имотниот криминалитет, протиправното однесување на најмладите се состои по туѓи имотни добра, што е резултат на желбата да се поседува некој предмет веднаш, а причините лоша животна состојба. Секако растечкиот тренд на социопатолошки појави кај младите, како штои е алкохолизмот, дрогата, предизвикува вршење на имотни деликти заради обезбедување на финасиски средства за купување на дрога, цигари или алкохол. Најчести кривични дела што ги вршат малолетниците се: тешка кражба, разбојништво, кражба, одземање моторно возило, телесна повреда, тешка телесна повреда.

Иако кривичните дела против имотот сеуште зафаќаат најголем процент од кривичните дела, евидентно е намалувањето за 28%. Исто така се забележува опаѓање кај сите видови на кривични дела, освен кај кривичните дела против јавниот ред каде се јавува пораст за над 120%.

## 2.2 Анализа на состојбата во системот за правда на децата

Врз основа на анализа на податоците од Годишните извештаи на Државниот совет за превенција на детско престапништво се добиваат податоци за состојбата со децата во конфликт со законот врз основа на индикатори за правда за деца, и се врши проценка како функционира системот за правда на децата. Податоците се однесуваат за 2012 и 2013 година.

➢ **Индикатор број 1 - Деца и малолетници во судир со законот**

Овој индикатор го мери бројот на деца и малолетници за кои е поднесена кривична пријава во текот на 12 месечен период на 100,000 малолетници.




**Во 2012 кривично пријавени биле 1296 малолетници.** Најмногу кривични дела се извршени на подрачје на СВР Скопје-584, потоа СВР Куманово-216, Штип-140, СВР Струмица 121, Битола-72, Тетово-51, СВР Охрид-79, додека најмалку на подрачје Велес-33.

Додека **во 2013 година вкупниот број на малолетници за кои е поднесена кривична пријава изнесува 1.573**. Најголем број од нив се од Скопје (62%), додека најмалку од Битола (2%), Тетово (3%) и Охрид (4%).

Споредено со податоците од 2012 година може да се утврди дека бројката на лица за кои е поднесена кривична пријава во 2013 година е зголемена за 19%.

Во однос на овој индикатор, споредено со претходната година, во 2013 се забележува голем пораст на бројот на поднесени кривични пријави во Велес и тоа за 106% и СВР Скопје за 65%, додека бројот е опаднат во СВР Битола за 61% и СВР Струмица за 36%.

Во 2013 година стапката на вклученост на малолетници во криминалот изнесува 1,405 на 100,000 малолетници (се однесува на малолетници 14-17 години).

- **Индикатор број 2 - Право на детето на бранител во полициска станица**

Со овој индикатор се утврдува колкав е процентот на приведени деца чиј бранител бил присутен на разговорот во полициската станица, односно се утврдува дали од страна на МВР се почитува законски пропишаното право на детето кога е приведено во полициска станица при разговорот да му е обезбедно задолжително присуство на бранителот кој се грижи за заштита на неговите права и интересите од повреди во текот на постапката.



Важноста на овој индикатор се гледа во тоа што тој овозможува да се согледаат системските недостатоци во поглед на спроведувањето на Законот за правда на децата. Според податоците за 2013 година од вкупно приведени 1545 деца бранител бил присутен во 413 односно во 26.7% од случаите. Бранител не бил присутен во ниту еден случај на територија на СВР Тетово и СВР Битола. На територија на СВР Охрид бранител бил присутен во 58% од случаите што е највисок процент спордено со другите СВР, што беше случај и во 2012 година. Во СВР Скопје овој процент изнесува 37%, во СВР Велес е 16%, додека во СВР Штип, СВР Струмица и СВР Куманово е под 10%.

➢ **Индикатор број 3 - Остварено право на детето на претставник на ЦСР во полициска станица** го означува процентот на приведени деца каде што претставник на Центарот за социјална работа (ЦСР) бил присутен на разговорот во полициската станица. Со оглед на тоа што МВР и Центарот за социјална работа даваат податоци кои не може да се компарираат одделно ќе се изврши посебна анализа на податоците. Имено, податоците на МВР се однесуваат само на деца кои се приведени во полициска станица, додека податоците на ЦСР се однесуваат на деца во допир и деца во конфликт со законот.

Табела 1. Податоци од МВР



Од податоците на МВР за 2013 година се гледа дека од вкупно 1545 приведени лица, присуството на претставник на Центарот за социјални работи е утврдено кај 130 случаи, или само во 8.4 % бил присутен претставник. Исто така, од податоците се гледа дека во 51% од случаите на СВР Охрид бил присутен претставник на ЦСР, додека тој процент во СВР Скопје изнесува само 7%.

Табела бр.2 Податоци од ЦСР




Од вкупно 30 ЦСР добиени се податоци од 29 ЦСР (ЦСР Демир Хисар не дал податоци). Претставник на ЦСР бил присутен во полициска станица кај 17% од деца кои биле во полициска станица како жртви или сторители на кривични дела, односно кај 326 од 1.966. Споредено со 2012 година, нема разлика.

Доколку се анализира присуството на претставник на ЦСР во полициска станица во однос на полот на детето, се забележува дека кај девојчињата претставник на ЦСР бил во 29% од случаите, односно од 350 девојчиња преставник на ЦСР бил кај 103. За разлика од нив, кај момчињата претставник на ЦСР бил во 14% од случаите односно кај 223 од 1.620 момчиња кои биле во полициска станица како жртви или сторители на кривични дела.

➢ **Индикатор број 7** се однесува на **примена на алтернативни мерки** *(условна осуда со заштитен надзор или општокорисна работа).* Врз основа на податоците од од 2012 и во 2013 година, судиите не изрекле алтернативна мерка условна осуда со заштитен надзор и општокорисна работа.

➢ **Индикаторот број 13 се однесува на применета на мерки на помош и заштита на деца во ризик.** Од 30 ЦСР, 28 доставиле податоци, а ЦСР Валандово и ЦСР Штип не доставиле податоци. Во 2012 година центрите за социјална работа примениле мерки на помош и заштита спрема 831 дете, додека во 2013 година, вкупниот број на деца спрема кои биле применети мерки за помош и заштита е 1.075. Мерката на помош и заштита за деца и малолетници најповеќе е применета од страна на центрите за социјална работа Скопје и Велес, истата изнесува 62%. Од вкупниот број на деца и на малолетници спрема кои биле применети мерки за помош и заштита, 13% се од женски пол, а 87% од машки пол.

➢ **Индикатор број 14 го мери бројот на малолетници врз кои е изречена дисциплинска мерка (укор и упатување во Центар за млади).**



Во однос на дисциплинска мерка укор, од 30 ЦСР, 28 доставиле податоци (ЦСР Македонски Брод и ЦСР Неготино не доставиле податоци). Од доставените податоци за 2013 година, вкупниот број на деца и малолетници врз кои е изречена мерка **укор е 482.** Од нив 91% се од машки пол, а 9% се од женски пол. Од вкупниот број на деца, 30% се водат во ЦСР Велес.

Во однос на дисциплинска мерка **упатување на Центар за деца,** од 30 ЦСР, 22 доставиле податоци. Од доставените податоци, се гледа дека ЦСР **немале случај** каде што малолетникот биле упатени на Центар за деца.

- **Индикатор број 15** го мери бројот на малолетници на кои им е изречена **мерка засилен надзор,** која може да биде **надзор од родител/старател или од ЦСР**. Со оглед на тоа што судовите и Центарот за социјална работа даваат податоци кои не може да се компарираат одделно ќе се изврши посебна анализа на податоците.

Од 30 Центри за социјална работа, 27 доставиле податоци (ЦСР Македонски Брод, ЦСР Валандово и ЦСР Неготино не доставиле податоци). Од доставените податоци, во 2013 година вкупниот број на малолетници врз кои е изречена мерка **засилен надзор од родител/старател и ЦСР е 923.** Од нив, 95% се од машки пол, а 5% се од женски пол. Од вкупниот број на малолетници на кои им е изречена оваа мерка, 56% се водат од ЦСР Скопје.

Според податоци од судовите со проширена надлежност вкупниот број на малолетници врз кои е изречена **мерка засилен надзор од родител/старател и ЦСР е 549**. Од нив, 97% се од машки пол, а 3% се од женски пол. Од вкупниот број на малолетници на кои им е изречена оваа мерка, 25% се водат од ОС Скопје.

- **Индикатор 16** го мери бројот на малолетници према кои се изречени **заводски мерки** на 100.000 малолетници во текот на 12 месечен

период. Според Законот за правда на децата, како воспитни заводски мерки се достапни: упатување во воспитна установа (ЈУ За згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ" - Скопје) и упатување во воспитно-поправен дом (ВПД Тетово).

Според податоците од ЦСР, вкупниот број на малолетници према кои се изречени заводски мерки изнесува 52. Ова одговара на 46.4 на 100.000 малолетници. Мнозинстовото (60%) од нив се изречени во Скопје. Споредено со 2012 година, кога бројот на малолетници према кои се изречени заводски мерки беше 92, овој број е намален за 43%.

Според податоците од судовите, вкупниот број на малолетници према кои се изречени заводски мерки изнесува 25. Ова одговара на 23.3 на 100.000 малолетници. Мнозинството (44%) од нив се изречени во Струмица.

Збирна табела мерки и санкции ЦСР 2013




Доколку се анализираат податоци од ЦСР во однос на сите мерки и санкции кои се реализирани, може да се заклучи дека 42% биле мерки на помош и заштита, 36% биле мерки на засилен надзор, 19% дисциплински мерки и 2% заводски мерки.

Збирна табела, мерки и санкции изречени од судовите




Од табелата може да се заклучи дека судовите најчесто изрекуваат мерки на засилен надзор и тоа 75%, додека медијацијата и алтернативните мерки воопшто не се применуваат. Преку анализа на бројките презентирани се гледа, дека поголема примена имаат санкциите во делот на воспитните мерки, а упатување во установа или казната затвор се применува поретко, во крајни случаи, за рецидивисти и за тешки кривични дела.

Податоците упатуваат на фактот, дека поголема примена имаат санкциите во делот на воспитните мерки, а упатување во установа или казната затвор се применува поретко, во крајни случаи, за рецидивисти и за тешки кривични дела.

Врз основа на податоците од Годишните извешти за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво, може да се утврди дека во Македонија во 2013 година се бележи зголемување на детското престапништво за 19 %, споредено со 2012 година.

Податоците покажуваат дека надлежните институции во системот на правда за децата применуваат мерки и санкции кои не вклучуваат лишување од слобода на децата што кореспондира со законските одредби

на заобиколување, односно одбегнување на судската постапка, дека за 43% е намален бројот на малолетници кон кои се изречени мерки за упатување во воспитна установа или во воспитно-поправен дом.

Исто така се констатира дека не се применуват медијацијата и алтернативните мерки, а судовите најчесто изрекуваат мерки на засилен надзор и тоа во 75% случаи.

## 2.3.Анализа на институционалните капацитети за реализација на заводски мерки

Воспитните мерки и кривичните санкции кон децата, изречени од страна на судовите, и надгледувани од страна на центрите за социјална работа, се извршуваат во установи за згрижување и воспитување и образованите за деца. Децата можат да се упатат во Јавната Установа за згрижување на деца и со воспитно социјални проблеми „25 Мај", во Јавна установа за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ"-Скопје во Воспитно-поравнито дом Тетово, во Казнено поравната установа затвор Охрид за извршување казна затвор за деца.

**Јавната установа за згрижување деца и млади со воспитно-социјални проблеми „25 Мај"** од отворен тип која функционира во рамките на Министерство за труд и социјална политика. Згрижувањето во установата претставува мерка на помош и заштита кој се изрекува од страна на ЦСР за деца и малолетници во ризик. Сепак, во голем број на случаи во установата се згрижуваат деца за кои не е изречена мерката, а покажуваат одредени знаци на асоцијално однесување и/или се деца без родителска грижа. Капацитетот на установата изнесува 90 деца. Во установата се реализира основно образование. Евидентна е потребата за реорганизација на работењето, пред се во надзорот на децата, психосоцијалната поддршка, структурирањето на слободното време и создавање услови за почитување на правата на детето.

**ЈУ Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ" Скопје**: капацитетот на установата е 75

корисници. Во установата се згрижуваат деца со судско решение или решенија на Центрите за социјални работи на кои им е изречена заводска мерка - упатување во воспитна установа. Оваа установа згрижува машки деца на возраст од 10 до 18 години. Основана е 1961 година и зградата е од отворен тип, односно не ја чува чувар или полицаец. Персоналот е организиран во следниве служби: социјална, образовна, воспитна, здравствена служба. Во просек времетраењето на престојот за децата сместени е меѓу 3 месеци и 3 години. Во периодот на реализација на истражувањето статусот на установата беше предмет на разгледување од страна на Министерство за труд и социјална политика. Во Скопје има слабо развиена институционална мрежа за социјална заштита на семејства и деца во ризик. Таквата празнина ја надополнуваат невладините организации преку основање на дневни центри, едукативни центри, советодавни центри и слично. (*богоевска, борнарова, 2013)*.

**Воспитно-поправниот дом Тетово** е специјализирана установа од полуотворен вид во која се извршува воспитната мерка - упатување во воспитно-поправен дом на малолетни машки лица. Воспитно поравниот дом во Тетово е установа која е во надлежност на Управата за извршување на санкциите при Министерството за правда. Во текот на 2013 година во Воспитно поправниот дом Тетово вкупно 10 малолетници започнале да ја издржуваат мерката упатување во воспитно поправен дом, од кои 5 сами се јавиле во установата, 1 бил приведен од страна на Министерството за внатрешни работи, додека 4 малолетници биле донесени на издржување на мерката од притвор. Во текот на 2013 година по издржување на воспитната мерка биле отпуштени вкупно 14 малолетни лица. Во насока на остварување на континуиран образовен процес на малолетните лица кои издржуваат воспитна мерка во ВПД Тетово, Управата за извршување на санкциите во соработка со Центарот за образование на возрасни, во рамките на твининг Проект на Европската Унија, во Воспитно поправниот дом Тетово реализира пилот Програма за дооформување на образованието и подобрување на основните вештини на малолетниците. Во насока на подобрувањето на третманот на малолетните лица се реализираше твининг Проект на Европската Унија Со малолетниците

работеа двајца воспитувачи вработени во ВПД Тетово, кои беа претходно посебно обучени за спроведување на наставен процес. Наставниот процес се одвиваше четири пати неделно, по четири училишни часа. Во соработка со ДУНА Компјутери во периодот јуни до крајот на септември 2013 година во рамки на Проект за ресоцијализација на децата од воспитно-поправниот дом Тетово, се реализираа 8 работилници на кој беа изработени креативни ракотворби од страна на малолетниците, за кои се спроведе аукција и добиените средства беа искористени за потребите на Домот. Кон крајот на 2013 година преку Холандскиот Хелсиншки комитет започна реализација на Проектот "Подобрување на затворските услови за реинтеграција на малолетните затворени лица" кој ќе трае три години. Овој проект се фокусира на малолетните лица во одредени установи во Албанија, Македонија и Косово. Во рамките на овој Проект се предвидуваат бројни активности за подобрување на третманот на малолетните лица. Во текот на ноември 2013 година, беше реализиранна експертска мисија за проценка на потребите, по што се изготви Извештај кој содржи план за активности кои се реализира во текот на 2014 година. Согласно Планот на активности, во периодот од 10-12 март 2014 година беше одржан првиот циклус на обуки на 14 учесници од ВПД Тетово и Затвор Охрид.

## 2.4 Квалитативна анализа на податоците од Народниот правобранител

Народниот правобранител преку посебното Одделение за заштита на правата на децата ги следи состојбите во однос на обезбедувањето, почитувањето и заштитата на уставните и законските права на децата, а особено, правата на децата во поглед на остварувањето на родителското право, правата на децата без родители или без родителска грижа, правата на децата од областа на образованието, правата на децата што се остваруваат во здравствени установи, правата на децата во случај на постапување на органите за внатрешни работи, односно на овластените

лица во полицијата и други органи во поглед на нивните права при приведување и испитување гарантирани со Законот за кривична постапка и Кривичниот законик, како и правата на малолетните лица во казнено-поправните и воспитните установи.

Преку Годишните извештаи, Народниот правобранител ги отсликува слабостите во системот и упатува на начините за нивно отстранување. и дава препораки за подобрување на одредени состојби за унапредување на промоцијата и заштитата на човековите права во земјата.

Анализата на податоците добиени од Годишните извештаи на Народниот правобранител на Република Македонија овозможуваат длабинска анализа на состојбита во системо за правда на децата. За целите на овој магистерски труд фокусот ќе биде ставен на два важни аспекти поврзани со појавата на престапништво кај децата и реакциите на системот за негово сузбивање и намалување на негативните ефекти од таа појава.

Во таа насока ќе бидат презентираани податоци поделени во две групи:

а) појавни манифестации на малолетничка деликвенција: податоци поврзани со деца кои употребуваат дрога и насилство меѓу децата во училиштето;

б) институицонален одговор на појавата на малолетничка деликвенција.

Во Извештајот за 2014 година, како и во претходните години (2011, 2012 и 2013) Народниот правобранител констатира дека се уште ***нецелосно се остваруваат правата на детето во семејството, училиштето, установите за згрижување на деца,*** а водечките принципи на Конвенцијата не доволно се почитуваат и дека продолжуваат повредите и непочитувањето на правата на детето во повеќе сфери од општественото живеење. Најдобриот интерес на детето иако е водечки принцип за заштита на правата на детето е повеќе декларативно отколку суштински водечки принцип. Воедно учеството на детето и неговото вклучување во донесувањето одлуки кои го засегаат детето, неговите права и интереси се уште не е на задоволително ниво.

Во поглед на децата во ризик во смисла на одредбите од Законот за правда на децата, Народниот правобранител и во текот на 2014 година продолжи да го следи проблемот со ***користењето дрога од страна на децата***, имајќи ги предвид сознанијата дека постојано расте бројот на деца корисници и зависници од дроги и други психотропни супстанции, а се намалува возрасната граница на децата кои почнуваат да употребуваат дроги.

Народниот правобранител констатира дека се уште има деца кои се на улица, деца кои користат дрога и други психотропни супстанции, како и деца кои поради несоодветна грижа од родителите се одземени и упатени во установи за згрижување. Следејќи ја состојбата со заштитата и остварувањето на правата на овие деца се констатира дека само во Скопје и Битола има отворено Дневни центри за деца на улица дека отсуствува соодветен систем за заштита и третман на децата кои вдишуваат лепило, а дека установите за згрижување на деца не ги даваат очекуваните резултати во однос на превоспитното влијание на децата. Карактеристично за сите горенаведени групи деца е тоа што не се запишани во матичната книга на родените, не посетуваат образование, не се во системот на здравствената заштита и повеќе се практикува институционалната форма на згрижување на овие деца. Исто така, се констатира дека семејствата од кои потекнуваат овие деца се најчесто сиромашни, без основни средства за егзистенција, со ниско образовно ниво или без никакво образование, што ја наметнува потребата од континуирана и индивидуална работа со секое семејство пооделно заради подигање на родителските капацитети, и целосно и квалитетно остварување на родителските обврски.

Недостасува соодветен третман на овие деца и понатамошна грижа во програми за рехабилитација и ресоцијализација, со што се доведува до сериозни нарушувања на здравствената состојба на децата и зголемена смртност. Потребно е да се изработи протокол со кој би се регулирал медицинскиот третман, и паралелно воспоставување на програми за психосоцијална поддршка на децата и нивните семејства. За децата упатени на сместување во јавните установи за грижа на деца потребно е

серизно разгледување на моменталната состојба особено поради зачестените бегства на штитениците од овие установи и неможноста на стручните лица да работат континуирано со секое дете заради надминување на причините поради кои истото е упатено во установа. Двете Јавни установи за грижа на децата се во Скопје и во нив покрај децата кои имаат воспитно социјални проблеми се упатуваат и деца од други градови, а се деца на улица, жртви на семејно или друг вид насилство и сл. со што дополнително се зголемува ризикот од девијантно однесување на дете.

Иако, во помал број за разлика од предходната година, во текот на 2014 година повторно до Народниот правобранител се доставени претставки за ***насилство на децата во семејството, во училиштето***, како и претставки за насилството помеѓу децата. Со цел за да се спречат инциденти за психичко и физичко насилство врз децата од страна на наставниот кадар, Народниот правобранител вршеше непосредни увиди, а по неговите интервенции во училиштето се испитуваше случајот и се преземаа соодветни мерки. Така во еден случај иако со сигурност не се потврдени наводите за насилство врз детето/ученикот Семејно и друг вид насилство врз децата и насилство помеѓу децата од страна на директорот на училиштето беше предложено наставникот да биде преместен во друго училиште, а во друг случај наставникот им се извини на родителите, со што се промени и неговото однесување кон децата во училиштето. Во трет случај, постапувајќи по барање на родителот за несоодветно однесување кон детето во едно музичко училиште, наставникот беше заменет со друг. Во сите случаи Народниот правобранител бараше од Државниот просветен инспекторат или овластен просветен инспекторат да интервенира укажувајќи на целите на образованието, согласно Законот за основното образование, како и Конвенцијата на правата на детето, според која децата треба да бидат заштитени од сите облици на физичко и психичко малтретирање. Дури и во случаи кога од страна на државниот просветен испектор не било констатирано физичко или психичко насилство врз децата, на директорите им беа дадени насоки да посветат поголемо внимание на однесувањето

на наставниот и на другиот кадар спрема учениците во училиштето. Народниот правобранител ја следеше и состојбата со насилството меѓу учениците по поднесена претставка од група на родители во основно училиште, како и по сопствена иницијатива за состојбата во две средни училишта во Скопје. Во согласност со надлежностите, Народниот правобранител побара од директорите на училиштата да преземат мерки за контрола на однесувањето на учениците додека се во училиште, работа со децата од страна на педагошко-психолошката служба, како и да се планираат активности, односно предавања и работилници за надминување на конфликтните состојби и нетрпеливоста помеѓу учениците. Како одговор на укажувањата на Народниот правобранител, од страна на училиштата беа преземени мерки и меѓу другото се отпочна со реализација на изработка на Програми и протоколи за превенција и интерактивни активности за надминување на евентуалното насилство меѓу учениците.

Како и претходните години, неспорно е дека во **затворскиот систем** е присутен недостаток на финансиски средства, особено во делот за здравствена заштита на осудените лица и набавка на средства за хигиена, набавката на неопходни продукти за подготовка на разновидна храна на осудените лица и други неопходни потреби на осудените лица, кое се наметнува како една од причините за лошата состојба во овие установи. Меѓу другото, следен присутен недостаток во затворскиот систем е и слаботo управување со установите, слабите едукативни и рехабилитациски активности, како и недоволните инспекциски надзори кои би ги идентификувале реалните недостатоци и утврдување на одговорноста во постапувањето на службените лица со лицата Народниот правобранител смета дека ваквата состојба е резултат ѝ на несоодветното и непрофесионално менаџирање со казнено-поправните установи, но и на нецелосната посветеност на раководните органи и служби, што резултира со конфликтни ситуации во установите, кои во овој извештаен период особено беа видливи во Воспитно-поправниот дом Тетово кој е лоциран во Велес.

Како алармантни и загрижувачки Народниот правобранител ги оцени состојбите во ***Воспитно-поправниот дом Тетово*** кој функционира во Велес од причина што во неколку наврати во овој воспитно-поправен дом се случија сексуални злоставувања од едни спрема други малолетници сместени во Домот, а во разговор со штитениците изразија незадоволство од односот и грижата на службените лица и за истите достави информација и до Министерот за правда и до директорот на Управата за извршување на санкциите. Имено, по утврдените случаи на сексуални злоставувања меѓу малолетните лица упатени во Воспитно-поправниот дом, Народниот правобранител како Национален превентивен механизам изврши ненајавена посета и констатира низа пропусти во речиси сите сегменти на фунционирањето на овој дом, како што се условите во кои престојуваат, кадровската екипираност, здравствената заштита и спроведувањето на образовниот процес на децата кои се сместени во домот. Отсуството на образовниот процес за малолетниците кое заедно со несоодветните услови за сместување и неорганизираното слободно време придонесува за нецелосна ресоцијализација на малолетниците. Заради утврдените пропусти доставени се конкретни препораки за нивно целосно надминување. Така, со цел натамошно спречување на појавите на физички сексуални злоставувања препорачано е да се зголеми бројот на воспитувачи во секторот за ресоцијализација, со што ќе се обезбеди секојдневно присуство и континуитет во воспитниот процес, а на малолетниците да им се обезбеди практикување на слободни активности. Народниот правобранител препорача и непречено остварување на правото на здравствена заштита и преземање мерки за воспоставување образование .

Во однос на состојбата со згрижување на деца со проблеми во однесувањето, Народниот правобранител како Национален превентивен механизам (НПМ) во 2013 спроведе две последователни ***посети на Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми – Скопје*** и беше утврдено дека во оваа установа и понатаму, а спротивно на препораката на НПМ, продолжуваат да се упатуваат и згрижуваат малолетни лица сторители на кривични дела (од 14 до 18

години). При ненајавената посета беше констатирано дека од вкупно 36 малолетници недостасуваа 12. Од нив само двајца беа оправдано отсутни, а останатите десет беа во бегство. И при посетата на ЈУ „Ранка Милановиќ" беа затекнати само две лица, а останатите беа во бегство. При последователната посета утврди дека ниту едно од двете присутни малолетници не посетуваат настава. Исто така и во 2014 година, од предметното постапување на Народниот правобранител произлегува заклучок дека децата кои заради проблеми во однесувањето се упатуваат во ЈУ „25 Мај" и ЈУ„Ранка Милановиќ" повеќе се во бегство, отколку под третман и соодветна грижа во овие установи. Само како пример, две малолетнички кои со решение на надлежниот центар беа сместени во ЈУ„25 Мај" од вкупно 781 ден само 36 дена беа во установата. И Јавната установа и Меѓуопштинскиот центар го знаат проблемот, но ништо не е преземено за подобро функционирање на установите, со цел зголемување на ефектот од оваа форма на згрижување на децата која не ги дава очекуваните резултати.

## Заклучок и препораки

Малолетничката деликвенција е многу тешко прашање за решавање од причина што постојат различни млади лица со различни профили, различен соцјален статус, сложени семејни односи. Ваквите проблеми не се решаваат со некоординација на институциите меѓу кои постојат постојан компететативен притисок меѓу различните државни и локални институци како училиштата, полицијата, здравствените и социјалните центри. Прашањето кое се поставува е дали со ваквите поведенија државата треба да се соочува само преку малолетничко судство, или треба да се превземат поголеми напори за спроведување на превентивни механизми. Европските искуства покажуваат дека петте клучни идеи кои треба да се имплементираат со цел да се редизајнира малолетничкиот правосуден систем за да одговори на потребите на младите лица се:

1. Превенција на децата и учениците да не се вовлечат во криминални и незаконити дејствија;
2. Развивање на ресторативна правда;
3. Враќање во поранешната состојба треба да биде основа на казнувањето на малолетниците;
4. Изрекувањето на затвор за деца треба да биде само во крајна нужда;
5. Третман за зависници од дрога и малолетни лица со психички проблеми;
6. Поголема вклученост на јавноста во систем правда на децата.

Социолошките истражувања во рамки на Европската Унија покажуваат дека клучни ризични фактори за младите луѓе да се инволвираат во социјално девјантно односно инкриминирачко однесување се: детското агресивно однесување, слаби резултати на училиште и слабо внимание на образовниот процес, семејна историја на проблеми со антисоцијално однесување, низок степен на социјален статус, фамилијарни конфликти, разводи, лесна достапност до алкохол и дроги, и лошо социјално опкружување. Имајќи ги во предвид овие ризични фактори

науката излегува со ставот дека училиштата и семејствата имаат круцијално значење во превенциајта и заштита на децата и младите од кривично и антисоцијално однесување. Заради тоа е потребно нашиот образовен процес да се реформира во насока да стимулира и активно придонесува за врвни достигнувања на учениците, да им помага на децата да се интегрираат и да се чувствуваат како вреден дел од здравата социјална заедница (*Камбовски, Велкова, 2008).*

Исто така, е воочено, дека некои институции како што се затворите, воспитно поправните домови и обвинителствата, се уште немаат услови за современо собирање на податоци, состојба која бара промени во догледно време. Со подобрување на состојбата на собирањето на податоци и хоризонтален и вертикален проток на податоци меѓу релевантните институции би било возможно споредување на податоците и следење на индивидуалните случаи на малолетници и деца низ системот, наместо моменталните збирни бројки кои се достапни.

Имајќи предвид дека Заводот за статистика во моментот прикажува лимитиран пресек на состојбите во малолетничкото престапништво преку својата годишна публикација за сторители на кривични дела во Р. Македонија, би било пожелно, доразвиените индикатори со тек на времето да станат дел од податоците што ќе се собираат и обработуваат од страна на Заводот за статистика и ќе бидат достапни до целата јавност.

Главната хипотеза се потврдува, иако е воспоставен ефикасен систем за правда на децата, сеуште постојат одредени слабости за целосна имплементацијата на законодавната рамка и институционалните капацитети. Главните принципи и цел и заради кои е започната реформата: ресторативната правда, медијацијата алтернативните мерки и процесните гаранции, не се целосно постигнати, како и дел од воспитните мерки, односно Центарот за деца се уште не е воспоставен.

Во однос на посебните хипотези се укажува на следното,

- Првата хипотеза делумно е постигната, односно правната рамка е усогласена со новите стандарди за правата на детето. Со донесување на Законот за правда за децата, се зајакнува заштитата на децата во согласност со меѓународните стандарди, особено во однос на третманот на децата жртви и

сведоци, алтернативните санкции и бесплатната правна помош за малолетните престапници. Законот е во функција на поефикасна примена на одредбите на истиот, а со тоа и остварување на најдобриот интерес на детето, неговото воспитување и развој, како основни начело на Конвенцијата за правото на детето.

- Во поглед на втората хипотеза, Државниот совет јасно нагласува дека се потребни финансиски средства и ресурси за спроведување на Законот за правда на децата , во делот на превенцијата, средствата се обезбедуваат во рамките на финансиските средства од Буџетот на Министерството за правда, кои не се доволни со оглед на надлежностите и бројноста на активностите кои се преземаат од страна на Советот и од страна на Локалните совети за превенција, формирани од општините во Република Македонија.
- Третата хипотеза е целосно потврдена, бидејќи условите за извршување на алтернативните мерки не се целосно обезбедени. Врз основа на податоците од извештатите идентификувано е дека доста законски решенија што ги нуди Законот за правда на децата не се користат од страна на обвинителствата и судовите, како што се медијацијата, општокорисната работа и задолжително психијатриско лекување, најчесто заради објективни причини, меѓутоа и заради субјективни причини. Заради тоа е потребна континуирана работа со судовите и обвинителствата на оваа проблематика, и иницирање на создавање на услови за почеток на изготвување програми од страна на релевантните министерства кои би овозможиле користење на сите мерки предвидени во Законот.
- Во однос на капацитетите на центрите за социјална работа се потврдува дека сеуште се слаби и постои недостаток од кадровски и технички ресурси; И покрај подобрувањата во законската рамка, лошите материјални услови, недостаток на основно образование и систематска рехабилитација за малолетници лишени од слобода продолжуваат да бидат предмет на сериозна загриженост.
- Во поглед на петтата и седмата хипотеза, се потврдува дека иако во овој период се реализирани повеќе обуки за сите актери инволвирани во системот за правда на децата, сепак може да се заклучи дека не се

доволни и дел од стручните лица (судии, обвинители, адвокати, медијатори,вработени во ЦСР) сеуште немаат доволно знаење и вештини за оваа проблематиката.

- Имплементацијата на Стратегијата за малолетничко престапништво се уште не е започнат.

Државниот совет за превенција на детско престапништво и Народниот правобранител даваат препораки во правец на идни чекори за натамошно подобрување на системот за правда на децата. Препораките кои се презентирани во магистерскиот труд претставуваат сублимат на сознанијата до кои дошле овие институции, како и сознанијата кои се добиени како резултат на ова истражување.

Врз основа на добиените податоци и заклучоци се препорачува следново:

- ✓ Потребно е да се посвети внимание на систематско собирање на податоци и анализа на систмот за правда на децата, односно унифицирање и подобрување на системот на собирање, доставување и обработка на податоци од надлежнитге институциии (ЦСР, ЈОРМ, судови, ДЗС) согласно индикаторите за спроведување на Законот.
- ✓ Потребно е поголемо користење на алтернативни санкции и нестарателски мерки пред судењето
- ✓ Потребно е јакнење на капацитетите на општинските центри за превенција и создавање на материјални и кадровски предуслови за нивно функционирање
- ✓ Потребно е да се воведат постојани програми за континуирана обука
- ✓ Подобрување на условите во Воспитно поравниот дом Тетово, обука за персоналот, како и обезбедување на образование за малолетните деликвенти преку координација на Управата за извршување санкции и Министерството за образование и наука
- ✓ Востановување на програми за стручно оспособување на деца кои се на издржување на казна малолетнички затвор.

- ✓ Реновирање и опремување на сместувачките капацитети во установите за згрижување на деца,
- ✓ Рано идентификување и пружање соодветна помош и поддршка на малолетници во ризик од страна на надлежните институции.
- ✓ Во однос на работата на Центрите за социјална работа: да се поттикнат и поддржат стручните работници да ги практикуваат едукативните работилници со родители, да се развијат нови форми на третман со родителите и малолетниците, да се обучат специјализирани згрижувачки семејства, да се формираат посебни одделенија за превенција во ЦСР; развивање на групна работа ипревентивна интервенција со деца во ризик во ЦСР; проширување на менторството; да се формираат советувалишта за млади итн
- ✓ Засилена грижа, надзор и обезбедување на дополнителни занимања во установите за згрижување на деца кои ќе влијаат во воспитно–образовниот, но и корективниот процес и на тој начин намалување на повратништво.

## ЛИТЕРАТУРА


Богоевска, Н., Борнарова, С., 2013, Анализа на социјалната состојба на децата кои ја загубиле или се изложени на ризик од губење на родителската грижа во град Скопје

Димитријоска, С., 2012, Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, Скопје

Камбовски, В. 2006, Теоретски основи на Новиот законски модел на малолетничка правда, Македонска ревиза за казнено право и криминологија, бр.3

Камбовски, В., 2003, Казнено право, посебен дел, четврто издание, Скопје: Просветно дело

Камбовски, В., Велкова, Т., 2008, Малолетничка правда, документи на Обединетите нации, Закон за малолетничка правда со коментари, Скопје: 2 Август С Штип

Камбовски, В. ,1998, Меѓународно казнено право; "Просветно дело", Скопје

Димитријоска, С., 2008, Деца и млади во ризик –мерки на помош и заштита, УНИЦЕФ 2008, Скопје

Арнаудовски, Љ. 1969, Вонзаводски воспитни мерки во југословенското казнено право, Скопје: Култура

Арнаудовски, Љ. 1972, Повоениот малолетнички криминалитет, Скопје, Институт за социолошки и политички правни истражувања

Арнаудовски, Љ., 1981, Малолетничко престапништво, Скопје

Арнаудовски, Љ., 1983, Малолетничкиот криминалитет во Македонија, Скопје

Арнаудовски,Љ.,1983,Предавања по социјална патологија, Скопје: НИР Студентски збор

Арнаудовски, Љ., 2006, Малолетноста како критериум за дефинирање на казнената одговорност на децата и малолетниците, Македонска ревија за казнено право и криминологија бр.3

Арнаудовски, Љ., 2007, Криминологија

Бужаровска, Г., 2006, Малолетничка правда - од ретрибутивност кон ресторативност, МРКПК, бр.3

Велкова, Т., 1999, Повторот кај малолетните сторители на кривични дела, Штип:2 Август С

Арнаудовски, Љ., Бужаровска, Г., Нанев, Л. 2004, Стратегија за имплементација на алтернативните санкции

Бачановиќ, О., 2002, Деца во судир со законот, Правата на детето и малолетничка правда, Здружение за заштита на правата на детето

Зборник на трудови, 2008, Малолетничка правда-од идеја до практика, Скопје

Зборник на трудови, 2002, Правата на детето и малолетничка правда, Здружение за заштита на правата на детето –Скопје, Центар за детска правда:2 Август С, Штип

Рот, Н., 1963, Психологија личности, Белград

Бечин, А., 1968, О појму и називу такозване воспитне запуштености деце и омладине,

Скала, А. 1959, О васпитању деце ометене у развитоку, Београд
Бачановиќ, О., 2002, Права детета у систему малолетничког правосудства-кривичноправни положај деце и малолетника у Србији, Београд
Јашович, Ж., 1988, Малолетничка деликвенција, Београд
Периќ, О., 1979, Кривично правни положај малолетника, Београд
Периќ, О., 2007, Основни правци у развоју кривичне одговорности малолетника, Зборник радова, Београд
Sutherland, E. ,1995, Principles of Criminology, Chicago-New York
Pfeiffer, C., 1998 Trends in Juvenile Violence in European Countries, National Institute for Justice, research Preview
Cohen, A., 1961 Delinquent Boys, The Cutura of the Gang Gleucoe, The Free Press,
Glaser,D., 1956, Criminality Theories and Behavioral Images, "American Journal of Sociology"
Брегант, Л.,1968, Психолошки аспекти на воспитне запуштености
Haralambos, M., Head, R., 1980, Uvod u sociologiju,Globus, Zagre.
Zvonarević M., 1981, Socijalna psihologija, Školska knjiga, Zagreb
Fromm, E., 1989, Anatomija ljudske destruktivnosti, Napred, Zagreb
Freud , A., 2000, Normalnost i patologija dece, Prosveta,
Barnes H. Elmer, 1982, Uvod u istoriju sociologije,Beogradski izdavačko – grafički zavod, Beograd,
Dallard, J., 1957, Frustration and Aggression Yale University Press
Van Ness, D., 2005, An overview or restorative justice around the world,
Merton, E., 1965, Social Theory and Social Structure, New York
Milutinović, M., 1971, Osnovni fenomenološki i etiološki problemi omladinske delikvencije, Osvrti, Beograd
Милутинович, М., 1973, Криминологија , Београд
Периќ, О., 2005, Алтернативни мерки и санкции во новата малолетничка кривичното право, Билтен Окружниот суд Белград,
Павловиќ, Д., 2008 Малолетничка правда, Белград, 1997 година
Јовашевиќ, Д., 2008, Ставот на малолетни лица во новиот Кривичен закон на Република Србија, Зборник на трудови на Правниот факултет во Сплит, Vol. 45, 465. 486.- 485
Брочић, М., 1968, Друштвени узроци васпитне запуштености преступништва код омладине, Гледиште бр. 2 – 3, Београд
Škurić, M., 2003, Maloletnici kao učinioci i žrtve kriminala, Beograd
Dimitrijević B.,, Ličnost maloletnih delikvenata:
Zveklić, E., 2010, Fenomenologija i pojavni oplici maloletničke delikvencije, Diplomski rad, Fakultet pravnih nauka, Banja Luka
Jankovic, J., 2000, Rizicne I zastitne cinjenice u razvoju poremecaja u ponasanju djece i mladezi, Zagreb

Законски прописи

Закон за правда на децата (Службен весник на Република Македонија бр.148/2013)
Закон за малолетничка правда (Службен весник на Република Македонија, бр.87/2007, 103/2008, 161/2008 и 145/2010)

Закон за заштита на децата (Службен весник на Република Македонија, бр.98/2000;17/2003;65/2004;113/2005;98/2008;107/2008;83/2009;23/2013)
Закон за извршување на санкциите (Службен весник на Република Македонија, бр.2/2006; 33/2015)
Закон за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија, бр.150/2010 )
Кривичен законик (Службен весник на Република Македонија, бр.37/96,80/99,4/2002,43/2003,19/2004,81/2005,60/2006,73/2006,7/2008,139/2008 и 114/2009; )
Закон за судовите (Службен весник на Република Македонија, бр.58/2006. 62/2006, 35/2008 и 150/2010)
Закон за прекршоците (Службен весник на Република Македонија, бр.62/2006; 51/2011)
Закон за медијација (Службен весник на Република Македонија, бр. 188/2013)
Декларација за заштита на правата на детето (Службен весник на Република Македонија, бр.68/2003)
Декларација земја по мерка на децата (Службен весник на Република Македонија, бр.95/2005)
Програма за развој на заштита на децата 2009, Влада на Република Македонија, Скопје
Анализа за примената на законот за малолетничка правда, 2011, Скопје
Анализа за примена на Законот за малолетничка правда во Центрите за социјална работа во РМ во 2011 и 2012 година
Годишен извештај за следење на имплементацијата на Законот за малолетничка правда во Центрите за социјална работа во РМ, 2012
Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и малолетничкото престапништво во 2013 година
Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво и за состојбата во областа на правата на детето и малолетничко престапништво во 2012 година

Хелсиншки комитет за човековите права, 2006, Анализа на имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на детето во законодавството и практиката на Република Македонија, Скопје
УНИЦЕФ, 2008, Децата во Република Македонија, Скопје
УНИЦЕФ, 2010, Оценка на постигнувањата во реформите во сферата на малолетничката правда
УНИЦЕФ, 1999, Анализа на положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда
УНИЦЕФ, 2010, Правда за децата, Прирачник, Скопје
Голдсон, Б., 2008, Речник на правдата за младите
УНИЦЕФ, 2007 Прирачник за имплементација на Конвенцијата за правата на детето: Трето издание
UNODC, 2006, Прирачник за програми за ресторативна правда
УНИЦЕФ, 2010, Добри пракси и позитивни иницијативи во малолетничка правда во регионот ЦИЕ/Комонвелт на независни држави Европска мрежа за спречување криминал 2006, Преглед на добри практики при

спречувањемалолетнички криминал во Европската унија

Европска мрежа за спречување криминал, 2006, Преглед на добри практики при спречување малолетнички криминал во Европската унија (A Review of good practices in Prevention Juvenile Crime in the European Union)

<u>Меѓународни правни документи:</u>

Конвенција на ООН за правата на детето, од 12 декември 1989, А/РЕЗ/44/25

Стандардни минимални правила на ООН за спроведување на малолетничка правда (Пекиншки правила) од 29 ноември 1985, А/РЕЗ/40/33

Упатства на ООН за спречување на малолетничката деликвенција (Ријадски упатства) од 14 декември 1990, А/РЕЗ/45/112

Прописи на ООН за зашита на малолетниците лишени од слобода, (Хавански правила) од 14 декември 1990, А/РЕЗ/24/113

Стадардни минимум правила на ООН за мерки за незатварање (Токиски правила),1990

Упатства на Комитетот на министри при Советот на Европа во однос на правда по мерка на децата 2010 година

Упатства за постапувањето со децата во рамки на кривично-правниот систем 1997 година

Основни начела на ОН за употреба на програмите за ресторативна правда во кривичната сфера 2002 година

Декларација за основните начела на правда за жртвите од криминал и злоупотреба на моќ и службени овластувања 1988 година

Рамковна одлука на Советот на Европа во однос на положба на жртвите во кривична постапка 2001 година

http://www.unicef.org/videoaudio/PDFs/Conceptual_Clarity_Paper_Oct_2010.df
http://www.unicef.org/ protection/index_54229.
www.childhoodfirst.org
www.preventionaction.org
http://www.stetoskop.info/Uticaj-medija-na-maloletnicku-delikvenciju-u-Srbiji-4663-s1-content.htm
http://mk.swewe.net/word_show.htm
http://sr.wikipedia.org/
www.childhoodfirst.org
www.preventionaction.org
http://education.muprs.org/wp-content/uploads/2014/12/Zbornik-Maloljetnicka-delinkvencija.pdf
http://psiholeta.blogspot.com/2012/05/maloletnicka-delikvencija.html
http://www.psihologijanis.org/clanci/45.pdf
https://kristinacumic.wordpress.com/2013/05/15/pojam-maloletnicke-delikvencije/
http://www.childhoodfirst.org.uk/

http://www.justice.govt.nz/courts/youth/about-the-youth-court/family-group-conference
http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/childjustice/Examples%20of%20good%20practices_en.asp]
http://mstservices.com/index.php/what-is-mst/what-is-mst
www.occ.org.nz
www.justice.gov.uk/about/hmi-prisons/index.htm
www.justice.gov.uk/about/imb.htm
www.cpt.coe.int
www.cpt.coe.int
http://www2.ohchr.org/english/law/cat-one.htm
www.icrc.org